Бр. 08 Цена: 50 ден. Април 2010 год.

ISSN: 1857-6710

ЩИТ

МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

16 ГОДИНИ
ПОЛК ЗА СПЕЦИЈАЛНИ ОПЕРАЦИИ НА АРМ

НА ВРВОТ НА ПИЕДЕСТАЛОТ

СВЕЧЕНО ИСПРАТЕН КОНТИНГЕНТОТ НА АРМ

„ФЕНИКС“ ВО МИСИЈА ВО АВГАНИСТАН

Модернизација на хеликоптерите Ми–24 „Александар“

„ХИНД“ ВО НОВО РУВО

★АРМ - НАТО ★ РАПОРТИРАЊЕ ★ ОРУЖЈЕ ★ ВОЕНА ИСТОРИЈА ★ ИГРИ И СИМУЛАЦИИ ★

ПРИПАДНИК НА КОМАНДАТА ЗА ОБУКА

Содржина:

Страница 8 **ИНТЕРВЈУ СО ТРАЈКО ВЕЉАНОСКИ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Страница 4 **ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ВОЕНАТА СТРУКТУРА НА НАТО**
ВО СОГЛАСНОСТ СО НОВОНАСТАНАТИТЕ СИТУАЦИИ

Страница 21 **„КОЛТ" М–4 ВО АРМ**
ВООРУЖУВАЊЕ НА СПЕЦИЈАЛНИТЕ ЕДИНИЦИ НА АРМИЈАТА

Страница 27 **СПАСУВАЊЕ НА ЗАТРУПАНИ ОД ЛАВИНА**
ОБУКА ВО ЗИМСКИ УСЛОВИ НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА ПСО НА АРМ

Страница 35 **САМО НЕБОТО Е ГРАНИЦА**
ОД ДНЕВНИКОТ НА МИРОВНИКОТ

Страница 42 **НАТО ПОДГОТВУВА НОВ СТРАТЕГИСКИ КОНЦЕПТ**
ПОВОД: 61 ГОДИНА ОД ФОРМИРАЊЕТО НА НАТО

Страница 44 **АЛАРМОТ Е ВКЛУЧЕН**
ЕКОЛОГИЈАТА – СПАС ЗА ПРИРОДАТА И ОКОЛИНАТА

Страница 56 **ВОЕНОТО ЛИДЕРСТВО И СЕДМАТА УМЕТНОСТ**
ФИЛМОТ – ЛЕКЦИЈА ЗА КОНТИНУИРАНО УНАПРЕДУВАЊЕ

ШТИТ - Година II, број 8, април 2010 година, излегува еднаш месечно
ИЗДАВАЧ - МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ИЗДАВАЧКИ СОВЕТ
Емил Димитриев (претседател)
Генерал-мајор Насер Сеџдини, Сашко Димов, потполковник Мирче Ѓоргоски, потполковник Здравко Ризовски, потполковник Мери Ринџова, проф. д-р Ѓорѓи Малковски

ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
Здравко Ризовски, потполковник

РЕДАКЦИЈА
Билјана Иванова (технички, ликовно-графички уредник); Иван Петрушевски (новинар-соработник); Ксенија Митева (лектор); Александар Атанасов (фотографии)

КОНЦЕПТУАЛЕН КОНСАЛТИНГ, АРТ ДИРЕКЦИЈА И ДИЗАЈН
Жарко Стојановиќ, Оливер Ќурчиев, Весна Вујадиновиќ, Стефан Смиљаноски

Печати: „Европа 92" – Кочани

АДРЕСА НА РЕДАКЦИЈАТА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА - СПИСАНИЕ „ШТИТ"
ул. „Орце Николов" бб 1000 Скопје
Телефони: 02 328 24 17; 02 328 20 58
Факс: 02 3113 527; 02 3128 276
www.morm.gov.mk; E-mail: stit@morm.gov.mk

ЦЕНАТА НА ЕДЕН ПРИМЕРОК Е 50 ДЕНАРИ
ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА 600 ДЕНАРИ

жиро с-ка 0500100l 1678720
(повикување на број: 725939-10)
даночен број: 4030990271748
ТС 100000000063095

ОДГОВОР НА СОВРЕМЕНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ

По дванаесет години од донесувањето на првата Стратегија за одбрана, на предлог на Министерството за одбрана, претседателот на Република Македонија и врховен командант на вооружените сили на Македонија, ја донесе новата, втора Стратегија за одбрана на Република Македонија.

Стратегијата за одбрана на Република Македонија е документ кој дава стратегиски насоки за развојот и функционирањето на системот за одбрана на Република Македонија до 2015 година.

Стратегијата произлегува од Уставот на Република Македонија, Законот за одбрана, Стратегијата за национална безбедност и стратегиската определба на Владата на Република Македонија за интеграција во евроатлантските структури. Одбранбената политика на Република Македонија во целост ги прифати принципите, целите и задачите кои произлегуваат од Стратегискиот концепт на НАТО, од сеопфатните политички насоки на НАТО од Самитот во Рига во 2006 година и од Европската безбедносна стратегија од 2003 година.

Врз основа на проценатa на идните безбедносни закани, ризици и предизвици за националната безбедност на Република Македонија, Стратегијата ги дефинира стратегиските одбранбени мисии и насоките за нивно исполнување, дава визија за развој на способностите на Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија, ги идентификува потребните ресурси за одржување и развој на системот за одбрана и обезбедува насоки за политичка и воена интеграција во НАТО.

Стратегијата ќе придонесе за одржување континуитет на политичкиот консензус во општеството во врска со развојот на системот на одбрана, за воспоставување заедничка визија за идните одбранбени потреби и за постојано унапредување на соработката помеѓу субјектите на системот за одбрана.

Стратегијата е усогласена со обврските и одговорностите кои ќе произлезат од членството на Република Македонија во НАТО и во ЕУ. Преку активното учество во Партнерството за мир (ПзМ), Процесот за планирање и преглед на силите (ПАРП), Акциониот план за членство во НАТО (МАП) и Европската безбедносна и одбранбена политика (ЕБОП), Република Македонија воспостави широка одбранбена соработка со земјите на НАТО и на ЕУ.

Стратегијата е јавен документ и претставува основа за продолжување и унапредување на планирачкиот процес за развој на одбраната на долг рок.

Уводникот, всушност, го претставува воведот од новата Стратегија за одбрана.

Здравко Ризовски

ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ВОЕНАТА СТРУКТУРА НА НАТО

ВО СОГЛАСНОСТ СО НОВОНАСТАНАТИТЕ СИТУАЦИИ

Од формирањето на НАТО–алијансата во 1949 година па сè до денес се извршени неколку важни трансформации на воената командна структура на НАТО на стратегиско и на оперативно ниво како одговор на наметнатата потреба од поефикасно раководење и командување во согласност со новонастанатите ситуации во Европа и во светот.

ИСТОРИЈА НА ТРАНСФОРМАЦИЈАТА

Врховната здружена команда на НАТО (SHAPE) е формирана на 2 април 1951 година во Ронкуенкорт, Франција, како дел од напорите за формирање на интеграција и ефективност на НАТО–воените сили. Во 1967 година, со повлекувањето на Франција од воената структура на НАТО, SHAPE се преместува во Монс, Белгија.

Лондонската декларација од јули 1990 година претставува клучен момент за историјата на Алијансата и води кон прифаќање на нов Заеднички стратегиски концепт кој е создаден во ноември 1991 година и претставува рефлексија на пошироко сфаќање на заканите по безбедноста. Со овој концепт од тогашната интегрирана воена структура се поминува на заедничка структура на сили, командна структура и заедничка инфраструктура.

Во суштина поранешната командна структура од времето на Студената војна со 78 команди се трансформира на 20 команди со две стратегиски команди, една за Атлантикот – SACLANT (со 3 регинални команди) и една за Европа – SACEUR (со 2 регионални команди).

За време на НАТО–самитот во Прага во 2002 година НАТО–воената структура повторно се трансформира и го има денешниот лик. Поранешната Здружена команда за Европа (ACE) станува Здружена команда за операции (ACO), додека Здружената команда за Атлантикот (ACLANT) станува Здружена команда за трансформација (ACT).

СЕГАШНА ВОЕНА СТРУКТУРА

НАТО–воената структура на стратегиско ниво опфаќа две здружени команди и тоа: Здружена команда за трансформација (Allied command Transformation - ACT) со седиште во Норфолк,САД, и Здружена команда за операции (Allied command Operations – ACO) раководена од SHAPE во Монс, Белгија.

На оперативно ниво Здружената команда за операции се состои од две Заеднички команди на сили (Брунсум и Неапол) и Заедничка команда (Лисабон).

На тактичко ниво секоја од двете заеднички команди на сили во својот состав имаат по три компонентни команди (копно, море, воздух) и по два оперативни центри за воздушни операции.

СОСТАВ НА ВОЕНИТЕ СИЛИ (NFS)

Составот на воените сили на НАТО за изведување операции го сочинуваат единици на рамниште на корпус: Првиот корпус (германско-холандски: **1 GE/NL CORPS**); Еврокорпусот (Шпанија, Франција, Белгија, Холандија и Германија: **EUROCORPS**); Здруженият корпус за брзи реакции (В. Британија: **ARRC**); Корпусот за брзи реакции (Франција: **RRC**); три корпуси за брзо распоредување (Италија, Турција, Шпанија: **NRDC**); три корпуси за распоредување (два од Полска и еден од Грција: **NDC**) и Мултинационален корпус „североисток" (САД, Литванија,

1. ЗА ВРЕМЕ НА НАТО–САМИТОТ ВО ПРАГА ВО 2002 ГОДИНА НАТО–ВОЕНАТА СТРУКТУРА ПОВТОРНО СЕ ТРАНСФОРМИРА И ГО ДОБИВА ДЕНЕШНИОТ ЛИК

2. ВОЈНИК НА АРМИЈАТА НА САД ВО ПАТРОЛА НА ПЛАНИНИТЕ ВО АВГАНИСТАН

1

★ од КИРЕ АНДОВ

Естонија, Латвија, Данска, Словачка, Германија: **MNC-NE**).

ИДНАТА ВОЕНА СТРУКТУРА

На стратегиско рамниште SACEUR, поддржуван од SHAPE, секогаш ќе биде стратегиска команда за НАТО–операции.

На оперативно рамниште командувањето ќе биде предложено од Врховната команда (SACEUR), поддржано од Воениот комитет (МС) и одобрено од Северноатлантскиот совет (NAC). Воедно, трите идни заеднички команди на сили во Неапол, во Брунсум и во Лисабон, во иднина ќе бидат оспособени да раководат со своите состави со употреба на Заедничките штабови за распоредување (DJSE).

Со оваа нова структура, НАТО се обврзува да обезбеди вкупно 6 Заеднички штабови за распоредување (DJSE): по два штабови за распоредување во секој команден штаб во Мадрид и во Хајделберг (вкупно 4); два штабови за распоредување кои ќе се формираат од составот на НАТО–структурата на воените сили (NFS) составена од НАТО–корпуси.

Заедничките команди на сили во Неапол и во Брунсум се обврзуваат да раководат со по една операција на стратегиско рамниште или водење на големи зеднички операции (MJO) и до две операции на оперативно–тактичко рамниште или водење на мали заеднички операции (SJO). Заедничката команда во Лисабон ќе биде одговорна за раководење со најмногу две операции на оперативно–тактичко рамниште или за водење на мали заеднички операции (SJO).

На шемата број 2 подолу е прикажана новата структура на НАТО.

2

ПЕРИОДИ НА ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ШТАБОТ НА НАТО ВО МАДРИД

Од формирањето на НАТО–штабот во Мадрид досега се извршени неколку трансформации.

Првата команда, формирана од страна на НАТО во Мадрид, беше Заедничката команда на НАТО за Југозапад (JCS) формирана во септември1999 година која за време на постоењето реализираше неколку НАТО/ПзМ–вежби и даде персонал во мисиите на НАТО на Балканот.

На Самитот на НАТО во Прага, и новата структура на НАТО во јули 2004 година, Заедничката команда за Југозапад се трансформира во Копнена команда Мадрид (CC-Land Madrid), под команда на Заедничката команда на силите за Јужното крило на НАТО (JFC Naples) во Неапол. Како таква Копнената команда – Мадрид, имаше значајна улога во структурата на НАТО во последните години со оглед на тоа дека уште само во Хајделберг, Германија (CC Land Heidelberg- JFC Brunssum) постоеше команда на копнените сили. Како

главна команда за копнени операции, Копнената команда – Мадрид од јануари до јули 2008 година со персонал од приближно 80 луѓе учествуваше во мисијата ИСАФ во Авганистан.

Структурата на Копнената команда – Мадрид ја сочинуваат командант, заменик на командантот, началник на штабот, директор на штабот и секции од 1 до 9 со кои раководат двајца заменици на началникот на Штабот за операции (Г-2, Г-3, Г-5, Г-7, Г-9, Г-инж) и поддршка (Г-1, Г-4, Г-6, Г-8 и штаб за поддршка).

Последната трансформација на НАТО се изврши на почетокот на 2010 година при што Копнената команда (CC-Land) се трансформираше во Команден штаб на сили (Force Command HQ – Madrid).

Со новата организациска поставеност се започна во јануари годинава, но официјално таа започна да функционира од март, термин што сите земји–членки на НАТО требаше да го одобрат.

КАРАКТЕРИСТИКИ НА НОВАТА СТРУКТУРА НА КОМАНДНИОТ ШТАБ НА СИЛИТЕ – МАДРИД

Команден елемент на оперативната структура на Командниот штаб на силите е Главната команда која вкупно брои 40 луѓе и таа секогаш останува да работи во мирновременски услови и не се распоредува во зоната на операции.

Основна карактеристика на новата структура е непостоењето на секции (Г-1 до Г-9) раководени од двајцата заменици на началникот на Шта-







шема
4



бот за операции и логистика, а наместо нив се формирани два Заеднички штабови за распоредување (DJSE). Штабовите се формирани така што едниот работи во мирновременски услови додека другиот штаб или се подготвува или раководи со операција во зоната на употреба.

Во случај на извршување на операција Главниот командeн елемент (командант и личен штаб) за секој од овие два распоредливи штабови во Мадрид го дава една од заедничките команди во Неапол или во Лисабон во зависност од тоа која команда била одговорна да командува за време на подготвителниот период и при добивањето на почетната и на полната оперативна готовност.

Штабот, во мирновремески услови, додека трае транзицијата (јули 2010), е составен од Директорат за операции (секции: политика доктрина и планови, воена соработка, обука и вежби и врски) и Директорат за ресурси (секција за логистика, штаб за поддршка, секција за персонал и буџет). По завршувањето на периодот на транзицијата Командниот штаб на сили (FC HQ-Madrid) ќе го сочинуваат Главната команда и двата Заеднички штабови за распоредување. Распоредувањето на секој штаб во зоната на операции е минимум една година.

Структурата на овие распоредливи штабови е потполно иста и брои 2x205 луѓе разместени во 3 ќелии и тоа: Заеднички истурен штабен елемент (Joint HQ FWD Element), Заедничко логистичко јадро за поддршка (JLSG Core Staff Element) и Истурен елемент за поддршка (Forward SPT Element).

Во согласност со новата структура Командниот штаб на силите – Мадрид ќе брои вкупно 450 луге (40 команда + 2x205). Во втората половина од 2009 година Заедничкиот штаб за распоредување -2 (DJSE - 2), постигна полна оперативна способност за време на НАТО–вежбата „Непоколеблив спој 2009“ (Steadfast Juncture), додека Зедничкиот штаб за распоредување–1 (DJSE–1), ќе се подготвува да добие почетна оперативна способност за време на НАТО–вежбата „Благородна визија–2010“ (Noble Vision).

МИСИЈА И ЗАДАЧИ

Основна мисија на Командниот штаб на сили е да обезбедува обука и подготовка за распоредување на заедничките штабни елементи, како и да обезбедува поддршка во планирањето и во командувањето на копнените операции при реализација на главните заеднички операции предводени од Заедничката команда во Неапол.

Покрај основната мисија да подготвува два штаба за распоредување за учество во мисии, Командниот штаб на силите – Мадрид реализира и други задачи како што се:

- учество во НАТО–водени операции;
- формирање на работни групи за копнени сили на јужното крило на НАТО;
- оценување на борбената способност на копнените корпуси (CREVAL);
- интеграција со мобилни тимови и подготовка на НАТО–вежби;
- индивидуална и заедничка обука;
- помош и интеграција на новите членки на НАТО;
- воена соработка (PfP, MD, ICI) и друго.

К Р А Т Е Н К И

SHAPE – Supreme Headquarters Allied Power Europe
SACEUR – Supreme Allied Commander Europe
SACLANT – Supreme Allied Command Atlantic
ACO – Allied Command operations
ACT – Allied Command Transformation
ACE – Allied Command Europe
JCSW – Joint Command Southwest
CC Land – Component Command Land
DJSE – Deployable Joint Staff Element
Joint HQ FWD Element – Joint Headquarter Forward Element
JLSG – Joint Logistic Support Group
SPT – Support
COM FC HQ – Commander Force Command Headquarter
COS FC HQ – Chief of Staff Force Command Headquarter
PAO – Public Affair Officer
LEGAD – Legal Advisor
MC – Military Committee
NAC – North Atlantic Council
CREVAL – Combat Readiness Evaluation
PfP – Partnership for peace
MD – Mediterranean Dialog
ICI – stanbul Cooperation Initiative
NFS – NATO Force Structure
MNC-NE – Multinational CORPS Northeast
NRDC – NATO Rapid Deployable CORPS
NDC – NATO Deployable CORPS
RRC – Rapid Reaction CORPS
ARRC – Allied Rapid Reaction CORPS

ШЕМА 1. СЕГАШНАТА ВОЕНО-КОМАНДНА СТРУКТУРА НА НАТО

ШЕМА 2. ИДНАТА ВОЕНОКОМАНДНА СТРУКТУРА НА НАТО

ШЕМА 3. СТРУКТУРАТА НА КОПНЕНАТА КОМАНДА – МАДРИД (CC-LAND)

ШЕМА 4. СТРУКТУРАТА НА КОМАНДНИОТ ШТАБ НА СИЛИТЕ (FC HQ-MADRID)

3. ГЕНЕРАЛ ДЕЈВИД ПЕТРЕУС

ПРОФЕСИОНАЛИЗМОТ НА ОСНОВА НА СОБРАНИСКИОТ КОНСЕНЗУС

ИНТЕРВЈУ

СО ТРАЈКО ВЕЉАНОСКИ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ГОСПОДИНОТ ТРАЈКО ВЕЉАНОСКИ ЦЕЛАТА СВОЈА ДОСЕГАШНА КАРИЕРА ЈА ПОСВЕТИЛ НА ПРАВОТО И ЛЕГИСЛАТИВАТА, ОБЛАСТ ВО КОЈА ИМА ЕКСТЕНЗИВНО ТЕОРЕТСКО ЗНАЕЊЕ, НО И ИСКУСТВО И ПРАКТИЧНО ЗНАЕЊЕ, СТЕКНАТО ВО ТЕКОТ НА НЕГОВАТА АДВОКАТСКА КАРИЕРА И ИЗВРШУВАЊЕТО НА ГОЛЕМ БРОЈ ФУНКЦИИ, МЕЃУ КОИ И КАКО ПОТСЕКРЕТАР, А ПОДОЦНА И КАКО ЗАМЕНИК-МИНИСТЕР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ПРАВДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА. ПО ПАРЛАМЕНТАРНИТЕ ИЗБОРИ ВО 2006 ГОДИНА, УЧЕСТВУВА ВО РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО, НА ПЛЕНАРНИТЕ СЕДНИЦИ КАКО ПРАТЕНИК, А ВОЕДНО И КАКО ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИСКАТА КОМИСИЈА ЗА ПРАШАЊА НА ИЗБОРИ И ИМЕНУВАЊА. ДВЕ ГОДИНИ ПОДОЦНА, ВО 2008 ГОДИНА, ЈА ПРЕЗЕМА ФУНКЦИЈАТА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЗАСТАНУВА НА ЧЕЛО НА НАЈВИСОКОТО ЗАКОНОДАВНО ТЕЛО ВО ДРЖАВАТА

Господине Вељаноски, Вие сте претседател на една од најважните институции во Република Македонија – Собранието на РМ, претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт во Републиката. Деновиве во Собранието беше донесен новиот Закон за служба во АРМ. Генерално, колку сте задоволни од динамиката на донесувањето на законите, особено на законите од областа на одбраната?

– Закони најчесто се носат на предлог на Владата, односно на предлог на ресорното министерство кое ги подготвува. Исто така, како предлагач на закон може да се појават и пратениците, како што е на пример Законот за лустрација.

АРМ –

Со донесувањето на Законот за Воената академија во Собранието на РМ се овозможи и правна основа за рестартирање на Воената академија. Дали според Вас едуцирањето на кадри за потребите на одбраната позитивно влијае врз подобрувањето на кадровскиот потенцијал во таа област?

– Убеден сум дека и овој закон е предложен врз сериозни анализи на Министерството за одбрана со цел да се зајакне одбранбената моќ на АРМ, но и заради потребите кои произлегуваат од учеството на нашите војници во мировните мисии за кои добиваме признанија од најголемите армии како што е армијата на САД, но и од други членки на НАТО. Јас не сум експерт за одбрана, но знам дека во која било дејност, посебно денеска кога науката и технологијата одат многу брзо напред, потребни се високообучени кадри. Убеден сум дека Воената академија со својот потенцијал ќе продуцира кадри кои во секое време ќе можат да одговорат на своите задачи на полето на одбраната и на нашите меѓународни обврски, особено кога и формално ќе станеме членка на НАТО.

Каков е односот на политичките партии кон законите од областа на одбраната? Постои ли конструктивен пристап на политичките партии во однос на дискусиите за законите од областа на одбраната?

– Иако понекогаш, ајде да употребам воена терминологија, пратениците „пукаат со тешка артилерија", сепак, мислам дека имаат конструктивен пристап кога станува збор за закони од областа на одбраната бидејќи, како што реков, тоа се принципите на парламентарната демократија, да се артикулираат различни, но легитимни интереси.

Во Собранието на РМ се донесува одлуката за испраќање на припадници на АРМ во меѓународни мисии. На јавноста ѝ е познат широкиот политички консензус што постои во државата на оваа тема. На што според Вас се должи овој политички консензус?

– Токму така. Јас би рекол со целосен консензус во Собранието на Република Македонија се носат одлуките за испраќање на припадници на АРМ во меѓународните мисии. Вие знаете дека стратегиска определба на Република Македонија се евроатлантските интеграции, односно полноправно членство во НАТО и во ЕУ. Исто така, македонската јавност добро знае дека ние ги исполнивме сите услови за полноправно членство во НАТО а, исто така, сите знаеме зошто бевме блокирани од нашиот јужен сосед на самитот во Букурешт. И после Букурешт македонската јавност, а и сите релевантни политички партии, не се откажаа од оваа наша стратегиска определба. Република Македонија, односно нашите припадници на АРМ, многу успешно учествуваат во повеќе мировни мисии ширум светот, со што многу јасно ја покажуваме нашата одговорност за светскиот мир. Мислам дека токму на овие факти се должи овој политички консензус во Собранието на Република Македонија кога станува збор за испраќање на припадници на АРМ во мировните мисии.

Во Вашите постојани контакти со претставниците на меѓународната заедница сигурно, меѓу другото, разговарате и за одбраната. Како влијае врз меѓународниот углед на Република Македонија нашето континуирано учество во меѓународните мисии?

– Пред една недела кај нас беше делагација на словенечкиот Парламент предводена од мојот колега, д-р Павел Гантар. Во разговорите тој самиот го спомена нашето учество во мировните мисии, дури точно знаеше дека според бројот на нашите војници во Авганистан, споредено со бројот на населението, ние сме меѓу првите земји-придонесувачи, а како што и самиот рече, тоа е импресивно, а вие знаете дека Словенија е членка на НАТО. Инаку, скоро во сите мои средби и разговори со претставници

Но да се вратам на прашањето. Генерално гледано јас сум задоволен со динамиката на донесувањето на законите. Имено, Деловникот за работа на Собранието на многу прецизен начин ја определува динамиката на целиот процес на донесување закони. Секако, во таа процедура во комисиската расправа политичките партии легално и легитимно преку расправа и амандмани сакаат во тие закони да вградат и свои, би рекол, видувања, па ако сакате и свои ставови кои произлегуваат од нивните политички програми. Сепак, наша основна цел, тука мислам на Владата како предлагач и на пратениците, е да се донесат квалитативни закони.

на меѓународната заедница или со моите колеги-претседатели на парламенти, тие секогаш го истакнуваат нашето високопрофесионално и ефикасно учество во мировните мисии. Знаете, многу од нив знаат да речат дека ние вие навистина формално не сме членка на НАТО, но дека тие на нас гледаат како да сме, и така се однесуваат кон нас. Затоа јас лично како претседател на Собранието на Република Македонија, а и како граѓанин, навистина сум горд на припадниците на АРМ кои учествуваат во мировните мисии и кои со својот професионализам најдобро ја промовираат Република Македонија како сериозен субјект на меѓународната заедница кој одговорно си ги извршува своите обврски кога станува збор за зачувување на мирот и за справување со предизвиците кои го загрозуваат светскиот мир.

Со донесувањето на новиот деловник за работа, главната расправа за донесувањето на законите се префрли во комисиите. Каков е резултатот од оваа промена и во колкава мера Комисијата за одбрана и безбедност при Собранието на РМ ја остварува својата функција на еден вид филтер на законите од областа на одбраната и безбедноста?

– Еден од основните принципи на парламентарната демократија е таканаречената цивилна контрола врз вооружените сили, а тоа го прави Парламентот, односно надлежната комисија. Комисијата за одбрана и безбедност на Собранието на Република Македонија оваа контролна функција ја извршува според оние стандарди кои денеска се во сите државичленки на НАТО, односно во сите вистински демократски држави. Тоа беше и еден од клучните услови, покрај реформите на Армијата, да ни се признае дека ние ги исполнуваме условите за членство во НАТО. Инаку, со новиот Деловник за работа мислам дека со јакнењето на улогата на собраниските комисии во процесот на донесување на законите направивме квалитетен чекор токму во јакнењето на парламентарната демократија, во политичкиот дијалог и во носењето на квалитетни закони. Тоа сите ни го признаваат. Ќе го споменам извештајот на Европската комисија за напредокот на Македонија каде што децидно беше истакната позитивната улога на Собранието. За ова, како што повеќепати сум кажал досега, заслужни се сите пратеници и сите парламентарни партии.

Господине претседател, Република Македонија, иако ги исполни потребните критериуми за членство, сепак, сè уште не е дел од НАТО. Кога очекувате на дневниот ред на Собранието да биде ставена точката за ратификација на Договорот за членство на Република Македонија во НАТО?

– Евроатлантските интеграции се неминовни. Факт е дека тие можат да бидат забавени, но секако ќе се случат. Нашиот јужен сосед го блокира нашето членство во НАТО, како што го одложи и добивањето на датум за започнување на

преговорите со ЕУ, иако и за ова имавме препорака од Европската комисија. Но јас сум оптимист, а тој оптимизам го темелам на реални факти. Ние продолжуваме со преговорите околу изнаоѓање решение со нашиот јужен сосед кои се водат со посредништво на господинот Нимиц. Исто така, ние продолжуваме со сите потребни реформи, продолжува и нашето учество во мировните мисии. Сето ова ми дава за право да бидам реален оптимист и да очекувам оваа година да станеме членка на НАТО, односно во Собранието на дневен ред да дојде ратификацијата на Договорот за членство во НАТО.

Што очекувате во 2010 година на политичката сцена во Република Македонија?

– Прво како граѓанин очекувам годинава да излеземе од глобалната економската криза која ги погоди речиси сите држави, па дури и оние кои важат за економски велесили. Како претседател на Собранието очекувам заедно со сите пратеници, но и со Владата и со другите институции, да продолжиме со потребните реформи кои нè водат во ЕУ, односно очекувам 2010 година да биде успешна година во остварувањето на нашите стратегиски определби. Сето тоа налага многу работа и ангажман, но ние за тоа и бевме избрани од граѓаните и затоа сме одговорни пред нив.

Здравко Ризовски/
Иван Петрушевски

ИНФО

СВЕТЛА ИДНИНА СО НАТО

Командантот на Здружената команда на НАТО во Неапол, адмиралот Марк Фитцџералд, Декларираните сили на АРМ ги оцени како добро обучени и подготвени за учество во секаква мисија и на Македонија і претскажа „светла иднина со НАТО".

„Работата и операциите на војниците на АРМ во Ирак беа извонредни. Мислам дека научените лекции во Ирак и обуката која ја изведоа во „Криволак" заедно со Националната гарда на Вермонт од САД, како и опремата со која ќе бидат распоредени ќе ги направи војниците да бидат успешни во мисијата во Авганистан која е од голема важност", изјави адмиралот Фитцџералд, по средбата со министерот за одбрана, Зоран Коњановски и со началникот на ГШ на АРМ, генерал-потполковник Мирослав Стојановски.

Министерот за одбрана, Зоран Коњановски, рече дека на средбата со адмиралот Фитцџералд разговарале за достигнувањата на Министерството за одбрана и на АРМ, за реформите, како и за идните партнерски цели. Делегацијата на воениот полигон „Криволак" ги посети припадниците на АРМ кои се наоѓаат на обука пред претстојното упатување во Авганистан заедно со припадниците на Националната гарда на Вермонт, САД. Во рамките на посетата, делегацијата од НАТО беше примена и од премиерот Никола Груевски.

2
ХИПЕРАКТИВНА ОДБРАНБЕНА СОРАБОТКА

„Министерствата за одбрана на Македонија и на Словенија имаат хиперактивна одбранбена соработка, а билатералните планови се исполнети со голем број активности кои во голем дел се успешно завршени". Ова беше заклучокот од „тет-а-тет" средбата во Љубљана на словенечкиот министер за одбрана Љубица Јелошич и на македонскиот министер за одбрана Зоран Коњановски, што се одржа на 19 март во рамките на тридневната официјална посета на Словенија.

Министрите Коњановски и Јелошич, најавувајќи над 20 активности во рамките на потпишаната билатерална Програма за соработка за 2010 година, потенцираа дека тоа е вистинскиот пат за да се стигне до подобра обучена и посовремена армија, но и администрација. Во врска со НАТО, заедничка е констатацијата дека многу е поважно самите реформи да зборуваат за армиите на двете земји. Министерот Коњановски упати благодарност за континуираната поддршка од Словенија во напорите на Македонија за полноправно членство во Алијансата.

3
НОВ ЗАКОН ЗА СЛУЖБА ВО АРМ

Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 12 март го донесе новиот Закон за служба во Армијата на Република Македонија.

Со овој закон се уредуваат статусот, правата, обврските, должностите и одговорностите на персоналот во служба на Армијата на Република Македонија, како и системот на плати и надоместоци на плати и други прашања во врска со службата во Армијата.

Под служба во Армијата се смета вршење воени должности во Армијата. Исто така, како служба во Армијата, во согласност со овој закон, се смета и вршење должности во: Министерството за одбрана, Воената академија, другите органи на државната власт, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, воените претставништва на Република Македонија во странство, учество во вежбовни активности и обука, учество во хуманитарни или мировни операции надвор од територијата на Република Македонија, како и должности во мултинационални воени сили формирани во согласност со ратификувани меѓународни договори кои Република Македонија ги склучила или им пристапила.

4
КОНТИНУИРАНА ПОДДРШКА

Министерот за одбрана на Република Македонија, Зоран Коњановски, оствари средба со новиот амбасадор на Република Франција во Република Македонија, Жан Клод Шлумбергер.

На првата средба на министерот Коњановски со новиот француски амбасадор беше потврдено заемното задоволство поради исклучително успешната и богата билатерална соработка помеѓу двете земји во областа на одбраната и беше истакната благодарноста за постојаната поддршка во областа на одбранбената соработка што Република Македонија ја добива од Република Франција.

Во рамките на средбата од страна на министерот Коњановски беше презентиран фактот за продолжувањето на реформите во МО и АРМ, зголемувањето на учеството на АРМ во мисии во странство, останување на определбата за ЕУ и НАТО–интеграциите, како и ангажманот во регионот и нашиот придонес за негова стабилност.

Во тој контекст амбасадорот Шлумбергер искажа признанието за реализација на заложбите и воедно беше истакнато дека местото на Република Македонија е во ЕУ и во НАТО.

5
ДОНАЦИЈА ОД НР КИНА

Министерството за одбрана на Република Македонија доби донација во компјутерска опрема вредна 300.000 евра од Народна Република Кина.

Министерот за одбрана, Зоран Коњановски, по потпишувањето на Договорот со амбасадорот

на НР Кина, Донг Чунфенг, истакна дека донацијата значи продлабочување на соработката во областа на одбраната меѓу двете министертва, но и меѓу двете земји.

Министерот Коњановски информира дека во тек се проекти за логистички и за глобален информатички систем кои чинат од шест до седум милиони долари и оти Министерството оди чекор напред со информатичката технологија. „Донациите од пријателските земји многу ни значат за заокружување на целокупната мрежа на информатичката соработка меѓу секторите, Министерството за одбрана и службите во АРМ, што е наш врвен приоритет“, рече министерот Коњановски.

Со надеж дека опремата ќе биде од полза за развојот на македонскиот одбранбен систем, амбасадорот на НР Кина во Македонија, Донг Чунфенг, изрази очекување дека добрите пријателски односи и соработката меѓу двете армии ќе се подигнат на уште повисоко ниво. „Убедени сме дека преку заедничките напори можеме да ја унапредиме натамошната соработка. Целокупниот развој на билатералните односи во различни полиња е константна политика на кинеската влада. Односот меѓу двете армии е важен дел од развојот на односот меѓу двете земји со цел да се подобрат врските и да се даде поддршка на процесот на модернизацијата во македонскиот одбранбен систем“, рече амбасадорот Чунфенг.

Соработката меѓу двете министерства, како што посочија министерот Коњановски и амбасадорот Чунфенг, ќе продолжи и понатаму.

Ова е трета донација во компјутерска опрема обезбедена од Народна Република Кина.

6
ПАРП–БИЛАТЕРАЛНИ КОНСУЛТАЦИИ

На 9 и 10 март, во Домот на АРМ во Скопје, се одржаа редовните ПАРП–билатерални консултации помеѓу Република Македонија и НАТО. Дводневните консултации ги водеше државниот секретар во МО, Петар Есмеров, а учествуваа претставници од Министерството за одбрана, од ГШ на АРМ, претставници од другите државни институции инволвирани во ПАРП–процесот, воените аташеи во Република Македонија од НАТО и од ПзМ–земјите, како и претставници од НАТО–советодавниот тим и од тимот на „Буз Ален Хамилтон“.

За време на консултациите беше разгледан напредокот во одбранбените реформи од последната ПАРП–процена за Република Македонија за 2009 година, напредокот во имплементацијата на пакетот „Партнерски цели 2008“, како и новиот нацрт-пакет „Партнерски цели 2010“.

Во рамките на посетата, тимот на НАТО оствари средба и со заменик-министерот за одбрана, Емил Димитриев, и со началникот на ГШ на АРМ, генерал-потполковник Мирослав Стојановски.

7
ТРЕТО ПРВЕНСТВО НА АРМ ВО КРОС-КАНТРИ ТРЧАЊЕ

Во организација на Генералштабот на АРМ, на 25 март на којшто на реката Вардар се одржа Третото првенство на АРМ во крос-кантри трчање на 12 km во машка и на 6 km во женска конкуренција. Кросот се одржа на патеката од Воениот стадион до мостот Обединети нации и назад, а учествуваа натпреварувачи од сите единици на АРМ.

Атлетската дисциплина во крос-кантри е сè повеќе прифатена кај припадниците на АРМ што придонесе за постигнување на забележителни резултати на Армијата како на учеството на меѓународните атлетски воени првенства така и на атлетските натпреварувања во Македонија. Покрај дисциплините за освојување на пласман во рамките на АРМ, за првпат беше организиран и ревијален натпревар во трчање на 6 km во конкуренција на ветерани на АРМ, а на натпреварот зедоа учество воени и цивилни лица со над 40-годишна возраст.

Со масовното учество на Третото првенство во крос-кантри, припадниците на АРМ уште еднаш во практика покажаа како се изградува физичката кондиција и спортскиот дух како неопходни фактори за здрав живот и за успешно извршување на задачите.

8
„НАТО–ВОДЕНИ ОПЕРАЦИИ ЗА ПОДОФИЦЕРИ“

Инструктори од Здружената оперативна команда на НАТО од Неапол, од 8 до 12 март изведоа курс со подофицери од АРМ на тема: „НАТО–водени операции за подофицери“, чија цел беше подобра подготовка на подофицерите од единиците и од командите на АРМ за водење заеднички операции со партнерите при извршување на мисии. Курсот се реализираше во Регионалниот тренинг–центар за комуникации.

Курсот го отвори заставникот Бобан Стојановиќ, главен подофицер на АРМ, кој во своето излагање посебно ја нагласи важноста на улогата и на подготовката на подофицерите при извршување мисии и заеднички операции со партнерите од НАТО. Главниот подофицер на АРМ нагласи дека мисијата на овој курс ќе биде да се подобрат вештините за менаџирање на малите состави при спроведувањето на програмите за обука во единиците на АРМ. Тој, исто така, ги потсети слушателите на курсот дека ќе им биде обврска стекнатите знаења да ги пренесат и да ги поделат со останатите подофицери од единиците на АРМ, а воедно да ги информираат своите претпоставени за научените лекции од курсот.

9
ИНСПЕКЦИЈА НА ВОЗДУХОПЛОВНИОТ ВИНГ

Инспекција во согласност со Виенскиот договор на 10 март го посети воздухопловниот ВИНГ на аеродромот „Александар Велики“ во Скопје. Инспекцијата беше спроведена на барање на Словенија, а како учесник беше поканета и Чешката Република. Тимот на инспектори го сочинуваа мајор Цента Алес – лидер на тимот за оценување, капетанот Козух Марко од Словенија и мајорот Фојт Томас од Чешката Република. По пристигнувањето во воздухопловниот ВИНГ се одржа информативен брифинг на кој оценувачите се запознаа со единицата, со нејзината формациска поставеност и со опременоста. Оценувачите ги посетија борбениот и транспортниот хелокоптерски сквадрон, како и хангарот на сквадронот за воздухопловно-техничко обезбедување. Потоа на централното воено стојалиште беше организиран тактичко-технички збор на кој беа презентирани сите типови воздухоплови со кои оперира воздухопловниот ВИНГ. По проследувањето на показната вежба со оценувачите беше направен панорамски лет со хеликоптерот Ми-8/17.

Борче Манев

10
ХУМАН ГЕСТ

Со заедничка акција на Министерството за одбрана и на Министерството за внатрешни работи деновиве беа спасени двајца албански граѓани кои илегално ја преминаа македонско-албанската граница во поширокиот реон на Тануше, Дебарско.

Во текот на попладневните часови на 14 март, дел од припадниците на МВР беа распоредени во реонот на манастирот „Св.Јован Бигорски“, меѓутоа заради влошените временски услови во текот на денот хеликоптерот на АРМ со кој се вршеше пребарување на затрупаните граѓани мораше да се врати назад во Скопје. Наредниот ден заедничката акција за спасување беше продолжена, при што двајцата илегални минувачи на државната граница

беа лоцирани, беа извлечени од јамата во која беа пропаднати и беа префрлени во Медицинскиот центар во Дебар. По укажаната лекарска помош двајцата албански граѓани беа вратени во матичната држава.

Ова е доказ дека соработката меѓу двете министерства е на високо рамниште, што, секако, ќе продолжи и во иднина.

На 24 март, министерот за одбрана на Република Македонија, Зоран Коњановски, и началникот на Генералштабот на АРМ, генерал-потполковник Мирослав Стојановски, ги примија припадниците на Баталјонот за специјални намени кои учествуваа во акцијата за извлекување на заглавеното лице во колекторскиот систем на рудникот Бучим.

На средбата, министерот за одбрана им се заблагодари на припадниците на Баталјонот за специјални намени за нивното несебично залагање и за одлично завршената акција, истакнувајќи дека и со оваа акција припадниците на Баталјонот за специјални намени уште еднаш на дело ја потврдија својата одлична подготвеност и вештини за акции во најразлични услови. И оваа акција претставува потврда за одличниот степен на подготвеност кој го поседуваат припадниците на АРМ, како и пример дека и во иднина треба да се продолжи со инвестирање во процесот на обука и овозможување неопходни услови за обука.

Припадниците на Баталјонот за специјални намени пред министерот и пред началникот на ГШ на АРМ информираа за целиот тек на акцијата во колекторскиот систем на рудникот Бучим, истакнувајќи дека и покрај исклучително лошите услови акцијата е завршена според предвидениот план за многу кратко време.

За несебичното залагање и

успешно остварените резултати во акцијата на планината Кораб, како и во акцијата за спасување кај рудникот Бучим, министерот за одбрана, Зоран Коњановски, на припадниците на Полкот за специјални операции на АРМ и на припадниците на воздухопловниот ВИНГ им додели пофалници. Воедно, на Противпожарната бригада на град Скопје и додели благодарница.

11
66-ГОДИШНИНА ОД ФЕВРУАРСКИОТ ПОХОД

И оваа година на 22 февруари во месноста Камила – Извор, на спомен-обележјето на загинатите борци од НОБ беше одбележана 66-годишнината од Февруарскиот поход, значаен историски чин, особено за Велешкиот регион. По тој повод претставници на Командата за обука на споменикот на паднатите борци положија букет свежо цвеќе, а покрај нив, на овој собир, зедоа учество и претставници на други делегации.

На овој начин припадниците на АРМ од Велешкиот гарнизон со достојна почит продолжуваат да ги негуваат традициите на Боречката организација на градот Велес.

С. Николовска

12
ПОСЕТА НА СПЕЦИФИЦИРАНА ОБЛАСТ

Командата за обука на 10 февруари оваа година беше посетена од инспекторски тим, односно инспекција на специфирана област составена од Вооружените сили (ВС) на Република Србија – тројца инспектори, со гостин-инспектор од ВС на Кралството Данска, од ВС на Република Бугарија – четворица инспектори и од ВС на Република Русија – четворица инспектори. Екипа од Командата за обука предводена од командантот, полковникот Љупчо Костовски, организираше срдечен прием и неколкучасовен престој за инспекторскиот тим.

На почетокот, посетителите со брифинг беа запознаени со кратката историја на единицата и со локацијата што ја опфаќа КЗО, потоа со мисијата што ја извршува, со нејзината расположлива инфраструктура, со организациско-формациската структура, со пополнетоста со персонал и опрема, како и со главните системи на вооружување и опрема. По краткото разгледување на гарнизонските објекти, посетителите од инспекторскиот тим ја завршија посетата со пригоден ручек на кој сите претставници од вооружените сили на земјите-учесници разменија свои искуства и видувања за натамошниот период.

Славица Николовска

13
НОВИ ДИМЕНЗИИ

Деновиве бевме сведоци на еден несекојдневен облик на цивилно-воена соработка реализиран од припадниците на Втората механизирана пешадиска бригада. Во непосредна близина на Скопје на вежбалиштето за минско-експлозивни средства „Стенковец“, припадниците на инженериската чета од составот на Бригадата, во рамките на планираниот циклус на обука, на 26 февруари беа домаќини на петнаесет постдипломци од отсекот Форензика при „Универзитетот Св. Кирил и Методиј“ од Скопје, предводени од професорот д-р Методија Најдовски.

На вежбалиштето гостите ги пречека командирот на четата, капетанот Харис Ибровиќ, кој со презентација на тема „Експлозиви и импровизирани експлозивни направи“ ги запозна гостите со предвидените содржини.

Со спроведување на пропишаните мерки на безбедност при ракување со експлозивни средства беа изведени вежбите: „Палење на експлозивни полнења со бавногоречка запалка“ и „Палење на експлозивни полнења со детонаторски фитил“.

По завршувањето на вежбата постдипломците од отсекот Форензика под раководство на одговорниот професор зедоа примероци од земјата и од остатоците по експлозијата, при што, користејќи најсовремени научни методи, утврдуваа за каков тип на експлозив се работи и колкаво количество на експлозив е употребено.

Во иднина се планираат предавања со актуелни теми што ќе им бидат од полза на припадниците на единицата.

Мице Котески

14
ЕКОЛОГИЈАТА, СЌ ПОЗНАЧАЈНА НАУКА

Неодамна, во рамките на активностите на НАТО- Комитетот за наука, мир и безбедност (СПСЦ) во училиштето за АБХО и самозаштита, во касарна на германскиот Бундесвер (Сонтхофен, Германија), се реализираше првата фаза од проектот „Перспективи во делот на животната средина и нивна импликација во армијата“ каде некои од целите беа: потврда на земјите-учесници кои имаат изработено планови и документи што ги применуваат и нивно ставање на располагање на сите учесници во делот на животната средина, како и нивна импликација во армијата, потоа воспоставување на мрежа од експерти и организации кои можат да дадат свој придонес во дадената област, потврдување на извори на документи, литература и друго.

На Работилницата учествуваа 30 претставници од земјите на НАТО (Албанија, Белгија, Канада, Естонија, Германија, Холандија, Норвешка, Финска, Турција, САД), потоа дел од земјите од ПзМ (Македонија и Украина) и од телата на ЕУ, а беа презентирани и 17 презентации од интерес за проектот. Учесници на Работилницата од МО и АРМ беа потполковник д-р Орце Поповски од Воената академија и Елизабета Ташковска од ГШ на АРМ, која ја презентираше „Нашата планета“, презентација која се осврна на важноста на заштитата и грижата за планетата Земја. Акционит план на Комитетот за имплементирање на резултатите од проектот има цел да се ограничи развојот на активностите и трендовите кои би имале негативно влијание врз околината. Главната цел на стратегискиот план, е интензивно вклучување на сите општествени субјекти (секако покрај секторот одбрана) во процесот на позитивно придонесување кон заштитата на околината и ублажувањето на климатските промени.

Е. Ташковска

15
ПОДГОТОВКИ ЗА „БАЛКАНСКИ БЛЕСОК 2010“

Во Ценарот за обука „Пепелиште“ во период од 2 до 4 и од 9 до 11 март оваа година се одржаа две важни активности од планирањето и подготовките за вежбата „Балкански блесок 2010“: координативниот состанок со НАТО-тимот за оценување ниво-2 CREVAL и Главната планирачка конференција.

Планирачкиот процес на вежбата беше организиран од страна на Здружената оперативна команда, а на неа учествуваа претставници на: ГШ на АРМ, ЗОК, Командата за логистика, Командата за обука, Првата и Втората механизирана пешадиска бригада, Полкот за специјални операции, Баталјонот за Воена полиција и Баталјонот за врски.

Реализираните активности и заклучоци кои произлегоа од завршетокот на работата на конференцијата претставуваат добра основа за понатамошни индивидуални подготовки и работа до почетокот на наредната фаза од процесот на планирањето, и успешно реализирање на претстојната Финалната координативна конференција (ФКК) за вежбата „Балкански блесок 2010“ која ќе се одржи во текот на септември оваа година.

Зоран Јанакиевски

16
ГПК ЗА ВЕЖБАТА „МАКЕДОНСКИ БЛЕСОК–6“

Од 16 до 18 март, во касарната „Јане Сандански“ во Штип се одржа Главната планирачка конференција за претстојната вежба „Македонски блесок–6“ на која ќе се реализира 18-тиот мултинационален курс за оценувачи по ОСС Ниво-1 (ОСС E&F- Operational Capability Concept Evaluation & Feedback–Концепт за оперативни способности).

Курсот за обука на ОСС оценувачи (ОСС E&F 18 ETC – Evaluation Traning Cource) е во организација на НАТО со поддршка на Министерството за одбрана на Република Македонија и АРМ, а носителот на активноста е Првата механизирана пешадиска бригада.

Конференцијата ја отвори директорот на вежбата, потполковник Сашо Јанев. По воведниот дел на подготовките од активноста се помина на работа по синдикати и паралелно планирање на која покрај претставниците од Првата мпбр, учествуваа и претставници од ГШ на АРМ, од ЗОК, од КзО и од вВИНГ. За време на конференцијата се реализираше финален координативен состанок со претставниците на Врховната команда на сојузничките сили (SHAPE MCD), предводени од полковник Андриј Риженко, придружувани од делегација на ГШ на АРМ која ја претставуваше потполковникот Гоко Максимов.

Вежбата „Македонски блесок–6“ ќе се одржи во текот на месец април.

З.Ј.

17
ЗАЕДНИЧКА ОБУКА

Претставници од АРМ и од Војската на Црна Гора (ВЦГ), од 1 до 8 март 2010 година, во местото Колашин, Црна Гора, реализираа заедничка обука во зимски услови што беше првата заедничка активност помеѓу двете армии по потпишувањето на договорот за билатерална соработка. Според претходно утврдениот план, активноста се одвиваше во местото Колашин каде што е стационирана една

од планинските единици на ВЦГ. Таму беше сместен и тимот од АРМ, составен од припадници на пСО и од професорот по физичко воспитување, Горан Астарџиев. Целокупната активност во претпладневните часови се реализираше на терените на скијачкиот центар „Бјеласица“, кој се наоѓа на надморска височина од 1450 метри. За време на

обуката беа одработувани теми од понапредната скијачка техника, како што се техники на скијање во длабок снег и на нерамен терен, а беа изработувани и објекти за преживување во зимски услови, како игла и мечкини дупки. Во попладневните часови според програмата на домаќините беа посетени Националниот парк „Дурмитор“, местото Жабљак на планината Дурмитор, кањонот на Тара и манастирот Морача. Пријатно изненадување за сите беше приемот во македонската амбасада во Подгорица од страна на военото аташе на АРМ во Република Црна Гора, полковникот Дончо Кузманов. На крајот беше одржана официјална заедничка средба, на која, меѓу другите лица, присуствуваа и полковникот Калуѓеровиќ, командант на КОВ на ВЦГ и полковникот Кузманов. На средбата беше анализирана планираната активност, а начелно беа договорени и идните заеднички проекти.

Г.А.

18
НАПРЕДЕН КУРС ЗА ПОДОФИЦЕРИ

Во Центарот за индивидуална обука (ЦИО), кој е во рамките на Командата за обука во гарнизонот на АРМ во Велес, на крајот на февруари стартуваше уште еден напреден курс за подофицери. Курсот кој ќе трае до средината на април го посетуваат 37 слушатели-подофицери од единиците на АРМ.

„Целта на курсот е старешините да се стекнат со лидерски вештини според стандардите на НАТО, истакна потполковникот Трајанчо Петровски, командант на ЦИО. Посетители на курсот се најдобрите подофицери од единиците на АРМ и овој напреден курс за подофицери е најдобриот начин за побрз

развој на нивните военички кариери во АРМ“, нагласи потполковникот Петровски.

Курсот се реализира во два дела, теоретски и практичен. Преку курсот подофицерите ќе се запознаат со темите од менаџмент со обука, комуницирање, донесување одлука, како и реализација на теренски вежби во кои слушателите ги покажуваат своите лидерски способности. Наставата ја изведуваат инструктори од ЦИО, а меѓу нив и првиот подофицер на Центарот за индивидуална обука, заставникот Љупчо Стојков, кој во оваа работа има 20-годишно искуство. Тој истакна дека часовите се замислени преку интерактивна настава, при што доаѓа до размена на искуства и знаења меѓу самите слушатели-подофицери. Во Командата за обука, пак, велат дека тие големо внимание посветуваат токму на усовршувањето на овие курсеви за подофицери зашто токму подофицерскиот кор е столбот на АРМ, на што особено внимание посветуваат и армиите-членки на НАТО.

Антоанела Димитриевска

19
ОДБЕЛЕЖАН ДЕНОТ НА ЕКОЛОГИЈАТА И ПРОЛЕТТА

Под мотото „Грижа за животната средина – наша традиција“ во касарната „Јане Сандански“ во Штип беше работно одбележан 21 март – Денот на екологијата и на пролетта со реализирање на еколошка акција која опфати повеќе активности. Во рамките на спроведувањето на еколошката акција беа остварени претходни подготовки и соработка со претставниците на еколошките друштва од зоната на одговорност на единицата и со

ЈП „Македонски шуми“. Притоа се обезбедија 200 разновидни едногодишни и повеќегодишни млади садници за пошумување. Пред почетокот на еколошката акција командантот на бригадата, бригадниот генерал Димче Петровски, согледувајќи ја потребата од соодветни информации за заштитата на животната средина, до единиците ја упати следната порака: „Грижата за животната средина во ниеден момент не треба да биде во втор план, што е и нашиот стремеж да дадеме вистински придонес за уште поубава, поздрава и почиста животна средина во касарната“.

Зоран Јанакиевски

20
„КОМУНИКАЦИСКИ ВЕШТИНИ И МЕДИА ТРЕНИНГ–ОСНОВНО НИВО“

Од 15 до 19 март во Регионалниот тренинг–центар за комуникации при Секторот за образование и обука беше организирана работилница за обука од областа на комуникациските вештини и медиа-тренинг – почетно ниво.

На работилницата, освен учесници од Министерството за одбрана на Република Македонија и АРМ, учествуваа и офицери и државни службеници од министерствата за одбрана и од армиите на Република Србија, Босна и Херцеговина и на Црна Гора.

Целта на работилницата беше учесниците да се стекнат со основни знаење и вештини од областа на ефективната комуникација и со начините на примена на овие вештини во нивната работа со медиумите. Медиа-тренингот на работилницата беше застапен преку практична работа (давање интервју и изјава), пред камера со сценарија кои симулираат вистински настани во кои самите учесници се во улога на лица за односи со јавноста.

21
Од активностите на ОРОРМ ПРВИ БРАНИТЕЛИ НА МЕЃНИЦИТЕ НА ДРЖАВАТА

Извршниот одбор на Организациската единица на ОРОРМ од Крива Паланка, во координација и со логистичка поддршка на републичкото раководство на Асоцијацијата на резервните офицери на Р. Македонија, со кое раководи проф.д-р Горѓи

Малковски, на 11 март 2010 година ја одбележа 18-годишнината од преземањето на граничната караула „Рамна Нива“ (11 март 1992 година), која, од 1 ноември 2005 година функционира како станица на Граничната полиција на МВР.

Овој несекојдневен патриотски чин од самиот почеток беше осмислен мошне впечатливо и достоинствено со постројувањето на единицата на тогашната Територијална одбрана во чиј состав биле војници и подофицери, на чие чело овојпат беше постариот водник Миле Милковски (тогашен заменик командир на единицата). Смотра и прв поздрав до построената единица, упати м-р Ристе Петков, потпретседател на ОРОРМ. Присуствуваа околу 200 резервни офицери и граѓани на Крива Паланка, припадниците на станицата на полицијата, како и другите гости, меѓу кои: поранешниот министер за одбрана, проф. д-р Трајан Гоцевски, командантот на Првата механизирана пешадиска бригада, бригадниот генерал м-р Димче Петровски, претставникот на ГШ на АРМ, полковникот Борко Симоски, началникот на штабот на ЗОК, полковникот м-р Стојан Димчов, командантот на Командата за обука, полковникот Љупчо Костовски, претставникот на ЦУК, Душко Петровски, градоначалникот на општината Старо Нагоричане, Миодраг Јовановиќ, како и претседателите на ОЕ на ОРОРМ од: Центар, Кисела Вода, Гази Баба, Радовиш, Штип, Кратово и Пробиштип.

Пригодни обраќања имаа градоначалникот на Крива Паланка, Арсенчо Алексовски, Веселин Стојановски, актуелен член на Собранието на ОРОРМ, кој во 1992 година беше командант на баталјонот на Територијалната одбрана, Раде Алексовски, претседател на Собранието на општината во 1992 година и проф. д-р Трајан Гоцевски.

Одбележувањето на 18-годишнината од овој историски чин кој ќе остане трајно врежан во колективната меморија на граѓаните и во историскиот развој на Р. Македонија, беше осмислено и со пригодна културно-уметничка програма во која првонаградените литературни творби на тема „Границите сведочат дека македонскиот народ има своја традиција и историја“, ги презентираа учениците Христина Милчева од ОУ „Јоаким Крчовски“ и Викторија Станковска од СОУ „Ѓорче Петров“. Исто така и ученици од IV-то одделение од ОУ „Јоаким Крчовски“ изведоа пригоден рецитал.

Живко Трајановски

„ХИНД“ ВО НОВО РУВО

МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ХЕЛИКОПТЕРИТЕ МИ-24 „АЛЕКСАНДАР“

Модернизацијата на хеликоптеротите Ми–24 од составот на Борбениот хеликоптерски скваадрон на АРМ го наметнува прашањето за проблематиката поврзана со надградбата на јуришен/напаѓачки хеликоптер и потребата од тоа. Македонија е само една од многуте земји кои се одлучија за модернизација на борбените хеликоптери бидејќи трендот на намалување на воените буџети ширум светот ги ограничи набавките на новопроизведени хеликоптери (особено јуришни, односно напаѓачки), на мали бројки, а ова го потврдуваат и искуствата на далеку поетаблирани и „побогати“ воздухопловства: проектите како „RAH–66 Comanche“ кој никогаш не доживеа оперативна употреба или проектите како „ARH – 1Z“, „ARH – 70“, „A-129 International“, кои веќе со години доцнат зад дадените рокови за воведување во оператива, или од друга страна, „успешните“ проекти како „AH – 64D“ кој, всушност, претставува конверзија на постариот брат „AH – 64A“ не оставаат простор за понатамошен коментар. Денес единствен пример за нов оперативен напаѓачки хеликоптер моментално е „Eurocopter Tiger“, но не треба да се заборави дека овој хеликоптер претставува мултинационален проект (значи, со однапред обезбеден пазар), како и фактот дека зад него стои европскиот воздухопловен гигант „EADS“.

УНИКАТЕН СПОЈ

Хеликоптерите Ми–24 се наметнаа како едни од главните претенденти за модернизација, пред сè, поради две крајно едноставни причини – бројот на произведени примероци и нивната распространетост. Но ова секако не се единствените причини. Ми–24 влезе во оперативна употреба во почетокот на 70-тите години на

минатиот век (првиот лет на прототипот под ознака В–24 е реализиран во далечната 1969 год.), и постепено стана (и сè уште е), основа на руската армиска авијација. Од 1978 год. хеликоптерот влегува во употреба во вооружените сили на сите земји на Варшавскиот договор (освен во составот на вооружените сили на Романија), како и во составот на вооружените сили на други земји. До крајот на 80-тите извезувани се варијантите Д, ДУ и В (незначителен број на Ми–24А се продадени на Военото воздухопловство на Виетнам), а при крајот на 80-тите и Ми–24П се здоби со одобрение за извоз. Ми–24 е првенствено наменет за изведување противоклопни дејства, но неговата флексибилност се гледа и во можноста да дејствува против други хеликоптери и нисколетечки/бавнодвижечки воздухоплови (неофицијално, Ми–24 има учествувано во 56 хеликоптерски дуели. Истовремено претставува единствен хеликоптер кој има соборено непријателски ловец – се работи за Ирачки Ми–25 кој погоди и собори ирански F–4D), да превезува до 8 војници со полна бојна опрема, како и да им обезбеди огнена поддршка на пријателските сили. Неговата корпулентност му овозможува сите овие борбени задачи да ги реализира секојдневно, независно дали се дејствува во пустински услови, во услови на влажност на тропските џунгли или при ниски температури во северните тундри. Ми–24 го докажа наведеното во вооружените дејства во Авганистан, во Чад, во Ирачко–иранската војна, во Ангола, во Шри Ланка, во Чеченија, за време на конфликтот во Република Македонија во 2001 год., потоа во судирот во Грузија и во голем број други случаи.

На почетокот на 90-тите „хиндот" претставува застарена борбена „машина". Фронтовските дејства за кои првобитно Ми–24 е и дизајниран, станаа дел од минатото и „хиндот" се најде во ново окружување – ограничени, најчесто урбани конфликти од низок интензитет каде што хеликоптерот со димензии на Ми–24 (во неможност да ги искористи своите предности, пред сè брзината), претставува цел на голем број закани, почнувајќи од дејството на личното пешадиско вооружување (зрна со мал калибар), преку дејството на пешадиските орудија (митралези од поголем калибар), дејството на преносните ненаведувани ракетни орудија, па сè до личните противоздушни ИС–наведувани системи кои поради ограниченоста на боиштето дејствуваат од мали далечини, со што процентот на веројатноста на погодок на целта како на пр. хеликоптер е релативно голем. Застареноста, пред сè, се однесува на ограничувањата на авиониката, на системите за заштита како и на самото вооружување, кои ја ограничуваат оперативноста на Ми–24. Современиот борбен хеликоптер мора да биде во можност постојано да дејствува и тоа во сите услови, независно дали е ден или ноќ, како и да поседува прецизни убојни средства кои на платформата ѝ обезбедуваат „stand off"–капацитети. Од друга страна, конструктивно,

1

односно како платформа, „крокодилот" повеќепати, и тоа во борбени услови, ја има докажано својата употребливост и издржливост и сè уште претставува ненадминлив спој на огнена моќ и транспортен капацитет („МН – 60L" односно европскиот „АВ – 139" – воена верзија, имаат слични можности, но станува збор за примероци, пред сè, дизајнирани за исполнување на транспортната мисија). Ми–24 се употребуваа долго време поради економската ситуација во постсоветска Русија и останатите земји–кориснички кои не дозволија набавка (односно „природна" замена на „хиндот") на борбен хеликоптер од нова генерација, барем не во толкав број која би го истиснал Ми–24 (и покрај веќе подолгата егзистенција на неговите „наследници" – Ми – 28 односно Ка – 50/52).

1. МАКЕДОНСКА ВАРИЈАНТА НА МИ – 24 „АЛЕКСАНДАР"

2. НОЌТА – ВИСТИНСКИОТ СОЈУЗНИК НА МИ – 24 „АЛЕКСАНДАР"

МОДЕРНИЗАЦИЈАТА КАКО РЕШЕНИЕ

Ова накратко е логиката што привлече неколку од светските производители на воздухопловна опрема и конструкторски бироа (меѓу кои и матичнот производител) како и неколку корисници на Ми–24 на преговарачка маса, со што се создаде потенцијалниот пазар за модернизација на хеликоптерот Ми–24. На оваа се надоврза и ситуацијата во Европа каде што голем број земји со преструктурирање на своите вооружени сили се обидуваат да станат интероперативни со капаците-

тите на НАТО. Како резултат на тоа, буквално сите европски оператори на Ми–24 веќе подолго време ја разгледуваат можноста за модернизација на ова средство. Можностите се следниве: проект за заедничка надградба за потребите на повеќе корисници, или конкретна надградба произлезена од специфичните барања на земјата–корисник. Како пример на заедничка надградба на Ми–24 е генералниот тренд за зголемување на можностите на хеликоптерот при изведување на мисии ноќе и во сложени метео-услови, како и опремување со нова комуникациска и навигациона опрема. Останатите надградби и модификации на хеликоптерот најчесто зависат, како што наведов, од барањата поставени од земјата–оператор, од карактеристиките на зададената мисијата и најважно, од самите економски ресурси со коишто располага земјата.

Да резимираме. Ми–24 денес претставува издржана но, сепак, застарена платформа која земјите–корисници не се во можност сè уште да ја заменат (а не се ниту во можност да се откажат од капацитетите на борбениот хеликоптер – станува збор за борбено средство од највисок приоритет во денешниот опсег на операции и потребата од истиот секојдневно се зголемува, пред сè во големите сојузнички кампањи водени во Ирак и во Авганистан), додека модернизацијата како „cost effective"–процес нуди решение за потребните борбени можности. Со други зборови, со цел Ми–24 да го добие потребното ниво на современ јуришен/напаѓачки хеликоптер, потребно е драстично да се зголеми неговата оперативна/борбена ефикасност, а надградбата е начинот како таа да се реализира.

ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РАБОТНИОТ ВЕК

Искуството покажува дека проектите за модернизација на Ми–24 се или конструкциски (односно, се однесуваат на измени во самата конструкција на хеликоптерот, како на пр. во погонската група, аеродинамичните односно контролните површини, интеграција на нови системи за вооружување, па сè до измени во самиот дизајн на хеликоптерот односно неговите компоненти), или претставуваат само надградба на постоечката платформа (пред сè на авиониката или приспособување на платформата за одредена намена – на пр. компактибилност на платформата за NVG („Night vision goggles" – мисии „ноќен зир"). Вообичаено, од разбирливи причини, структурните модернизации се во доменот на матичниот производител, но и тука постојат исклучоци – алжирските Ми–24Д/В модернизирани од ATE, односно индиските Ми–24В модернизирани од IAI), додека надградбите се цел на поголем број изведувачи.

Но пред да се започне со каква било модернизација на Ми–24 земјите–корисници треба да го решат прашањето врзано за работниот век на хеликоптерите – со проектиран работен век од 25 години (според руски извори), флотата на Ми–24В ќе стане неоперативна во периодот од 2010 до 2015 год. (флотата на Ми–24Д од почетокот на 2007 г. е веќе надвор од употреба). Но достапните информации укажуваат дека со продолжувањето на работниот век може да му се обезбедат дополнителни 10 год., односно работниот век на Ми–24 да изнесува 35 години со 4000 часови налет што, секако, би ги оправдало вложените средства за евентуална надградба.

Како што напоменав, конструктивните измени генерално се во доменот на производителот и се ретки кога се работи за модернизација на борбен хеликоптер, но во случајот на Ми–24 се достапни низа модификации на самата платформа со цел подобрување на самите перфоманси. Овозможена е замена на оригиналните лопатки на носечкиот ротор со композитни, аеродинамични поефикасни лопатки со поголем степен на борбена жилавост и поголеми ресурси. Постои и можност на комплетна замена на носечкиот и на опашниот ротор со крут носечки ротор и х–опашен ротор (четворокрак – со намален степен на бучавост и зголемена ефикасност), преземени од Ми–28. Ваквата модификација, освен што придонесува за одржувањето, овозможува и намалување на тежината на хеликоптерот за 300 kg (а со самото тоа се подобрува и односот моќност/полетувачка тежина, односно перфомансите на воздухопловот). Достапни се и модификации на самиот труп и на неговите компоненти. По примерот на западните конкуренти („АН–64 Apache", „Eurocopter Tiger", „Agusta A–129 Mangusta"), „хиндот" доби и фиксен стоен трап, повторно со цел намалување на тежината, но и зголемување на борбената жилавост (за да се елиминира можноста за неизвлекување на трапот во случај на принудно слетување). Од друга страна доаѓа до намалување на максималната крстосувачка брзина и до зголемување на челниот отпор. Како интересен пример за трупна модификација е и можноста за „скратување" на крилните површини, односно отстранување на вертикалните носачи за наведуваните проектили „Штоорм–В", повторно со цел намалување на тежината и на челниот отпор. Во овој случај надворешниот носач на крилата се користи и за поткачување на наведуваните проектили, а истовремено сите носачи поседуваат вградени макари за подигање на убојните средства што значително го намалува потребното време за вооружување на хеликоптерот. Една од почестите измени за подобрување на перформансите е и промена на погонската група. Пазарот моментално нуди цела гама „hot and high" мотори за Ми–24 со моќност од 2225 ks до цели 2800 ks (полетувачка сила). Понатаму, како дел од системот за вооружување, можни се измени и на оригиналниот придвижуван митралез од 12.7 mm Јакошев/Борзов ЈакБ–12.7 (поради фактот што Ми–24В е најбројната верзија на „хиндот" денес, таа воглавно и претставува цел на модификации), на кој и покрај солидното оперативно искуство постојат замерки, пред сè, на пробивната моќ на зрното (сепак, се работи за калибар од само 12.7 mm, недоволен за пробивање на средно заштитени цели), како и на ефикасниот дострел. Една од можностите е замена со двоцевен топ од 23 mm ГШ–23Л (развиен оригинално за Ми–24ВП), односно неговата подобрена варијанта – водено ладен двоцевен топ од 23 mm ГШ–23В кој може да дејствува со подолги рафали во пократки интервали без прегревање или застој. Интересна е и контроверзната замена (поради наводното прекумерно поместување на центарот на тежиште на хеликоптерот), на ЈакБ–12.7 со 20 mm едноцевен топ „Denel G12" реализирана од јужноафриканската „ATE". Како дел од системот за вооружување од особен интерес за корисниците на „хиндот" е, секако, и можноста за дејство врз воздушни цели со IC-наведувани проектили „воздух–воздух" кои на хеликоптерот, односно на операторот би му обезбедиле одредени „air policing"–капацитети (од особен интерес за земји кои не поседуваат класична пресретнувачка авијација како што е и Македонија). Се работи за проектилите „воздух–воздух" 9М39 Игла–В (постои и варијантата со „ATAS – Air to Air Stinger"), соодветно со фрагментирачка бојна глава и тежина од само 14 kg (вклучувајќи ја и тежината на лансерот). Со минимална далечина на дејство од 800 m и со максимален дострел од 5200 m, со распон на височина на целите од 20 до 3500 m и со веројатност на погодок од 95%, овој проектил, односно неговата платформа, претставува сериозна закана и за побрзите воздушни цели.

Наведените можности за модификација на Ми–24 повторно укажуваат на флексибилноста на самиот дизајн и на издржливоста на оригиналната конструкција на „Михаил Леонтиевич Мил". Но овие измени и надградби првенствено обезбедуваат подобри перформанси, но не и генерално зголемување на оперативните можности. За таа цел потребни се интервенции на самата авионика која денес, всушност, претставува клуч за можностите на секој борбен воздухоплов.

Оливер Илијевски

ЧЕКОР ДО АПОКАЛИПСАТА

СУПЕРОРУЖЈАТА КОИ ЈА „МРЗНЕЛЕ КРВТА“ НА СОЈУЗНИЦИТЕ – II

ВИ ГИ ПРЕТСТАВУВАМЕ ГЕРМАНСКИТЕ РАКЕТИ И ВИСОКОЕКСПЕРИМЕНТАЛНИТЕ ТОПОВИ ОД ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА, СОФИСТИЦИРАНИ ОРУЖЈА ЧИЕ СТАВАЊЕ ВО МАСОВНА УПОТРЕБА ЦЕЛОСНО МОЖЕЛО ДА ГО СМЕНИ ИСХОДОТ ОД ВОЈНАТА

СИЛАТА НА „ВОДОПАДОТ“

Воодушевувањето од падот на водата, во текот на Втората светска војна имало поинаква конотација, барем за сојузничките сили. Германските радиоконтролирани суперсонични ракети користени за противвоздушна одбрана (ПВО), „Wasserfall“ (водопад), со своите импресивни карактеристики предизвикувале стравопочит кај сојузниците за напредното германско инженерство. Тие го пресретнувале непријателското летало на околу 19.000 km, со брзина од 880 km/h и имале неверојатен дострел од 48 km. Главната намера по создавањето на ова дефанзивно оружје била заштита на цивилното население во поголемите населени места за што и се планирало негово позиционирање блиску до нив. Било планирано поставување на околу 200 батерии за покривање на целата германска територија.

Работата на ракетите започнала во 1942 година, а првото тест-лансирање било изведено над Балтикот во февруари 1944 година. Иако нема цврсти докази, некои информации говорат дека овој систем во неколку случаи бил искористен против сојузниците.

Сепак, факт е дека доколку овој систем бил ставен во полна оперативна состојба, ќе претставувал голема закана за налетите на сојузничките летала.

МОЌНАТА РАКЕТА V-2

Гигантската ракета, долга 14 m, широка 1,6 m, со максимален височински дострел од 80 km и вкупен дострел од 305 km, конструирана врз плановите на А-4 им задавала големи главоболки на сојузниците, особено на оние од европскиот континент.

1

Фамозната германска V-2–ракета, контролирана со помош на жироскоп, својата деструктивна моќ ја покажала истурајќи ја енергија врз британската престолнина. Лондон бил опустошен со сила еквивалентна на 50 стотонски локомотиви кои истовремено удираат во земјата со брзина од 112 km/h.

Германската постројка за развој на овие високодеструктивни ракети отпрвин била лоцирана на северот од земјата, но по масивната акција на сојузниците во август 1943 година, била донесена одлука за преместување на програмата во подземните капацитети во планината Кохенштајн во централна Германија.

Претходник на оваа ракета е Feiseler Fi 103, односно ракетата V-1 која била многу несигурна.

КОМПЈУТЕРИ

Општо познато во јавноста е дека сојузниците со помош на своите рудиментирани компјутери биле во можност да ги разбијат кодовите на дотогаш ненадминатата германска „Енигма“. Тие компјутери најверојатно биле и елементот кој бил потребен за извршување на комплицираните калкулации во проектот „Менхетен“. Сепак, од извори кои излегле во јавноста дури по обединувањето на Германија (1989 година), биле објавени информации дека и научниците кои работеле на германската верзија на атомска бомба во текот на војната, дел од своите калкулации ги вршеле со помош на некаков тип на компјутер кој користел вакуумски цевки. Компјутери биле користени и за истражувања на стабилноста и на вооружувањето на нацистичките летала (готингенскиот компјутер). Вистинската

компјутерска моќ на Германија, сепак, може да се увиди во подоцна откриениот компјутер „Eniac", конструиран од германската поштенска служба. Секако, се поставува прашањето, зошто на поштата ѝ бил потребен толку моќен компјутер? Еден од можните одговори е дека вистинската причина за создавање на овој, во тоа време, суперкомпјутер било калкулирање на слободниот пат на неутроните во создавањето на верижна фисиска реакција.

ВООДУШЕВУВАЧКИ ТОПОВИ

ВЕШТАЧКИОТ ВРТЛОГ

Нашироко дискутираниот топ **Vortex** (вртлог), навистина ја имал онаа зачудувачка мисија – да создаде вештачки вртлог кој со својата сила целосно ќе ги распарчи непријателските летала. Овој топ бил дизајниран и изграден од австрискиот научник Зимермајер во експерименталниот институт во Тирол. Функционирањето на топот се базира на цилиндричен сад од малтер со голем калибар закопан во земја. Обвивката на садот содржела прашина од јаглен со слабосогорувачки експлозив во центарот. Иако првите експерименти не ветувале многу, во еден случај кога условите биле особено наклонети,

2

3

1. НАЦИСТИЧКАТА „ЕНИГМА"

2. ДЕЛ ОД ГОЛЕМИОТ ТОП НАСОЧЕН КОН ЛОНДОН

3. МОЌНАТА РАКЕТА V-2

ГЕНЕРАЛОТ ЏОРЏ ПАТОН РЕКОЛ: „КОЛКУ ЛИ ЛЕСНО ЛУЃЕТО СЕ ЛАЖАТ ДЕКА ЕДНА ВОЈНА МОЖЕ ДА БИДЕ ДОБИЕНА СО НЕКАКВИ ФАСЦИНАНТНИ НОВИ ОРУЖЈА, НАМЕСТО СО ХРАБРИ И ПОЖРТВУВАНИ ЛУЃЕ И СО СУПЕРИОРНО ЛИДЕРСТВО".

чудната направа успеала многу лесно да создаде вртлог со моќ доволна да ги собори и најголемите летала на небото. Анализите на големиот број филмови покажале дека прашината од јаглен, кога е во брзо ротационо движење предизвикано од експлозија, може да создаде значително моќен вртлог. Идејата за создавање на овој модел на топ доаѓа од претходно добиените информации дека турбуленцијата која се појавува при ведро време била причината за целосно дезинтегрирање на масивните авиони. Како дополнителен позитивен елемент била и цената за изградба која била помала отколку конвенционалното оружје, а имала иста ефективност. Сепак, и покрај одличните карактеристики, оружјето никогаш не ја видело светлината на денот.

ВОЗДУШНИОТ ТОП

Ова експериментално оружје е интересно и невообичаено, но целосно неуспешно. Топот кој се состоел од долга искривена цевка поставена на основа налик на колепка, работел со помош на критична мешавина од водород и кислород (дури и во молекуларни пропорции). „Проектилот" од компресиран воздух експлозивно излегувал од цевката, но бил ефективен колку и мала конвенционална бомба. Според вршените експерименти, тој бил доволно моќен за да скрши дрвена табла со дебелина од 25 mm на далечина од 200 m. Сепак, голем проблем претставувала варијацијата на ефективноста врз копнени цели од една страна, и врз воздушни цели од друга. Имено, авионите многу лесно успевале да ја апсорбират моќта на воздухот исфрлен од топот поради нивната аеродинамичност, а проблеми се јавиле и поради големата брзина со која тие се движеле. И покрај големите недостатоци и неможноста за достигнувањето на посакуваниот ефект, еден ваков топ бил поставен на мостот на реката Елба, но како што и се очекувало, топот не дал поголеми резултати.

ЗВУКОТ КАКО ОРУЖЈЕ

Станува збор за уште еден начин на користење на невидливи и моќни зраци за нанесување големи штети на непријателските сили. Направата дизајнирана од Ричард Валаучек во Лофер се состоела од големи параболични рефлектори со дијаметар од над 3 m. Таканаречените чинии биле поврзани со комора составена од неколку цевки за „истрелување". Токму преку нив се внесувал гас (комбинација од метан и од кислород), во комората, каде што двете негови компоненти биле запалени во циклична континуирана експлозија. Должината на комората била точно една четвртина од должината на звучните бранови продуцирани од експлозијата. Секоја од експлозиите ја предизвикувало следната со помош на рефлектирачкиот бран со висок интензитет, со чија помош, пак, се создавал звучен зрак со висока амплитуда. Притисокот на емитираниот зрак бил огромен – тој на 50 m изнесувал над 1.000 mbar, што е доволно да усмрти човек за само триесетина секунди. На поголема далечина (229 m), јачината била доволно голема да го онеспособи непријателот на подолго време. Засега нема информации дека биле извршени какви било психолошки или оперативни тестови на овој експериментален топ, но постојат извештаи поднесени од американскиот научник Оболенски, кој успеал во лабораторија да го повтори експериментот. За ефектите од него тој вели: „Што се однесува до цврстите цели, топот е високоефикасен – на многу лесен начин со него успеав да уништам штица. На меки цели како човекот, ефектите се поинакви. Стоејќи пред топот почувствував како со голема јачина ме удира дебело гумено ќебе".

УБИСТВЕНИОТ ЗРАК НА СОНЦЕТО

Тоа што секој од нас барем еднаш го слушнал кога станува збор за оружјата на иднината, било и „ас во ракавот" на германскиот диктатор. Фамозниот **сончев топ** требал да биде основното ударно оружје на Хитлер. Сепак, дури и денес, за овој нацистички експериментален топ имаме најмалку расположливи податоци. Тоа што се знае е дека анонимен изумител, инспириран од сончевиот топ на Архимед (за кој сè уште се дискутира дали е мит или вистина), конструирал топ кој, секако, во сончеви денови со помош на голем рефлектор на сончеви зраци ќе бил искористен против непријателските трупи. Податоци за резултатите

од операционалните тестови не постојат, но навистина е интересна информацијата која вели дека ова експериментално оружје по крајот на војната било заробено од страна на Американците.

ЕЛЕКТРИЧНИОТ ПИШТОЛ

Потенцијалот за истрелување на проектил со помош на електромагнетна сила ги фасцинирало изумителите уште од пронаоѓањето на соленоидот. Во Германија, за време на Втората светска војна, работите се движеле во два правци – создавање на топ кој работи на принцип на соленоид и развој на ПВО со електрична енергија како основна пропулсиска сила. Во првиот случај, главниот инженер и консултант на „Сименс", нарекуван Мак, предложил конструирање на топ на планините блиску до Лил во Франција со цел искористување на антрацитот од блиските јагленокопи за генерирање на потребната електрична енергија за негово напојување (користел 50.000 тони антрацит месечно). Единствената цел на топот бил Лондон. Британската престолнина требала да биде нападната на оддалеченост од 248 km со проектили кои тежеле околу 200 kg. Во 1943 година германскиот министер, Алберт Спир, бил известен за овој проект, но поради неговата непрактичност увидена од поголем број научници и техничари, тој не бил одобрен.

Кога станува збор за електричниот топ за ПВО, приказната е сосема поинаква. Дизајниран од германскиот инженер Ханслер во 1944 година, ова противвоздушно оружје имало импресивни карактеристики. Базирано на принципот за линеарен мотор, можело да истрела 6.000 зрна (со 500 g експлозив) во минута од повеќецевковниот систем, со брзина од над 1829 m/sec. Интензивни тестови биле вршени од 20 mm противвоздушен топ, најнапред во Берлин, а потоа и во околината на Алпите. Во текот на тие тестови била достигната неверојатна брзина од 2000 m/sec. Сепак, големата побарувачка на електрична енергија за напојување на само еден таков топ (3.900 KW/h), која е еквивалентна на побарувачката на еден град во тоа време, претставувала голема бариера за ставање на ова оружје во масовно производство. После војната прототипот отишол во рацете на Американците кои по деталните истражувања увиделе дека, сепак, потрошувачката на електрична енергија го прави овој топ неатрактивен за понатамошно истражување.



И покрај тоа што најголемиот и најозлогласен диктатор на XX век, Адолф Хитлер, ја изгубил војната, успеал да докаже дека Германија го поседува техничкото и индустриско знаење да изгради и да тестира голем број експериментални оружја, од ракетни и млазни ловци, преку крстосувачки и балистички ракети, па сè до неверојатни и моќни топови.

Проблеми, сепак, постоеле. Како основен проблем се јавило продуцирањето и разместувањето на тие нови оружја. На тоа се надоврзале и континуираните мешања од страна на голем број политичари во нацистичка Германија, како и фактот што армијата играла особено голема улога во целосниот процес на нивно дизајнирање и производство. Корупцијата, пак, помогнала во одржувањето на некои некомпетентни инженери и дизајни во живот, што земало големи ресурси од проектите кои можеле да вродат со плод. И сето тоа завршува со преголемата верба на Германците во нивните капацитети и способности да ја завршат војната во многу краток рок, што само по себе довело до недостаток на вистинска стратегиска визија. Во намалувањето на шансите на нацистите да изградат нови супероружја голема улога играле и тешките бомбардирања на постројките за дизајн и производство од страна на сојузниците.

Се вели дека оружјето е попусто конструирано ако нема можност да се искористат неговите целосни перформанси. Се верува дека и во случај Германија да успеала сите овие оружја масовно да ги произведе, крајниот резултат, поради голем број дополнителни фактори, нема да бил поинаков. Нацистичките сили во текот на експериментирањето со овие нови ловци и земјени оружја се соочувале со огромен недостаток на човечка сила, особено во делот на пилотите. Друг елемент е и фокусирањето на капацитетите на Третиот рајх кон дефанзивните, наместо кон офанзивните оружја.

Сето горе кажано, на крај се сведува на само еден заклучок: „Силата која ја освои Европа во еден здив, не успеа да го почувствува свежиот воздух на масивните супероружја".

Иван Петрушевски

„КОЛТ" М–4 ВО АРМ

ВООРУЖУВАЊЕ НА СПЕЦИЈАЛНИТЕ ЕДИНИЦИ НА АРМИЈАТА

Во минатите два броја се запознавме со две од повеќето пушки што се на располагање во македонската армија, а се едни од помодерните модели со кои располага АРМ. Време е да се запознаеме со најновиот модел на пушка кој за разлика од претходните две, доаѓа од Запад. Се работи за моделот на „Колт" М-4 со калибар 5.56 mm. Произведен е во САД во фабриката на познатиот и реномиран производител на вооружување, Колт од Хартфорд, Конектикат–САД.

Потребата од една поспецифична пушка која покрај капацитетот на платформата за разни додатоци во зависност од задачите, нуди и поголема прецизност на растојанијата предвидени за дејство со автоматска пушка се појавува, пред сè, во специјалните единици. Искуствата на македонската армија покажале дека на елитните професионалци им е потребна прецизна пушка која ќе може да се употребува и како прецизна пушка со користење на оптички нишан со зголемување и како оружје за оперирање во урбана средина користејќи рефлексен нишан, потоа за извршување задачи кои се изведуваат ноќе, кога е потребно да се монтира ноќен нишан или ласерски инфрацрвен поентер, односно обележувач на целта кој е невидлив за голо око и се гледа само со ноќни визири, како и опцијата да се користи потцевна фрлачка на гранати со калибар од 40 mm (НАТО 40 x 46 mm). Ова оружје ги задоволува потребите на специјалните единици на АРМ затоа што нивните задачи се карактеризираат, пред сè, со прецизен оган и дејство во сите горенаведени услови. Поради мисиите кои единиците на АРМ ги изведуваат надвор од земјата во содејство со НАТО или со единици на САД, потреба за ваков тип на оружје пројавуваат и пешадиските единици за мисијата во Авганистан, (кои се во допир со западна техника и додатоци на вооружувањето), како што се контингентите на пешадиските единици на АРМ од Првата, од Втората механизирана пешадиска бригада и „ренџерите". Треба да се знае дека пушката не е наменета само за елитните единици затоа што во армијата на САД ја поседуваат и заднинските единици, односно единиците кои имаат помала веројатност од борбен допир со непријателот.

ПРЕДНОСТИ И НЕДОСТАТОЦИ

Колтовиот модел М-4 е мала, лесна, прецизна пушка изработена од квалитетни материјали кои се поотпорни на корозија од досегашното вооружување на АРМ. Пушката има 5 позиции на стандардна НАТО МИЛ–СТД–1913, односно шината „Пикатини". Пушката работи на принципот на позајмица на барутни гасови без гасен клип и гасен цилиндар бидејќи дел од гасовите преку одреден отвор на горната страна од цевката излегуваат преку една тесна цевка (гасна цевка), која е поставена паралелно со цевката на пушката и директно дејствуваат на приемната цевка на затворачот поставена на горната страна на самиот затворач. Оваа врска не е обезбедена во посебна комора како кај моделите на АК (Калашников), каде што приемот на барутните гасови се случува во гасниот цилиндар при што гасовите удираат во гасниот клип кој под дејство на притисокот се придвижува наназад и се повлекува до крајна задна положба пред да го потисне повратната пружина нанапред. Во случајот на М-4 имаме дејство на гасови кои минуваат низ тесно цевче директно врз затворачот (односно дел од затворачот). Ова има свои предности, но и свои мани.

Пушката М-4 е така дизајнирана што претставува една права линија по својата должина од врвот на цевката до задниот дел на кундакот. При стрелба со рафален оган отклонот на пушката е многу мал за разлика од М-70 (АК -47) и многу полесно се контролира при рафална стрелба. Отклонот е минимален и цевката се поместува нагоре при секој испукан куршум и го нема она бочно поместување како кај М-70 заради што морало да се монтира компензатор на устата на цевката.

За разлика од М-4 пак, Истокот ја понуди АК-74 (калибар 5.45) во разни варијанти и како основа за развој на раз-

ни копии и верзии, но со иста карактеристика како и претходникот „АК -47" 7.62 mm минимално одржување за максимална доверливост.
Сето ова досега кажано ја чини М-4 достојна за употреба во единици каде што мал број на испукани куршуми можат да решат ситуација само ако се прецизно донесени до целта, а токму таква е М-4. Гледано од воен аспект, армиите коишто не можат да обезбедат логистичка и сервисна поддршка каква што има американската армија, тогаш овој модел не е најсреќниот избор за масовна употреба. Ако се гледа од аспект на прецизноста, квалитетот на изработката, доверливоста, ако е добро одржувана, како и можноста да се користат разни додатоци за кои на „источните модели" им е потребна посебна преправка или адаптирање, тогаш М-4 е одличен избор и тука доминира пред источните пушки. Со ова сакав да ја разбистрам дилемата околу прашањето која пушка е подобра и зошто е избран моделот М-4. Треба да се промени свеста на војникот кој дотогаш користел пушка од арсеналот на „Калашников". И досега имало чистење на оружје кое често се работело површно или со прирачни средства и сето тоа било доволно заради исдржливоста на М-70 (АБ2) и потребата од минимално одржување за да функционира, но сега нема многу што да се промени. Македонската армија секако предвидува време за одржување на своето вооружување, само сега треба да се направи како што треба и не би требало да има проблеми.

Историјатот на М-4 е јасен. Пушката претставува пократка и полесна верзија на „M16A2", наследник е на низа испитувања на М-16, која, пак, настанала од АР-15 од фирмата „Армалите".
Конструкторот Јуџин Стонер (Eugene Stoner), најпрво ја дизајнирал АР-10 со калибар 7.62 mm. За информација на читателите, првите примероци на АР-15, која е дизајнирана уште во 1957 г., се дадени на тестирање уште во 1958 година. Моделот „M4A1" има опција за полн рафал по избор на селекторот за оган, додека М-4 има селектор на оган за закочено-поединечен оган и краток рафал од три куршуми (burst fire), кај својот претходник „M-16A2".
Честопати можеме да се сретнеме и со терминот „Carbine" (карабин), врзан за М-4. Карабинот претставува скратена верзија на пушка која испукува иста муниција како и оригиналот, но со скратувањето се намалува брзината на зрното и на дострелот. Во минатото такви пушки користеле единиците на војската и жандармеријата, односно полицијата. Подоцна со појавата на „селекторот на оган" (на пример, М-2–верзијата на „M-1 Garand"), и со појавата на автоматските пушки се добива и нов термин кој всушност е директен превод на германската Sturmgewehr 44 - односно assault rifle или јуришна пушка (АК-47, М-70, М-16 итн.). Грешката кај првичните експериментални германски модели од раните четириесетти години на 20 век била во користењето на моќна муниција за пушка, како 7.9 x 57. Подоцна земјите на НАТО прифаќаат калибар во 7.62 x 51, моќен калибар кој тешко се контролира при рафална стрелба на пушка со поголема маса како што се М-14 (САД) Г-3 (Германија, FN FAL (Белгија), па затоа најчесто овие пушки ги гледаме со „олеснета" рамка со 20 куршуми. Согледувајќи ја потребата од запречен оган со кој треба непријателот да се блокира во своето напредување, американските воени експерти дошле до заклучок дека поголем број на муниција со помала маса успешно ќе ја заврши работата, а војникот–пешадинец успешно може да води борба против цели на 300 и на помалку метри. Ова е практично размислување затоа што борецот на боиштето се појавува кратко време на отворено, при префрлање од едно засолниште во друго, на растојание помало од 300-400 метри и многу е тешко прецизно да се нанишани и да се погоди со еден куршум. Затоа, како замена за М-14, прво е добиена М-16 со калибар 5.56, а потоа и пократката верзија М-4 со телескопски кундак на вовлекување/извлекување. Масата на пушката е мала, а количината на муниција е многу поголема отколку муницијата во поголем калибар (7.62 на пример). Стандардниот борбен комплет на војникот опремен со М-4 пушка изнесува 7 полни рамки односно 210 куршуми. Рамките се компатибилни со другите пушки на НАТО, како на пример со француската FAMAS.

М-4 НА ДЕЛОВИ

- *цевка со преден нишан и скривач на пламен;*
- *предна облога (quad rail) со носечки шини;*
- *горен сандак со горна шина и заден нишан;*
- *долен сандак со механизам за чкрапање, команди, селектор на оган, асистент на затворач, ослободувач на рамка, дефлектор на чаури;*
- *кундак.*

Внатрешни делови

- *повратна пружина и бафер (амортизер);*
- *рачка на затворачот (за полнење на пушката);*
- *затворач (тело, ударна игла, водилка, осигурувач на игла, чивија од екстракторот, екстрактор, приемна гасна цевка).*

М-4 ПОДАТОЦИ

Принцип на работа ... *позајмица на гасови – директно дејство на затворачот, ротационен затворач, без клип и носач на затворачот.*

Дострел

Максимален ефикасен дострел ... 500 m
Максимален дострел со група стрелци (2+ стрелци на една цел) ... 600 m
Максимален дострел на зрното ... 3600 m

Нишани ... *преден и заден механички, (задниот се мести на нишански далечини од 200 до 600 метри, ознаката му е BIS – back-up iron sight), оптички М-68 т за блиска борба, ноќен AN/PVS-7, ласерски обележувачи AN/PAQ-4, термален нишан AN PAS-13 (B2) итн.*

Тежина

Празна ..... 2.8 kg
Со полна рамка ..... 3.2 kg

Должина

839 mm со извлечен кундак,
757 mm со вовлечен кундак, (кундакот има 4 позиции)
Должина на цевката ... 368 mm (кај моделот М-4).

Брзина на стрелба ... 800 куршуми во минута (варира, од 700 до 900)
Кога стрелецот нишани, при поединечна стрелба се можни до 45 куршуми во минута, а при ограничен рафал од 3 куршуми до 90 куршуми во минута со менување на рамката

ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА М-4

М-4 испукува куршум со калибар 5.56 mm. Стандардната муниција е М855, (5.56 x 45 mm) и СС-109 со истиот калибар и димензии, предвидена за цевка со чекор на навој 1/7. Капацитетот на рамката може да биде 20 и 30 куршуми. Цевката завршува со разбивач на пламен.
Моделот М-4 5.56 е компактна пушка наменета за онеспособување и за уништување на непријателска жива сила, а со додавање на потцевна фрлачка на гранати. Моделот М-203 со гранати во калибар 40 mm, е наменет и за уништување на непријателски неоклопни и лесно оклопни возила и жива непријателска сила на отворен простор, или во засолниште (митралески гнезда, ровови итн.).
Потцевната фрлачка на гранати М-203 користи 10 различни видови на гранати 40 x 46 mm. Најупотребувани се распрснувачките гранати М406 со убиствен радиус од 5 m и ранувачки 15 m и гранатите М433 со двојна намена кои можат да пробијат метална плоча дебела околу 50 mm доколку гранатата падне директно на целта. Исто така, имаат убиствен радиус од 5 m, а ранувачки до 15 m. Потцевната фрлачка на гранати истрелува и сигналниосветлувачки гранати со гас-солзавец, вежбовни (со боја која се активира при удар на целта, со гумени топчиња за спречување на демонстрации итн.
Максималниот дострел на М203 е 400 m, а најефикасен е на околу 150 m. Празна фрлачката на гранати М-203 тежи околу 1.36 kg.
Ова е почетно претставување на најновиот модел на пушки од арсеналот на АРМ. Оружјето засега покажува добри резултати, прецизни погодоци, па останува да се потврди во задачите кои претстојат, да биде сигурна и доверлива во рацете на припадниците во мисиите во Авганистан, а опремувањето на АРМ да продолжи и понатаму.

Зоран Крстевски

„ФЕНИКС“ ВО МИСИЈА ВО АВГАНИСТАН

СВЕЧЕНО ИСПРАТЕН КОНТИНГЕНТОТ НА АРМ

На 26 март во касарната „Илинден“ во Скопје се одржа свеченост по повод испраќањето на контингентот на АРМ кој ќе биде дел од наменските сили „ФЕНИКС“ и ќе ги извршува задачите во рамките на мисијата ИСАФ во Авганистан. На свеченоста присуствуваа претседателот на Република Македонија и врховен командант на вооружените сили, Ѓорге Иванов, министерот за одбрана, Зоран Коњановски, началникот на ГШ на АРМ, генерал-потполковник Мирослав Стојановски, амбасадорот на САД во Република Македонија, Филип Рикер, високи претставници од МО и ГШ на АРМ, роднини на припадниците од контингентот и други гости.

„Македонија, своето пријателство и својата припадност кон коалицијата на демократски и слободни држави ја потврдува не само со зборови, туку и на дела и има сили и решителност да ја спроведе својата цел, а тоа е мир и стабилност во светот, промоција на слободата и демократијата и заштита на недолжните од насилство. Ние сме дел од сојуз на држави обединети меѓу себе од нашите заеднички вредности. Томку затоа, поради високите цели и идеали, оваа мисија оправдано ја има широката поддршка на македонските граѓани, на политичарите и на јавноста. Нашите сили во Авганистан имаат задача да придонесат за стабилност и мир, да им помогнат на граѓаните на Авганистан полесно да изградат своја просперитетна, мирна, демократска и слободна иднина. Земјите кои учествуваат во мисијата не бараат ништо за себе. Нашата награда е сознанието дека сме сториле сè што е во наша моќ да помогнеме кога било најтешко“, истакна, меѓу другото, во своето обраќање претседателот на Република Македонија и врховен командант на вооружените сили, Ѓорге Иванов.

Потоа свое обраќање имаше амбасадорот на САД во Република Македонија, Филип Рикер, кој, меѓу другото, го прочита писмото од претседателот на САД, Барак Обама, што по тој повод го испрати до македонскиот преседател Ѓорге Иванов, во кое се вели: „Ви пишувам за да Ви се заблагодарам за дополнителниот број на војници и обучувачи кои Република Македонија планира да ги испрати во Авганистан. Со овој приодонес, Република Македонија е една од земјите кои испратиле најмногу војници по глава на жител во ИСАФ. Му посакувам постојан успех на вашиот контингент во мисијата“.

Заблагодарувајќи се за честа што му е укажана да го предводи македонскиот контингент во оваа мисија, командантот на контингентот, меѓу другото истакна: „Како припадници на АРМ и претставници на Република Македонија на меѓународната сцена ќе ја потврдиме нашата професионалност, одговорност, дисциплина, пожртвуваност и несебична хуманост. Со овие вредности кои ги красат припадниците на мисијата и на АРМ воопшто, ќе се трудиме и понатаму да бидеме добро препознатливи меѓу другите вооружени сили во светот“.

Во мисијата „ФЕНИКС“ во Авганистан задачите ќе ги извршуваат 79 припадници на Полкот за специјални операции (пСО) и на Баталјонот на Воената полиција (бнВП), кои ќе бидат распоредени заедно со припадниците на Националната гарда (НГ) на сојузната држава на САД, Вермонт, и на американската армија. Оваа мисија е планирано да се извршува еднократно, во траење од девет месеци, во источниот и во северниот дел на Авганистан. Основни задачи на контингентот „ФЕНИКС“ ќе бидат обука и менторирање на авганистанската национална армија и полиција, изведување на заеднички операции за поддршка на мирот и стабилноста на Авганистан, обезбедување на високи личности од воениот персонал на НАТО и на ИСАФ, како и делување со коалициските сили на НАТО и на САД за поддршка на авганистанската национална армија и полиција во изградбата на демократското општество на Авганистан.

Пред упатувањето во оваа исклучително сложена мисија, припадниците на АРМ поминаа низ долг процес на обука и подготовки. Во ноември минатата година припадниците на АРМ во САД имаа заедничка обука со припадниците на НГ на Вермонт, додека останатиот дел од подготовките беа реализирани на Армискиот полигон „Криволак“. Припадниците на пСО, високиот степен на обученост и професионализам го покажаа со петгодишното извршување на задачите во мисијата „Слобода за Ирак“, додека за припадниците на бнВП ова ќе биде прво распоредување во мисија предводена од НАТО надвор од Република Македонија. Нивната подготвеност, интероперативност и способност за извршување на најтешки задачи ја покажаа на вежбите за оценување според Концептот за оперативни способности, како и при извршувањето на многу други редовни и вонредни задачи.

З.Р.

„НИЕ СМЕ ЛУЃЕ ОД НАРОДОТ И ЛУЃЕ ЗА НАРОДОТ, СМЕ ПРАВЕЛЕ И ЌЕ ПРАВИМЕ ПОВЕЌЕ ОД ВОЗМОЖНОТО, СМЕ БИЛЕ И ЌЕ БИДЕМЕ СЕКОГАШ ПРВИ, СМЕ БИЛЕ И ЌЕ БИДЕМЕ СЕКОГАШ ЧЕКОР ПРЕД ДРУГИТЕ”

16 ГОДИНИ ПОЛК ЗА СПЕЦИЈАЛНИ ОПЕРАЦИИ НА АРМ

НА ВРВОТ НА ПИЕДЕСТАЛОТ

Високо мотивирани, господари на својата професија и горди што се дел од најелитната единица на Армијата на Република Македонија, припадниците на Полкот за специјални операции (пСО) на АРМ, по 16-ти пат свечено го одбележаа својот роденден –1 март.

На свеченоста што се одржа во касарната „Илинден" во Скопје присуствуваа министерот за одбрана на Република Македонија, Зоран Коњановски, началникот на Генералштабот на АРМ, генерал–потполковник Мирослав Стојановски, претставници од Министерството за одбрана и од АРМ, претставници од Советодавниот тим на НАТО, на тимот Буз Ален и Хамилтон, како и гости-пријатели на единицата со коишто во изминатиот период се остваруваше плодна цивилно–воена соработка.

ВИСОКОПОЧИТУВАНА ЕДИНИЦА

Началникот на ГШ на АРМ во својот говор уште еднаш го потврди своето задоволство од успешната еволуција на единицата, нагласувајќи ја нејзината лидерска улога во трасирањето на патот кон НАТО, притоа истакнувајќи дека „единицата даде посебен белег не само во професионализацијата на Армијата, туку и во градењето на високите стандарди во обуката на специјалните единици, заради што прерасна во високопочитувана единица од овој вид во европски и светски рамки".

Република Македонија, но и целата меѓународна заедница, имаа прилика да се уверат во подготвеноста на припадниците на Полкот за специјални операции кои со успешното извршување на мисијата „Слобода за Ирак" во практика ги применуваа стекнатите знаења и вештини. „Низ единаесетте ротации, пет години професионално извршувавте најсложени задачи демонстрирајќи тактики, техники и процедури кои најдоа место во научените лекции не само кај нас, туку и кај партнерите од армијата на САД со кои заедно ја извршувавте мисијата", потенцираше началникот на ГШ на АРМ.

„Заложбите на Република Македонија за активно учество во борбата против тероризмот како најголемо зло на денешницата во светски рамки, високообучениот персонал и примената на стандардите на НАТО, и денес се основните параметри за претстојното учество во мисијата ИСАФ на дел од припадниците на Полкот за специјални операции. Верувам дека сложената и напорна обука, како и сеопфатните и темелни подготовки за заедничкото распоредување во Авганистан со припадниците на Националната гарда на Вермонт од САД, ќе бидат гаранција за успешно извршување на задачите во мисијата ИСАФ" порача генералот Стојановски.

На крајот од своето обраќање началникот на ГШ на АРМ порача: „Денес, прославувајќи го Денот на полкот за специјални операции, не можеме да го сокриеме чувството на задоволство од сето она што е досега сработено но, исто така, не смее да се заборави дека вие, припадниците на Полкот за специјални операции, со успесите кои ги постигнавте, на најдобар начин ја афирмиравте и Република Македонија. Верувам дека ова чувство со нас го споделува и секој граѓанин на нашата земја, кој секогаш знае да ги цени успесите на храбрите припадници на пСО – господари на својата професија, кои безброј пати го оправдаа мотото на единицата 'повеќе од можното'. Затоа и понатаму ќе веруваме во вас и ќе ве поддржуваме во вашите напори цврсто да чекорите кон височините, на пиедесталот на најуспешните, кадешто секогаш гордо ќе го веете македонското знаме".

СИНОНИМ ЗА КВАЛИТЕТ

Самиот процес на професионализација на АРМ, всушност, започна во оваа единица, кога во 1994 година, токму на 1 март беше формиран Баталјонот за специјални намени составен само од професионални војници. Оттогаш па сè до денес за единицата и не може повеќе да се каже од она што тие досега практично и го покажаа, како во Република Македонија така и при извршувањето на многу сложени меѓународни миисии во борбата против глобалниот тероризам со една единствена цел – зачувување и одржување на светскиот мир. Сите вредности и карактеристики кои го красат секој припадник на единицата, макотрпно се градени во текот на целото нејзино постоење. За квалитетите на единицата и за високиот професионализам на нејзините припадници зборуваат делата и многубројните признанија добиени од земјите-членки на НАТО. Синонимот да се остане во врвот и да се биде модерен и врвно обучен војник во АРМ доаѓа сам по себе како резултат на високата мотивираност, ентузијазмот, професионалноста во извршувањето на поставените задачи и силната желба да се биде не само најдобар, туку и совршен.

Командантот на Полкот за специјални операции, полковникот Зоран Додевски поздравувајќи ги присутните гости и припадниците на единицата истакна дека претставува гордост да се биде на корми-

лото на една ваква сила на која можат да сметаат сите граѓани на нашата татковина. „Ние сме луѓе од народот и луѓе за народот, сме правеле и ќе правиме повеќе од возможното, сме биле и ќе бидеме секогаш први, сме биле и ќе бидеме секогаш чекор пред другите. Она што сме, и она што ќе бидеме, е веќе докажано низ нашето многугодишно учество во сите мисии на АРМ, како и низ нашето моментално присуство на повеќе контингенти во светот. Она што сме и она што ќе бидеме е веќе потврдено со повеќе од 100 одликувања доделени на нашите припадници, и со многубројните пријателства и врски воспоставени со нашите браќа од целиот свет", нагласи полковникот Додевски.

На свеченоста не беа заборавени ниту младите ликови на припадниците од единицата коишто, како што истакна командантот на пСО, „ги положија своите животи на олтарот на татковината, како и сите оние кои ги посветија своите животи во изградбата на вредностите на единицата, за денес да бидеме она што сме". Во нивна чест, на спомен-обележјето, свежо цвеќе положија командантите, родниците и пријателите на единицата.

тролна точка на „брза рака". По добиените сознанија за присуство на лице од висока важност кое е барано, добиена е задача единицата да го зароби лицето и да се приведе во базата. По поставувањето на контролната точка беа изведени постапки за обезбедување на местото каде што се изврши контрола на патот. По приближувањето на возилото кое однапред е забележано, а во кое се наоѓа „опасното лице", првата постапка беше т.н. „мека постапка", односно претрес на лицето и возилото. По откривањето на опасните материи, оружје и документи, се пристапи кон т.н. поцврст метод во кој беа приведени луѓето, се заплени возилото и оружјето, со што контролната точка престана да биде „мека". Потоа се пристапи кон понатамошна обработка на запленетите материјали и на лицата.

Во втората работна точка дел од припадниците на пСО прикажаа дел од вештините на повеќенаменската кула. Беа прикажани постапки при брзо спуштање од северната страна на култата со која се симболизираше начин на инфилтрација, односно доаѓање на бојното поле или на објектот за извршување на задачата. Истиот начин на спуштање се применува и во урбана средина во којашто има повисоки објекти или при инфилтрација од хеликоптер. По спуштањето припадниците заземаат позиција за обезбедување на објектот за спуштање. Воедно беше прикажан и вториот начин на спуштање од источната страна на кулата, таканаречениот репелинг, во којшто има неколку техники на спуштање – постапно или побрзо спуштање. Потоа беше прикажано и спуштање во скокови. Воедно беше прикажано и влегување во објекти преку прозорци и врати, како и посебни техники на спуштање.

Во последната работна точка припадниците на пСО прикажаа дел од боречките вештини стекнати при повеќегодишното работење во единицата и од обуката во НР Кина.

По повод 1 март – Денот на единицата, припадниците на Полкот за специјални операции уште еднаш ја покажаа својата хуманост со спроведувањето акција за доброволно дарување крв, а воедно во кругот на касарната беа засадени и повеќе садници кои беа донирани од Шумското стопанство „Караџица" од Скопје. Во рамките на свеченоста беа доделени и пригодни награди за најуспешните поединци и екипи на спортските натпревари во мал фудбал, кошарка, одбојка, шах и стрелаштво, на коишто учество зедоа екипи од единиците на АРМ и екипи на соработници на единицата.

Љупчо Белчовски

ДЕМОНСТРАЦИЈА НА ПОДГОТВЕНОСТА

Својот препознатлив имиџ стекнат со континуираното постигнување на врвни резултати, на крајот од свеченоста и практично го прикажаа пред присутните гости со реализација на показни вежби на кои можеа да се видат одлучноста, брзината и храброста слеани заедно во една слика. Најнапред пред присутните припадници на пСО кои се подготвуваа за претстојната мисија во Авганистан нивните колеги демонстрираа работа на кон-

СПАСУВАЊЕ НА ЗАТРУПАНИ ОД ЛАВИНА

ОБУКА ВО ЗИМСКИ УСЛОВИ НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА ПСО НА АРМ

На 14 март, министерот за одбрана, Зоран Конјановски, придружуван од началникот на ГШ на АРМ, генерал-потполковник Мирослав Стојановски, ги посети „волците" на АРМ од составот на Полкот за специјални операции (пСО) кои на Попова Шапка изведуваа обука во зимски услови.

За време на посетата „волците" пред јавноста демонстрираа дел од обученоста за базирање, извршување на задачи и престој во логорска просторија во зимски услови. Воедно, со помош на показна вежба беше презентирана новата најсофистицирана опрема од швајцарско потекло која оваа година е набавена за потребите на пСО, а која служи за откривање и за спасување на лица и предмети кои се затрупани од лавина.

По добиената задача за извидувањето на теренот, тим од единицата за специјални намени добива задача да ја уреди логорската просторија во која ќе може да живее и да работи од 3-5 дена. За таа цел тимот подготвува и уредува фортификациски објекти – бивачи за престој на едно лице т.н. мечкина дупка, бивак за престој на две лица, импровизирана кујна, објект за утврдување и за дејство, објект за брифирање, за издавање задачи и за одмор, како и набљудувачница. Сите изработени фортификациски објекти се поврзани со сообраќајница заради непречена комуникација и движење на тимот.

СО „БАРИВОКС" ДО ЦЕЛТА

И овој пат „волците" на АРМ на дело покажаа дека се единица за специјални намени, дека се обучени и извежбани да се справат со секакви ситуации. Така беше и овој пат кога демонстрираа начин на справување со лавина во која има настрадани лица. Притоа, за првпат беше прикажана употребата на новонабавената специјална опрема од швајцарско потекло.

Пребарувањето на теренот со цел лоцирање на затрупаните лица и предмети беше прикачано со помош на новиот апарат „баривокс" (ARWA), кој го носи секој член на тимот и кој со звучен сигнал го насочува пребарувачот кон затрупаниот и му покажува на која длабочина е затрупан. По пронаоѓањето беше демонстрирано негово откопување, слој по слој.

На следната работна точка една група демонстрираше начин на пребарување во лавина со помош на специјалните сонди за таа намена. Како што беше демонстрирано, пребарувањето се изврши постапно, чекор по чекор, на растојание од 30 cm.

На крајот беше демонстрирана и постапка на извлекување, укажување прва помош и транспорт на ранети и повредени лица со помош на специјална санка.

СИМУЛАЦИЈА НА ПРЕБАРУВАЊЕ ТЕРЕН

„Денес како министер за одбрана навистина сум среќен, се чувствувам горд и исполнет од она што можев да го видам на дело, како работат припадниците на АРМ од составот на пСО. Имавме можност да видиме една показна вежба во зимски услови и притоа имаше симулација на пребарување на терен затрупан од лавина. Директно, на терен, можевме да се увериме како тоа се прави и да ја испробаме новата најсофистицирана опрема која оваа година ја набавивме за потребите на пСО. На дело можевме да видиме и да уживаме во показната вежба која ја изведоа припадниците на АРМ од пСО. Вакви вежбовни активности, ќе продолжат и во иднина. Целта ни е и понатаму да го збогатуваме асортиманот на разни вежбовни активности на Попова Шапка", изјави во таа пригода министерот за одбрана, Зоран Конјановски.

Воедно, министерот за одбрана најави дека од оваа година Министерството за одбрана ќа започне со реновирање на објектот на поранешната караула „Попова Шапка" во кој припадниците на АРМ ќе имаат одлични услови за сместување, за престој и за изведување обука. „Би сакале овој центар да го промовираме во Регионален центар за обука во зимски услови и тоа веќе го имаме најавено кај некои наши пријателски земји. Воедно би имале и заеднички вежбовни активности како во зимски, така и во летни услови", нагласи министерот Конјановски. „Денес имавме можност уште еднаш да се увериме дека припадниците на единицата за специјални намени изведоа вежбовни активности во различни временски и земјишни услови. Ова што денеска можевме да го видиме е резултат на заедничката обука со припадниците на вооружените сили на Швајцарската Конфедерација со кои оваа единица подолг временски период има исклучително добри врски и квалитетна обука. Ние ќе продолжиме и понатаму да инвестираме во оваа единица бидејќи ако сакаме да имаме една единица на високо ниво на подготвеност, потребно е да се инвестира и во обуката, но и во набавката на нова опрема. Јас се надевам дека нема да имаме потреба во практика да го покажеме сето она што го работи пСО. Меѓутоа, ако за тоа навистина се укаже потреба ние сме секогаш тука да им укажеме помош на сите институции кои во одредена ситуација ќе имаат потреба за такво нешто", изјави во таа пригода началникот на ГШ на АРМ, генерал-потполковник Мирослав Стојановски.

На денот на обиколката, обуката во зимски услови ја изведуваа „волците", но иста ваква обука реализира целокупниот персонал од составот на Полкот за специјални операции на АРМ.

З.Р.

ЕДЕН ТИМ – ЕДНА МИС

МЕДАЛИ НА СЕЕБРИГ ЗА ПРИПАДНИЦИ НА АРМ

Во рамките на СЕДМ–процесот, со цел да придонесат кон мирот и безбедноста во регионот и да ги одржат добрососедските односи меѓу нашите земји, министрите за одбрана од седум земји–учеснички (Албанија, Бугарија, Грција, Италија, Македонија, Романија и Турција), на 26 септември 1998 година во Скопје, Република Македонија, ја потпишаа Спогодбата за мултинационалните мировни сили на Југоисточна Европа. Меѓу другите СЕДМ–иницијативи, најголемо значење за нас има, секако, иницијативата за мултинационалните мировни сили на Југоисточна Европа, односно СЕЕБРИГ.

Церемонијата на инаугурација на Бригадата се одржа на 31 август 1999 година во Пловдив, Република Бугарија (земја 2), каде што беше активиран првиот штаб на СЕЕБРИГ, кога офицери и подофицери од седумте земји–учеснички и останатиот персонал од земјата-домаќин ја започнаа својата работа. Тој конкретен момент го обележува роденденот на бригадата СЕЕБРИГ.

Огромните напори на персоналот на СЕЕБРИГ од самиот почеток под мотото „ЕДЕН ТИМ – ЕДНА МИСИЈА“, продолжија на истиот начин и во Констанца и во Истанбул. Во текот на овие 10 години СЕЕБРИГ прогресивно се развива, се консолидира и ги зголемува своите оперативни способности. Бригадата на Југоисточна Европа со право е горда на тоа што досега го има постигнато со заеднички сили.

Од своето создавање досега СЕЕБРИГ има реализирано 17 вежби и има учествувано во 22 други вежби. Во овој контекст треба да се нагласи дека во периодот од февруари–август 2006 година Штабот на СЕЕБРИГ ја имаше својата прва мисија во Кабул, Авганистан, под команда на СЕЕБРИГ.

СЕЕБРИГ денес претставува исклучителен резултат во нашето безбедносно окружување. Покрај тоа што служи како инструмент за постигнување на одредени цели, СЕЕБРИГ воедно претставува и симбол на мирот и стабилноста во нашиот регион.

Неодамна, во Домот на АРМ во Скопје се одржа свеченост за доделување на „Медал за постигнување на СЕЕБРИГ“ на единаесет припадници на АРМ кои биле на служба во Бригадата на Југоисточна Европа – СЕЕБРИГ. Медалот на СЕЕБРИГ на припадниците на АРМ им ги доделија командантот на СЕЕБРИГ, бригадниот генерал Зибер Душку.

На свеченоста присуствуваа министерот за одбрана, Зоран Коњановски, началникот на ГШ на АРМ, генерал-потполковник Мирослав Стојановски, дел од персоналот на СЕЕБРИГ, семејствата на одликуваните припадници на АРМ, претставници од МО и ГШ на АРМ и други гости.

По тој повод пригодни обраќања имаа началникот на ГШ на АРМ, генерал-потполковник Мирослав Стојановски и командантот на СЕЕБРИГ, бригадниот генерал Зибер Душку.

1. СРЕДБА НА НГШ НА АРМ И КОМАНДАНТОТ НА СЕЕБРИГ, ГЕНЕРАЛИТЕ МИРОСЛАВ СТОЈАНОВСКИ И ЗИБЕР ДУШКУ

2. ЕДИНАЕСЕТ ПРИПАДНИЦИ НА АРМ БЕА ОДЛИКУВАНИ СО „МЕДАЛ ЗА ПОСТИГНУВАЊЕ НА СЕЕБРИГ“

ДОКАЗ И ПРИЗНАНИЕ ЗА ГОЛЕМАТА ПРОФЕСИОНАЛНОСТ

„Во изминативе дванаесет години, сведоци сме за огромните напори кои земјите од Југоисточна Европа ги вложуваат во насока на јакнењето на регионалната безбедност и стабилност. Република Македонија, како активна членка на регионалната иницијатива, во штабот на бригадата учествува со припадници на АРМ од формирањето на бригадата. Само во штабот на СЕЕБРИГ досега се распоредени 11 припадници на АРМ, додека во формацискиот состав партиципираме со декларирани сили во јачина од

ИЈА

★ од ЗДРАВКО РИЗОВСКИ

една механизирана пешадиска чета и инженериски вод. Своите капацитети за распоредување и можностите за придонес во креирањето на безбедноста, бригадата ги потврди на почетокот на 2006 година, со распоредувањето на штабот на бригадата во Кабул во рамките на мисијата ИСАФ во Авганистан. Но, процесот на подготовки на штабот и декларираните единици, како и одржувањето на високите стандарди во обуката на персоналот на бригадата кои се креирани во согласност со стандардите на НАТО–алијансата, ќе беше невозможен без бројните успешно изведени вежби на кои од 2000 година до денес, од Пловдив, преку Констанца и Истанбул, покрај декларираните единици, учествувале над 100 припадници на АРМ. Научените лекции од учеството во активностите на бригадата, како и од мисиите, за нас се од огромно значење, а припадниците на АРМ кои успешно ги извршуваа задачите во оваа бригада, на најдобар можен начин го дадоа својот придонес кон градењето на интероперативноста и имплементацијата на стандардите на НАТО, што, секако, е најголемата придобивка, не само за АРМ туку и за останатите припадници на армиите кои се во составот на бригадата. За сериозноста со која АРМ му пријде на учеството во СЕЕБРИГ говорат високите оцени од инспекцијата на обученоста на декларираните единици, како и беспрекорното извршување на сите задачи и преземени обврски во рамките на иницијативата. Доказ и признание за високиот степен на професионализам, за несебичното залагање и постигнатите високи резултати за време на ангажирањето на припадниците на АРМ во СЕЕБРИГ е и денешнава церемонија, на која командантот на СЕЕБРИГ, бригадниот генерал Зибер Душку, на единаесет припадници на АРМ ќе им додели Медал на СЕЕБРИГ за постигнување“, истакна началникот на ГШ на АРМ, генерал-потполковник Мирослав Стојановски.

„Борбата против тероризмот, развојот и јакнењето на демократијата и пазарната економија, како и императивот за целосна интеграција во евроатлантските безбедносни структури, додаде генералот Стојановски, се темелните вредности за повеќегодишното успешно функционирање на СЕЕБРИГ. Затоа новите форми на делување и ангажирање на оваа единица повеќе од сигурно е дека во иднина ќе бидат изразени преку нејзиното можно ангажирање во операции за справување со последици од природни катастрофи, како и распоредување во мисии предводени од НАТО, од ОН и од ОБСЕ. Кога зборуваме за ангажирањето на припадниците на АРМ во СЕЕБРИГ во наредниот период, сакам посебно да го истакнам планираното назначување на командантот на СЕЕБРИГ од составот на АРМ за периодот од 2011 до 2013 година, како и на дел од клучниот персонал во штабот на бригадата, што претставува голем предизвик за Армијата“.

„Со вашата успешна работа, дадовте голем придонес во развојот на регионалната безбедност испишувајќи ја историјата на СЕЕБРИГ, заедно со вашите ‘браќа по оружје’ од останатите армии со кои го градевте препознатливиот заеднички дух и ентузијазам. Затоа, овој медал претставува чин на благодарност и признание, за вас, но и за вашите семејства без чија поддршка немаше да бидете во можност успешно да ја претставувате и

да ја афирмирате Република Македонија и АРМ. Верувам дека ќе бидете горди на овој ден зашто медалот кој ви се доделува, ќе биде поттик за сегашните и за идните генерации припадници на АРМ кои ќе продолжат по патот по кој вие тргнавте“, порача началникот на ГШ на АРМ.

СПОДЕЛУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИ ВРЕДНОСТИ

Командантот на СЕЕБРИГ, бригадниот генерал Зибер Душку, во своето обраќање, меѓу другото истакна:. „Мило ми е што денес сум со сите вас во оваа посебна прилика. За нас, припадниците на Штабот на СЕЕБРИГ а, особено, за мене како командант на СЕЕБРИГ, претставува голема чест да бидеме заедно со офицерите и со подофицерите од земјата 5 кои работеа во изминатите 10 години како припадници на Штабот на СЕЕБРИГ, споделувајќи ги заедничките вредности со претставниците на другите шест земји и заеднички придонесувајќи кон регионалната безбедност и стабилност. Тие ги извршуваа своите задачи на навистина ефикасен, сигурен и професионален начин. Овие квалитети, заедно со нивниот пријателски пристап, овозможија развивање и одржување на атмосфера на гордост и професионализам во нашиот штаб сите овие години. Да работиме и понатаму заеднички да го зачуваме симболот на СЕЕБРИГ, потенцираше генералот Душку. Сигурен сум и цврсто верувам во светлата иднина на СЕЕБРИГ. Напорите на многубројниот воен и цивилен персонал во текот на изминатите години значително придонесоа кон збогатувањето на историјата на СЕЕБРИГ. Како признание за одличните резултати и заради промовирање на СЕЕБРИГ во едно пошироко цивилно и воено окружување, нашите земји одлучија да воведат Медал на СЕЕБРИГ за постигнување. Овој медал им се доделува на лицата кои успешно работат повеќе од една година како припадници на основниот штаб на СЕЕБРИГ“.

„Не треба да ги заборавиме ниту семејствата на нашите припадници, истакна на крајот од своето обраќање командантот на СЕЕБРИГ. Тие претставуваат вистинска поддршка и во целост заслужуваат голема благодарност. Навистина ми е многу мило што некои од нив денес се тука со нас. Без разлика на чиновите, би сакал уште еднаш да му се заблагодарам на целокупниот персонал од земјата пет кој на еден или на друг начин во текот на овие десет години придонесоа и понатаму придонесуваат за напредокот на СЕЕБРИГ“.

ПОТТИК ЗА ПОСТИГНУВАЊЕ ПОДОБРИ РЕЗУЛТАТИ

Во името на одликуваните свое обраќање пред присутните имаше полковникот Златко Ончевски кој, меѓу другото, истакна: „СЕЕБРИГ е одличен пример како армиите на повеќе држави успешно и здружено една до друга ја подготвуваат оваа мировна бригада со единствена цел – обезбедување и одржување на мирот и стабилноста, пред сè, во регионот и, секако, пошироко во светот. Би сакал кратко да ве потсетам на почетоците на преговорите и на формирањето на бригадата кои датираат од втората половина на 90-тите каде бев и непосредно вклучен. Во тој процес значајна улога и помош имавме од САД кои беа и автори на идејата и константно во целиот овој период останаа силни поддржувачи. Есента 1999 г. штабот на СЕЕБРИГ беше формиран и пополнет со припадници на седум армии меѓу кои, секако, и со припадници од АРМ. Амбиентот на интернационалност и создадените односи на меѓусебна координација, соработка, доверба и заемна помош, беше и остана гарант за успешно реализирање на огромен број задачи и активности од страна на сите досегашни припадници, почнувајќи од Пловдив, Костанца, Истанбул, продолжувајќи идната година во Лариса. Лично се надевам и верувам дека многу брзо и нашата земја ќе биде домаќин на Штабот на СЕЕБРИГ и уште еднаш ќе ја потврдиме својата подготвеност и посветеност кон евроатлантските интеграции. Дозволете ми во име на моите колеги и нивните најблиски, и во мое лично име да се заблагодарам за укажаната чест. Овие признанија се поттик за секој иден припадник на СЕЕБРИГ да продолжат со уште поголем елан и посветеност и здружени да постигнат подобри достигнувања од досегашните“. ★

ЈУБИЛЕЈНА СВЕЧЕНА ЗАКЛЕТВА

ДЕСЕТТА ГЕНЕРАЦИЈА ВОЈНИЦИ НА ДОБРОВОЛНО СЛУЖЕЊЕ НА ВОЕНИОТ РОК

На 26 февруари во касарната „Алексо Демниевски–Бауман" во Велес, во Командата за обука се одржа свеченост по повод давањето заклетва на десеттата генерација граѓани на доброволно служење на воениот рок.

Во присуство на многубројни гости, претставници од единиците на АРМ, претставници од цивилните структури на градот Велес и многубројни родители, роднини и пријатели на младите војници, 196 граѓани на доброволно служење на воениот рок, построени во војнички строј, во еден глас го изговараа текстот на заклетвата. На свечен и достоинствен начин се заколнаа дека ќе ги извршуваат должностите и обврските како бранители на најсветото, а тоа е слободата и независноста на својата татковина. Меѓу нив има и 8 припадници од понежниот пол.

Командант на свеченоста беше командантот на КзО, полковник Љупчо Костовски, кој од свечената говорница во својот пригоден говор на десеттата генерација војници кои доброволно пристапија на служење на воениот рок, меѓу другото, им порача дека од нив во наредните три месеци се очекува максимално залагање за успешно совладување на планираната обука и со нивното дисциплинирано однесување да претставуваат пример за градење на цврсти меѓучовечки и меѓунационални односи.

По повод свечената заклетва на младите војници беше прочитана телеграма од началникот на ГШ на АРМ, генерал-потполковник Мирослав Стојановски, кој во свое лично име и од името на Генералштабот на АРМ им ја честиташе свечено дадената заклетва. Во телеграмата, меѓу другото, тој порачува: „Да се биде војник и припадник на АРМ за еден млад човек значи доказ за неговата зрелост, но и предизвик за испитување на сопствените можности да се заврши обуката со успех".

По завршувањето на свеченоста сите млади војници беа пуштени на викенд со своите најблиски, а по викендот продолжија со обуката во којашто тие ќе го дадат својот придонес во изградбата на одбранбените способности, исто како и генерациите кои претходно го отслужија воениот рок.

Славица Николовска

ВО ДЕСЕТТАТА ЈУБИЛЕЈНА ГЕНЕРАЦИЈА, 196 ГРАЃАНИ НА ДОБРОВОЛНО СЛУЖЕЊЕ НА ВОЕНИОТ РОК, ПОСТРОЕНИ ВО ВОЈНИЧКИ СТРОЈ, ВО ЕДЕН ГЛАС ГО ИЗГОВАРАА ТЕКСТОТ НА ЗАКЛЕТВАТА. НА СВЕЧЕН И ДОСТОИНСТВЕН НАЧИН СЕ ЗАКОЛНАА ДЕКА ЌЕ ГИ ИЗВРШУВААТ ДОЛЖНОСТИТЕ И ОБВРСКИТЕ КАКО БРАНИТЕЛИ НА НАЈСВЕТОТО, А ТОА Е СЛОБОДАТА И НЕЗАВИСНОСТА НА СВОЈАТА ТАТКОВИНА. МЕЃУ НИВ И ОВОЈПАТ ИМА И 8 ПРИПАДНИЧКИ ОД ПОНЕЖНИОТ ПОЛ

СВЕЧЕНОСТИ, ТРАДИЦИИ

ПРОМОВИРАНИ НОВИ ОФИЦЕРИ ЗА СЛУЖБИТЕ ВО АРМ

Во касарната „Гоце Делчев“ во Скопје свечено беше промовирана првата генерација офицери на обновената Воена академија кои се стекнаа со чин поручник по завршувањето на Курсот за стручно оспособување и усовршување на офицери за службите во АРМ.

Од вкупно 21 офицер, девет се од редовите на професионалните војници кои по редовен пат беа произведени во подофицери, а останатите се цивили кои поминаа од три до шестмесечна теоретска и практична обука во Воената академија, во Центарот за обука во Велес и на воениот полигон „Криволак“.

„Посебно сум горд што девет офицери кои се здобија со чин се од редовите од професионалните војници. Тоа е еден од начините како може професионалните војници да продолжат и понатаму да бидат активни во АРМ“, изјави, меѓу другото, министерот за одбрана, Зоран Коњановски, по свеченоста на која присуствуваа заменик-министерот за одбрана, Емил Димитриев, заменикот на началникот на ГШ на АРМ, Насер Сејдини, претставници од МО и од АРМ, како и членови на семејствата на промовираните офицери.

Министерот Коњановски, честитајќи им на офицерите, им порача да работат посветено, чесно и хумано. „Вие ја носите униформата на АРМ која значи гордост за Република Македонија, униформа по која сме препознатливи во целиот свет како добро подготвена, едуцирана и хумана армија“, нагласи министерот Коњановски, ветувајќи во името на МО и на АРМ дека како и досега, и во иднина ќе се продолжи со овозможување најдобри услови за едукација и подготовки.

Прворангираниот поручник Петар Петровиќ, изјави: „Кариерата во АРМ ја започнав како професионален војник. Најнапред бев припадник на падобранската единица, потоа станав подофицер во Полкот за специјални операции и сега станав офицер. Со нашето промовирање во офицери не значи дека тука ќе застанеме. Ни претстои уште стручно усовршување во АРМ. Мојата цел е да станам наставник по падобранство бидејќи тоа е мојата специјалност“.

„Јас во мојата професионална кариера започнав како професионален војник, подоцна станав подофицер и сега офицер на АРМ. За мене ова претставува голема сатисфакција како што сум работел досега така ќе продолжам да работам во изградбата на новата и современа АРМ“, изјави второрангираниот поручник Филип Гајдов.

Еден од промовираните офицери беше и поручникот Сузана Станојковска–Кузмановска која, како што изјави, се чувствува гордо и среќно. „Јас сум од санитетската служба. Поминав 6-месечна напорна обука, но со поддршка на семејството успешно ја завршив. Сопругот ми е воено лице, сега и јас, а можно е понатаму тоа да биде и мојот син“, изјави треторангираниот поручник Кузмановска.

З.Р.

2

ВО ЧЕСТ НА ТАТКОТО НА МОДЕРНА ТУРЦИЈА

Амбасадата на Република Турција во Република Македонија и делегација на вооружените сили на Република Турција, предводена од бригадниот генерал Етхем Бујукишик, на 13 март 2010 година, во Битола, со воени почести и со богата уметничка програма што ја приреди традиционалниот воен оркестар „Мехтер“ кој е во составот на Генералштабот на турските вооружени сили, го одбележаа денот кога пред 111 години во овој град дипломирал таткото на модерна Турција, Мустафа Кемал Ататурк.

На свеченоста присуствуваа министерот за одбрана, Зоран Коњановски, генерали на АРМ, команданти на единиците на АРМ, амбасадори и воени аташеи на странски држави, градоначалникот на Битола и други гости.

„Ова е голем ден за Турција, но голем ден и за Република Македонија и за целиот свет бидејќи големите личности не припаѓаат само на една нација, напротив, големите личности им припаѓаат на сите нации во светот“, нагласи министерот за одбрана, Зоран Коњановски, на свеченоста во Битола. Министерот Коњановски уште еднаш ја потврди одличната комуникација и соработка меѓу двете држави, посебно во сферата на одбраната. „Армиите на двете земји имаат одлична соработка и во оваа прилика сакам да изразам јавна благодарност за донациите што турската армија ги додели на АРМ, за поддршката во процесот на едукација на старешинскиот кадар на АРМ во турските високообразовни центри и за големата несебична дипломатска поддршка што нашиот пријател Турција ја дава за интеграцијата на Македонија во НАТО“, посочи министерот Коњановски.

На свеченоста во НУ „Завод и Музеј – Битола“, амбасадорот на Република Турција во Република Македонија, Хакан Окчал, потсети на значењето на Военото училиште во Битола и на влијанието на Кемал Ататурк врз развојот во неговиот живот. „Посакуваме Воената идадија и Битола да бидат извор на инспирација за младите генерации. Ататурк е син на Македонија која сакаме да се развива на секое поле. Го поддржуваме зачленувањето на Република Македонија во ЕУ и во НАТО и правото за истакнување на нејзиното уставно име како и на секоја друга земја“, рече турскиот амбасадор Окчал.

Истиот ден традиционалниот воен оркестар „Мехтер“ одржа концерт во Домот на АРМ во Скопје кој имаше голема посетеност.

За време на тридневната официјална посета на делегацијата на турската армија предводена од бригадниот генерал Етхем Бујукишик, беше реализирана и средба со заменикот на началникот на Генералштабот на АРМ, генерал-мајорот Насер Сејдини. На средбата беше истакната одличната соработка помеѓу турските вооружени сили и Армијата на Република Македонија.

3

КУРС ПО ТУРСКИ ЈАЗИК

Во Воената академија, во касарната „Гоце Делчев“ во Скопје, во тек е курсот за изучување на турскиот јазик за учебната 2009/2010 година, кој се одржува во лабораторијата по турски јазик која е подарок од Генералштабот на Турските вооружени сили за Армијата на Република Македонија. Лабораторијата е отворена на 24 октомври 2002 година.

Курсот по турски јазик го финансира Генералштабот на Турските вооружени сили преку военото аташе на Р. Турција во Р. Македонија. Организиран е за припадниците на АРМ кои

се упатуваат на понатамошно школување за разни воени специјалности во Р. Турција. Од отворањето на лабораторијата по турски јазик досега курсот успешно го имаат завршено повеќе од 60 припадници на АРМ.

Од 2004 година па наваму програмата за изучување на турскиот јазик ја реализира професорот по турски јазик, Шенај Кутај.

Во рамките на наставата, со учениците редовно се посетува и спомен-собата на Кемал Ататурк во Музејот на Битола. Ататурк во истата зграда пред 111 години има дипломирано на тогашната Воена гимназија.

Кире Веселинов

КОДОТ НА МИСИЈАТА

КРАТОК ПРИРАЧНИК ЗА ИДНИТЕ МИСИОНЕРИ

Преводот на зборот „мисија“ – „доверлива задача“ или „специјална задача“ не е ништо помалку звучен од зборот мисија. Овој термин многу се употребува во Македонија во последните неколку години, особено во политичките и во воените кругови, збор кој при изговорот предизвикува различни чувства: гордост, страв или предизвик. Постојат повеќе видови мисии: политички, животни и најактуелните во Македонија во последните неколку години, воени или мировни мисии.

Поради многу околности, меѓу кои и поради мојата професија, ќе се задржам на воените, т.е. на мировните мисии, а посебно на мировните мисии предводени од Обединетите нации. Поголемиот дел од текстот се однесува претежно на, условно кажано, војниците кои во иднина би биле вклучени во некоја мировна мисија предводена од ОН и на тоа што треба да очекуваат и како да се однесуваат за време на мисијата.

За започнување на одредена мировна мисија во некое конфликтно подрачје во светот, потребен е меѓународен легитимитет, меѓународна политичка поддршка и согласност од инволвираните страни во конфликтот. Меѓународната политичка поддршка се изразува низ Резолуција (Одлука) на Советот за безбедност на ООН кој се состои од пет постојани членки (Кина, Франција, Велика Британија, Русија и САД) и 10 привремени членки избрани од Генералното собрание на ОН со мандат од две години. За започнување на мировна мисија не е потребна само согласноста на инволвираните страни за присуство на меѓународни воени сили на нивната територија туку и согласност од земјите кои не се инволвирани во конфликтот за тоа дека се подготвени за учество во мисијата со свој персонал.

МИСИОНЕРСКА НОМЕНКЛАТУРА

Во процесот за смирување на конфликтот и воспоставување мир во одредено конфликтно подрачје во светот можат да се употребат политички, дипломатски и воени средства. Според употребените средства во процесот постојат неколку називи за операциите за поддршка на мирот.

„***Превентивна дипломатија***“ е процес во кој се дејствува со политички и дипломатски средства со цел спречување на развојот на проблемите помеѓу инволвираните страни за да проблемите не прераснат во судири, а по избувнувањето на судирите, нивно ограничување и контрола.

Процесот на „***создавање на мирот***“ се состои од дипломатски активности со цел инволвираните страни со мирни средства да се донесат на преговарачка маса за постигнување договор за прекинување на конфликтот.

Во процесот „***градење на мирот***“ се спроведуваат активности со кои се поддржуваат мерките и структурите кои ќе го зацврстат мирот и ќе изградат доверба и соработка помеѓу поранешните непријатели со цел да се оневозможи обновувањето на конфликтот.

„***Наметнување на мирот***“ е неопходно кога со мирни средства не се успеало во смирувањето на конфликтот. Наметнувањето на мирот се состои од дејства опишани во Глава VII од Повелбата на ОН и вклучува употреба на воена сила за одржување или за враќање на меѓународниот мир и безбедност во ситуација кога Советот за безбедност на ОН утврдил постоење на закани кон меѓународниот мир и безбедност или агресија кон одредена суверена земја.

„***Чување на мирот***“ е процес во кој на конфликтната територија е присутен меѓународен воен и цивилен персонал со согласност на инволвираните страни во конфликтот, за имплементација или за мониторинг на имплементацијата на договореното (прекин на огнот, раздвојување на силите…), имплементација на резолуциите на ОН и заштита на испораките на хуманитарната помош.

ПРОЦЕС НА ПОДГОТОВКА

За испраќање на персоналот во мировни мисии од голема важност е неговата подготовка, а ништо помалку важно не е и однесувањето на секој поединец за време на извршувањето на мисијата.

Подготовката на персоналот треба да се изврши низ **три фази**:

I фаза: Општа подготовка

Општата подготовка на персоналот ја опфаќа: селекцијата и концентрацијата на персоналот, спроведување на потребните персонално-административни работи, запознавање на персоналот со историјата на операцијата, т.е мисијата, запознавање со организациската структура на мисијата и запознавање со кодот на однесување за време на мисијата.

II фаза: Посебна обука

Оваа фаза ги опфаќа општите способности и безбедносната обука со тежиште на физичката подготвеност, особено познавањето на личното вооружување, укажувањето прва помош, НХБО–обука, општите познавања и предупредувањата кои се однесуваат на постапките при откривање на мини и минско-експлозивни средства, дневните обврски кои ги очекува персоналот за време на мисијата итн.

III фаза: Запознавање со правилата

Во третата фаза персоналот треба да се запознае со правилата за ангажирање (познатите Rules Of Engagement - ROE), да се обучи во поставување на набљудувачници, контролни точки, позиции, патролирање, придружување на конвои и на важни личности, испраќање извештаи, користење на средствата за врски, управување со моторни возила…

ПРИРОДАТА НА МИСИИТЕ НА ОН

Мировните мисии на ОН се повеќе политички отколку воени операции иако многу често тие се спроведуваат со воен персонал.

Професионалните војници се обучени за водење борба, подготвени се да се сретнат „сила со сила", меѓутоа војниците кои треба да се испратат во мисија предводена од ОН заслужуваат посебни појаснувања заради посебниот однос и пристапот кој се бара од нив за време на мисијата.

Војниците на ОН не се испраќаат како окупаторска сила, туку како трета страна во конфликтот. Како учесник во една таква мисија на ум секогаш треба да се има: доброто однесување и самодисциплината кои претставуваат голема сигурност за секој војник, должноста трае непрекинато, т.е. по она познатото 24/7 (24 часа на ден и 7 дена во неделата), однесувањето и говорот секогаш се и одблиску перципирани и дека мировникот на ОН не е само амбасадор на својата земја, туку и амбасадор на ОН.

ДИПЛОМАТИЈАТА КАКО ОРУЖЈЕ

Најсилното оружје за еден мировник (peacekeeper) на ОН не е оружјето, т.е пушката, туку способноста за медијаторство и преговарање. Најголемиот непријател на еден миротворец со син шлем е неуспехот да се разберат културата, обичаите и навиките на локалното население т.е. на населението во зоната на мисијата и евентуалната омраза кон него. Тоа мора да биде и предмет на специјалната обука пред испраќањето во мисијата.

Со оглед на тоа дека мисиите предводени од ОН траат подолг период, заминувањето во една таква мисија не треба да биде начин како да се побегне од некој домашен проблем. За проблемите треба да се дискутира со најблиските или со своите претпоставени за да се изнајде решение, а не да се дојде до негово продлабочување.

Секој поединец пред заминувањето во една таква мисија треба да биде потполно свесен дека за подолг период ќе биде далеку од својата фамилија и пријатели и да побара нивна поддршка, да биде свесен дека за време на мисијата ќе се соочи со закани по сопствениот живот, монотонија, недостаток на приватност, различни климатски и други услови и дека покрај сето тоа ќе треба да има голема концентрација и голема дисциплина за успешно извршување на задачите.

Исто така, личноста која заминува во некоја мисија секогаш треба да знае дека на него ќе се гледа како на „странец" во соодветната земја и не треба да очекува дека ќе биде со задоволство прифатен од средината во која заминува, посебно од локалното население т.е. од населението во областа на мисијата.

1. ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА ООН, БАН КИ МУН МЕЃУ МИРОВНИЦИТЕ НА ОН

ПРОБЛЕМИ ВО КОМУНИКАЦИЈАТА

Како мисијата ќе биде прифатена од локалното население зависи од многу фактори како на пример: како населението е информирано од страна на факторите на нивната земја за мандатот на меѓународните сили, какво е искуството на населението со странските интервенции од минатото, позитивно или негативно, со актуелното присуство на мисијата во земјата.

Еден од најчестите проблеми на крајна претпазливост е различната финансиска моќ помеѓу ОН-персоналот и локалното население кое обично живее во крајна сиромаштија или на прагот на егзистенцијата. Таквата разлика кај поединци од локалното население може да предизвика омраза и непријателско однесување кон припадниците на мисијата. Затоа никогаш не треба да се настапува од позиција на економска надмоќ.

Друг проблем што се однесува до, условно кажано, богатството, а може да предизвика негативен однос, е финансиската и воената надмоќност на одредени контингенти застапени во мисијата. Професионалниот однос и добрите процени помагаат во надминувањето на таквите состојби.

Никогаш не треба да се манифестира ксенофобично однесување, завидливост кон другите, бидејќи тоа може да биде само субјективно мислење дека тие се во подобра ситуација и секогаш треба да се има на ум дека тие се таму за да си ја завршат работата (мисијата), а не за да уживаат во животот.

Доброто однесување, професионалниот однос кон извршувањето на секојдневните задачи, можат да помогнат во постигнување одредени резултати кои на друг начин не би можело да се постигнат. Секој поединец секогаш на ум треба да ги има човековите права, посебно кон жените и децата, и никогаш да не се однесува насилнички кон нив.

Еден сериозен проблем за кој секој припадник на мисијата треба да биде свесен е сексуалната апстиненција на подолг период. И ова прашање би требало да биде тема на специјалистичката обука каде психолозите би му укажале на персоналот за опасностите во случај на учество во сексуални врски кои можат да предизвикаат здравствени и други компликации на подолг период. Влегувањето во сексуални врски со припадници на локалното население може да има сериозна опасност по животот на лицето и честа на единицата и на земјата, па и на целата организација. Членовите на ОН и локалното население не треба да се гледаат како објекти за подигрување од тој аспект.

2. „ЧУВАЊЕ НА МИРОТ" Е ПРОЦЕС ВО КОЈ НА КОНФЛИКТНАТА ТЕРИТОРИЈА Е ПРИСУТЕН МЕЃУНАРОДЕН ВОЕН И ЦИВИЛЕН ПЕРСОНАЛ

ЦЕЛОСНАТА ПОДГОТВЕНОСТ – ИМПЕРАТИВ

За време на мисијата треба да се очекува дека ќе има ситуации за извршување поголем број задачи кои треба да бидат опфате-

ни во третата фаза при подготовките. Тие задачи можат да бидат: раздвојување на инволвираните страни (во согласност со постигнатиот договор), надгледување на повлекувањето, и тоа со цел да се провери дали страните го спроведуваат договореното, надгледување на договорот за прекин на огнот или создавање на бафер-зони, реони или раздвојување, демилитаризација на одредени зони итн.

Мировните мисии на ОН во последните години вклучуваат и извршување други активности како на пример: обезбедување на хуманитарни пратки, превенирање на доаѓање или заминување на одредени контингенти, разоружување, поддршка на набљудувачите за човекови права, поддршка на изборни компоненти и други.

Овие задачи бараат дополнителни познавања од секој мировник: придружување на конвој, преговарање, медијаторство за премин на линијата на раздвојување, поддршка и заштита на хуманитарните работници...

За време на извршување на мисијата секој поединец треба да биде свесен за сите свои постапки, а особено за нивното негативно влијание врз него, врз неговата единица и врз целата мисија.

Секоја непромислена активност или постапка може да ја загрози мисијата. Алкохолот, употребата и трговијата со дрога, се активности на кои никогаш не треба да се помисли. Списокот на активности кои можат да имаат негативно влијание, почнувајќи од заканите по индивидуалната безбедност па сè до безбедноста на комплетната мисија, е подолг: неодобрен разговор со лица надвор од мисијата, употреба на насилство врз локалното население, посебно врз жените и децата, учество во илегални активности, корупција, злоупотреба на својата функција, собирање на забранети сувенири, користење на возило без одобрение и друго.

3. МИРОВНИЦИТЕ НА ООН СЕ ПРИСУТНИ НА СИТЕ КОНТИНЕНТИ ВО СВЕТОТ

КУЛТУРЕН ШОК

По пристигнувањето во зоната на мисијата и средбата со припадниците на другите контингенти и со локалното население, неизбежен е таканаречениот „културен шок". Мировникот е должен секоја култура да ја третира на еднаков начин, т.е. ниедна култура да не се потценува, а некоја да се прецењува. Никој не треба да биде изненаден од некоја постапка која не е својствена за неговата култура, а уште помалку таквата различна постапка да предизвика негативни чувства или, пак, негативни дејства. Сигурно е дека секој припадник на европската култура, во која спаѓа и нашата, ќе биде изненаден кога и при најсрдечен разговор со припадничка на арапската култура, таа нема да ја подаде нејзината рака за поздрав туку ќе ја стави на нејзините гради и со благо поклонување ќе отпоздрави. Колку и да е непријатно чувството при повлекувањето на подадената рака, треба да се разбере и да се почитува нејзината култура.

Тоа се само неколку од карактеристиките на кодот на мисиите на ОН на кои секој поединец треба да посвети поголемо внимание за време на подготовките и во текот на извршувањето на мисијата за да не го доведе во поголема опасност својот живот, животите на другите припадници од контингентот, честа на својата земја, па и на целата мисија. Почитувајќи го овој код, стравот од „мисија" полесно преминува во успех, а успехот во гордост.

Симеон Митрев



САМО НЕБОТО Е ГРАНИЦА

ОД ДНЕВНИКОТ НА МИРОВНИКОТ

Овој број на „Штит“, со повод го посветуваме на двајца припадници на АРМ кои своите први чекори во „војничкиот“ живот ги направиле како професионални војници. Двајцата припадници на АРМ се еклатантен пример како со љубов и со посветеност кон својата професија може успешно да се напредува во војничката кариера и од војник да станеш офицер. Токму целосната посветеност и желбата за сопствено унапредување, меѓу другото, и во однос на своето образование, им го осветлило патот кон станувањето дел од офицерскиот кор на Армијата на Република Македонија. Имено, деновиве и двајцата беа промовирани во офицери на АРМ и на нивните еполети блеснаа поручничките ѕвезди. Освен тоа, нивната специјалност, падобранството,

ФАКТИТЕ ВЕЛАТ ДЕКА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО СВОЈОТ СОСТАВ ИМА ВИСТИНСКИ ПРОФЕСИОНАЛЦИ КОИ СЕ ЦЕЛОСНО ПОСВЕТЕНИ НА ИЗВРШУВАЊЕТО НА ПОСТАВЕНАТА ЗАДАЧА. НО СЕТО ТОА, СИТЕ КОНТИНУИРАНИ ПОРАКИ ОД ПРЕТСТАВНИЦИ НА АРМИИТЕ КОИ ГИ ДЕЛЕЛЕ ДОЛЖНОСТИТЕ И ОБВРСКИТЕ СО ПРИПАДНИЦИТЕ НА АРМ, ПОКРАЈ ДРУГОТО, Е РЕЗУЛТАТ И НА ИНДИВИДУАЛНАТА ПОСВЕТЕНОСТ НА СЕКОЈ ПРИПАДНИК НА АРМИЈАТА И НА НЕГОВАТА ЖЕЛБА ЗА КОНТИНУИРАНО УНАПРЕДУВАЊЕ НА СВОИТЕ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ

е интересна област која, сепак, треба да биде „цел“ на поголемо и поинтензивно интересирање.

ПРВИТЕ ЧЕКОРИ

Најпрвин разговараме со **поручникот Петар ПЕТРОВИЌ** кој денес е дел од Ренџерскиот баталјон во Полкот за специјални операции. Дека АРМ во своите редови има и вистински професионалци кои пред почетокот на својата војничка кариера имале познавања и искуство во одредена специфична област сведочи и минатото искуство на поручникот Петровиќ, кој долго време се занимава со падобранството. „Мојата војничка кариера во АРМ започна во 2002 година со селективниот курс за прием во падобранската единица во Петровец, а дотогаш бев активен падобранец со околу

400 извршени скокови. По кратко време откако станав дел од Армијата го добив и првото воено звање – воен инструктор по падобранство", започна со својата сторија поручникот Петровиќ. Веќе во 2004 година, професионалниот војник Петровиќ по завршувањето на курсот организиран од тогашното Воено воздухопловство се стекнал со чинот водник, а по определено време со трансформацијата на 501. падобрански одред, тој, заедно со остатокот од падобранската единица, станал дел од ренџерскиот баталјон.

Селективниот курс бил патот по кој во редовите на Армијата на Република Македонија влегол и неговиот колега, **поручникот Филип ГАЈДОВ**, кој униформата на АРМ гордо ја носи од 2000 година. „Кариерата во АРМ како професионален војник ја започнав во Баталјонот за специјални намени преку селективен курс пред десет години. Потоа, со формирањето на 501. падобрански одред, имав особено голема желба да бидам воен падобранец во служба на Армијата. Упорноста и фокусирањето на сите мои напори вродија со плод, односно по неколкумесечна обука успеав да ја остварам својата желба. Во финалната фаза од обуката изведовме седум скокови, од кои последниот беше ноќен и со него, фактички, се здобив со звањето падобранец", ни раскажа поручникот Гајдов.

1

2

1. ПОРУЧНИК ПЕТАР ПЕТРОВИЌ

2. ПОРУЧНИК ФИЛИП ГАЈДОВ

3. ОД ЦЕРЕМОНИЈАТА ЗА ПРОМОВИРАЊЕ ВО ОФИЦЕРИ НА АРМ

4. СЕКОЈДНЕВНИТЕ ЗАДАЧИ ВО МИСИЈАТА „СЛОБОДА ЗА ИРАК" БЕА ИЗВРШУВАНИ МАКСИМАЛНО ПРОФЕСИОНАЛНО

ПАДОБРАНСТВОТО КАКО ПРОФЕСИЈА

Во однос на неговите главни должности и задачи како инструктор по падобранство, поручникот Петровиќ ни објасни: „Мојата основна улога е извидување и обука на припадниците на Полкот за специјални операции кои немаат знаења од областа на падобранството. Обуката сè уште не е започната, сега сме во фаза на тестирање и подготвување на падобраните за да се изведе обука. По трансформацијата на единицата ние продолживме со истите активности, односно со континуирана падобранска обука, а учествувавме и на повеќе вежби. Би сакал да ја посочам вежбата „Кооперативен клуч" (Cooperative key) во Бугарија, потоа следуваше слична вежба во Албанија каде што, исто така, изведовме неколку падобрански скокови. Учествувавме и на една вежба која воедно беше и обука во Хрватска, каде извршувавме и падобрански скокови. Таму бевме 10 дена, а основна цел беше усовршување на падобранските скокови, не ставајќи акцент на какви било тактики или слично".

Поручникот Гајдов, пак, ни објасни дека по трансформацијата на единицата и по приклучувањето на нејзините членови во Ренџерскиот баталјон, покрај неменувањето на суштината на работата, промени постоеле. „Со формирање на пСО, преминав во Ренџерскиот баталјон каде што, исто така, продолжив со мојата работа, иако беше малку поинаква од онаа која ја имав во падобранскиот одред. Измените се однесуваа на поинаквите задачи и мисија. Сепак, сè се сведува на клучната работа, без некои драстични измени, освен, како што реков, во однос на мисијата на единицата", потенцираше поручникот, кој во падобранскиот одред дошол со чин водник.

ОБРАЗОВАНИЕТО – ТЕМЕЛ НА УСОВРШУВАЊЕТО

Велат дека образованието е темел на сето она што сакаме да го изградиме и во однос на нашата кариера, но и во однос на севкупниот придонес кон општеството. Овие офицери, заедно со останатите деветнаесет, кои се дел од првата генерација офицери кои деновиве беа промовирани во обновената Воена академија, ја сфатиле вредноста на елементарниот елемент – стручното усовршување. „Во периодот кога служев како професионален војник посетував и цивилен факултет, односно бев запишан на Природноматематичкиот факултет во Скопје, на отсекот физика, кој го завршив во 2007 година. Тогаш поднесов барање за мое понатамошно унапредување во офицерски чин и тоа се реализираше оваа, 2010 година кога го завршив Курсот за стручно оспособување и усовршување на офицери за службите во АРМ како прворангиран", со гордост ни кажа поручникот Петровиќ.

И сторијата на неговиот колега Филип е фасцинантна и за почит. „Дипломирав на Институтот по одбранбени и мировни студии на Филозофскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, сега наречен Факултет за безбедност, одбрана и мир, а потоа го завршив и Курсот за стручно оспособување и усовршување на офицери за служби во Армијата на Република Македонија како второ рангиран, значи со одлични резултати", рече поручникот Гајдов.

СЛЕДНИ АМБИЦИ

Од нашиот разговор стекнавме впечаток дека двајцата новопечени офицери на АРМ имаат своја цел и сигурно чекорат кон неа. За истакнување е фактот што и двајцата имаат свои амбиции за напредување во својата кариера.

„Со станувањето на офицер на АРМ не завршуваат и моите амбиции. Токму напротив, пред себе имам поставено други, повисоки цели кон кои стремам. Имено, мојата следна цел е да станам наставник по падобранство. Досега имам остварено околу 800 скокови, а нормата за да станам наставник е 500, така што тој услов е исполнет. Условите за станување наставник се, примарно, бројот на скокови, колку време си на должност инструктор, дали имаш изведувано обука дотогаш и сл. Тоа е највисокото звање во армијата од таа област", посочи поручникот Петровиќ.

„По враќањето од мисијата во Ирак, продолживме со наши-

3

те активности. Следуваше вежбата во Бугарија со падобранската единица, тоа беше заедничка вежба на армиите на Македонија и на Бугарија каде што изведувавме и падобрански скокови. Јас немам звање инструктор, за да го добијам треба да ја достигнам бројката од 300 скокови, но имам намера да се развивам во таа насока и да станам инструктор, а потоа ќе следи и остварување и на повисоки цели", најави скромно поручникот Гајдов.

ПАДОБРАНСТВОТО ВО АРМ

Несомнено дека падобранството е несекојдневна професија која го крева адреналинот на највисоко ниво. Токму затоа ја искористивме можноста и да поразговараме на оваа тема, слободно можеме да речеме, со експертот од оваа област во редовите на АРМ, поручникот Петар Петровиќ.

„Ние сме на почетокот во областа на падобранството. Работите полека но сигурно започнаа да се движат после еден период на пауза и сега повторно почнуваме со падобранската обука. Имаме опрема и нови падобрани од американско производство".

Споделувајќи дел од своето досегашно искуство од оваа област, поручникот Петровиќ, истакна: „Од севкупната служба во армијата, морам да ги истакнам екстремните, предизвикувачките активности, падобранството, алпинизмот, скијањето, сè она што го зголемува адреналинот. Има еден скок таканаречен „хахо"–скок, кој ние го изведовме во процесот на тестирањето, каде што во воздух си околу 20 минути, се скока од поголема височина, со високо отворање на падобранот, при што се поминува големо растојание. Ние поминавме околу 25 километри. Имавме и скокови над Охридското Езеро, што само по себе е интересно и невообичаено. Имам завршено и курс во Швајцарија за преживување во зимски услови, курс за падобранство во Грција итн. Самото спуштање со падобран варира во зависност од начинот на спуштањето и од падобранот. Тука се работи за воднички скок и за падобран кој се користи за десант, на пример за „хахо"–скокот се користи друг тип на падобран. Во воничките скокови нема големи брзини, падобранот се отвора веднаш, што не претставува голем предизвик за мене. Постојат скокови кои се сосема поинакви, односно се паѓа со голема брзина, што, пак, е големо оптоварување за човечкото тело. При слободен пад, брзината се зголемува на 50-90 метри во секунда, што секако го зголемува адреналинот и ги забрзува реакциите"...

УЧЕСТВОТО ВО МИСИЈА – ПРЕДИЗВИК

Поручникот Филип Гајдов е побогат за уште едно искуство. Имено, тој беше дел од четвртата ротација на АРМ во мисијата „Слобода за Ирак".

„Во Полкот за специјални операции започнав со должноста командир на тим и со самото доаѓање започна основниот курс за специјални единици со припадници на турската армија. Тој курс траеше 6 месеци, а по неговото завршување заминав во мировната операција во Ирак. Бевме дел од првата смена од составот на Ренџерскиот баталјон по првите три ротации од составот на Баталјонот за специјални намени. Мисијата траеше од декември 2004 до јуни 2005 година. Самото заминување во една непозната држава и приклучувањето во коалиционите сили беше еден голем предизвик за мене. Ги извршувавме задачите заедно со американскиот контингент во чиј состав влеговме и ние. Станува збор за секојдневни задачи коишто ги извршувавме максимално професионално. Впрочем, резултатите од успешно завршената мисија на припадниците на АРМ во Ирак на поширокота јавност і се добро познати", истакна поручникот Гајдов.

По промовирањето во офицери, сега и двајцата поручници се командири на водови во Ренџерскиот баталјон во Полкот за специјални операции на АРМ. За постигнатите резултати во стручното оспособување за офицери како прво и второрангирани, покрај наградите од министерот за одбрана, Зоран Коњановски, добија пофалници и од командантот на Полкот за специјални операции, полковникот Зоран Додевски.

Поручникот Петар Петровиќ е оженет и има два сина на 4-годишна и на 2-годишна возраст. Неговата сопруга воедно е и негова колешка во падобранството. „За сè е виновно падобранството, бидејќи така и се запознавме со мојата сопруга", се пошегува на крајот поручникот Петровиќ.

За разлика од него поручникот Гајдов сè уште нема зачекорено во брачните води, но, малку срамежливо најави дека наскоро планира да стапи во брак.

Од нашиот разговор се наметна заклучокот дека и двајцата припадници на АРМ цврсто чекорат кон реализирањето на зацртаните цели. Им посакуваме успех во нивната кариера. Впрочем, досега постигнатото е доволна гаранција за успех и во иднина, зарем не!

Здравко Ризовски/Иван Петрушевски

ПОМОГНИ, ЗАШТИТИ, ОДБРАНИ

ВОЕНАТА ПОЛИЦИЈА ВО АРМИЈАТА НА САД

Вооружените сили на САД се најопремена и најобучена вооружена сила во светот, кои во кое било време и на кое било место можат да интервенираат со цел да ги одбранат американските витални стратегиски, геополитички, економски и безбедносни интереси. Во минатото вооружените сили на САД се покажале како ефикасно средство за остварување на американските интереси, а во тоа, пред сè, водечка улога имала армијата на САД која воедно е и најстар елемент, односно сегмент на вооружените сили на САД. Се разбира, армијата на САД во својот состав има сили кои се наменети исклучиво за извршување на воено-полициски задачи и мисии, а тие сили под едно име се познати како Корпус на Воената полиција на армијата на САД.

Воената полиција е униформиран род (бранша) задолжен за спроведување на законите во рамките на армијата на САД. Воените полицајци се припадници на армијата на САД. Истрагите во рамките на армијата на САД ги спроведуваат иследници од Воената полиција или, пак, припадници на армиската Команда за криминални истраги, а во хиерархијата како нивен претпоставен во врска со истрагите е генералниот полициски инспектор за армијата.

Некои од единиците на Воената полиција, а посебно на дивизиско или на бригадно ниво, се назначени за борбени единици во чијашто надлежност, меѓу другото, се вбројува и заштитата на патни правци, контрола и насочување на сообраќајот во воените зони, извидување на патни правци и справување и менаџирање со воени лица кои се изгубени или, пак, кои дезертирале од боиштето.

МИСИЈА

Армиската Воена полиција обезбедува функционирање во целиот спектар задачи и обврски за армијата на САД. Корпусот на Воена полиција извршува полициски задачи, задачи од областа на приведување и задржување и задачи од областа на стабилизирање и безбедност, со што во целост ја овозможуваат целокупната безбедност и ја подобруваат мобилноста на трупите. Армиската Воена полиција може да биде употребена во борба и во мирновременски услови. Како основни функционални области на Воената полиција на армијата на САД се издвојуваат:

- операции за поддршка на мобилноста на трупите;
- операции за безбедност на реони и зони;
- операции за спроведување на законите;
- операции за справување со раселување и разместување на бегалци;
- полициски разузнавачки операции.

Овие основни функционални области на делување на армиската Воена полиција на командантите им овозможуваат информации и поддршка за успешна подготовка и извршување на мисиите и задачите на единиците на армијата на САД. Во рамките на Корпусот на Воената полиција, неговите припадници се насочуваат според четири стручни насоки од кои три се за подофицери и војници и една насока е само за офицери. Стручните насоки имаат посебни обележја: 31 A е за офицери на Воената полиција, 31 B е општо за Воената полиција, 31 D е за криминални истраги и 31 E е за специјалисти за раселување и разместување на бегалци.

Основно обележје на армиската Воена полиција се вкрстените пиштоли со златно-жолта боја од моделот „Харпер“. Овој вид на вооружување е избран заради тоа што било едно од основните видови на лични вооружувања на припадниците на армијата на САД уште од нејзиното формирање, а и заради тоа што во редовите на армијата овој вид на пиштол се задржал долги години. Основното мото на Корпусот на Воената полиција на армијата на САД е „ASSIST, PROTECT, DEFEND“, или во превод – „Помогни, заштити, одбрани“.

ИСТОРИЈА

Корпусот на Воена полиција е официјално формиран на 26 септември 1941 година, кога е формирана и канцеларијата на генералниот полициски инспектор на Армијата на САД.

Историски гледано, Корпусот на Воената полиција своите корени ги има уште од американските револуционерни војни, односно борбата за независност од британското кралство. Во 1778 година бил формиран корпусот „Маречоси“ кој се смета за предок на современиот воено-полициски корпус. „Маречосите“, користејќи ја нивната полициска организација, лесното вооружување и брзината, имале главна задача – поддршка на мобилноста на трупите и префрлање на заробеници од бојното поле. Формирање на полициски единици во рамките на Армијата на САД имало и за време на Граѓанската војна во САД од 1861 до 1865 година, меѓутоа, со завршувањето на војната, како и поголемиот дел од армијата, и тие единици биле распуштени.

Присуство на воено-полициски единици има и во Првата светска војна заради ком-

плексноста и начинот на војување за време на војната, односно поради големата потреба од посебно обучени единици за справување со големиот број воени заробеници и обезбедување на трупите и резервите на боиштето.

За време на Втората светска војна, единиците на Воената полиција на армијата на САД учествувале во обезбедувањето трупи, резерви, конвои и сообраќај во Југоисточна Азија, им давале поддршка на амфибиските операции за време на инвазијата на Нормандија и се справувале со големиот број воени заробеници од Италија, сè до јужниот Пацифик. За време на војната, единиците од Корпусот на Воената полиција учествувале во бројни борбени операции, а на крајот на војната ја презеле и улогата на чувари на редот и мирот во кревките и опустошени региони од војната. Како што наведовме во претходниот број, во 1944 година по извршените согледувања, воениот и политичкиот врв на армијата на САД одлучил да ја формира Армиската команда за криминални истраги која со мали прекини до денес е назначена за криминални истраги на потешки форми на криминал во армијата.

Кон крајот на 1940-тите години низ процесот на реорганизација на американското Министерство (оддел) за одбрана имало и размислување дека Корпусот на Воена полиција требало да се расформира. Меѓутоа, по донесувањето на актот за трансформација на армијата на САД во 1950 година, Корпусот на Воена полиција останал во рамките на армијата како посебен род (бранша).

За време на Корејската војна, единиците на Воената полиција активно учествувале во неа со примарни задачи за безбедност на главните патишта за снабдување, справување со воени заробеници и патролирање низ демилитаризираната зона. Овие единици на Воената полиција претходно учествувале во окупациските сили на јапонските острови по завршувањето на Втората светска војна. Воената полиција, адаптирајќи се на различниот начин на војување во Виетнам, се здобила со статусот на сила за борбена поддршка, делумно како резултат на борбениот успех во Тет–офанзивата. Во периодот по војната во Виетнам, Корпусот на Воената полиција заради разновидноста на задачите и мисиите се здобил со прекарот „Сила за избор", учествувајќи во конфликтите со низок интензитет или во воените операции различни од војна (операција „Неопходен гнев" во Гранада 1983 година и операцијата „Праведна цел" во Панама 1989 година).

За време на операциите „Пустински штит" и „Пустинска бура", Воената полиција извршувала задачи за обезбедување на зони, контрола на движење на боиштето и справување со голем број ирачки заробеници. Од 1991 година, единиците на Воена полиција имаат учествувано и во борбените операции во Босна и Херцеговина, во Сомалија и во Косово. Во сè уште актуелните ангажирања на американската армија во Авганистан и во Ирак, Воената полиција претежно извршува задачи од доменот на справување со заробени и приведени лица, извршување на напади и препади и патролирање долж зони и патни правци.

ВООРУЖУВАЊЕ И УНИФОРМА

Од вооружувањето во единиците на Воената полиција се користат полуавтоматските пиштоли М9, автоматските пушки М4, сачмарките М249 и М240Б, митралезите БМГ, лансерите на гранати Мк 19 и М203 и противоклопни средства АТ4.

Припадниците на Воената полиција се препознатливи по налепницата во сива боја на којашто има обележје „МР" (Military police), поставена на левиот ракав од новата армиска борбена униформа. Во минатото, припадниците на Воената полиција беа препознатливи по користењето на платнена црна обвивка на левиот ракав, на која со бели букви го имаа испишано споменатото обележје. При извршувањето на службени задачи, односно задачи од доменот на спроведување на законите, воените полицајци, покрај борбената униформа, можат да ја носат и службената или униформата од типот А и Б, со таа разлика што во тој случај како обувки ги користат војничките чизми.

СТРУКТУРА

Единиците на Воената полиција при армијата на САД, во согласност со потребите, можат да бидат со јачина од вод, чета, баталјон, полк и бригада. Во зависност од организацијата военополициските единици можат да бидат корпусни и дивизиски. Корпусните единици на Воената полиција по организација се речиси исти помеѓу себе, додека кај дивизиските единици на Воената полиција сè зависи од видот на дивизијата (пешадиска, артилериска, воздушно-десантна). Бидејќи се неоходни, единици на Воената полиција има и во редовите на армијата, и во армиската резерва и во Националната гарда. Од воен аспект, сите военополициски единици се потчинети на Канцеларијата на генералниот полициски инспектор (Office of the Provost Marshal General).

Освен борбениот дел на Воената полиција како значајни сегменти ќе ги наведеме и сегментот за справување со непријателски заробеници, сегментот за справување со раселени лица-бегалци, сегментот за употреба на службени кучиња за противдиверзиска контрола и контрола на наркотици и други недозволени средства (популарни како К-9), силите за брза реакција, сегментот за обезбедување (лица, објекти, предмети, транспорти), и сегментот за спроведување на криминални истраги.

Сегментот за спроведување криминални истраги (MPI) во рамките на Воената полиција, е одговорен за вршење на криминални истраги во врска со кривични и прекршочни дела со помало значење, но во дадена ситуација можат да преземат мерки за спроведување на истраги и за дела со поголемо значење. Исто така, криминалистичките иследници од Воената полиција кога има потреба помагаат во спроведување на истрагите кои се водени од CID.

Во останатите видови од вооружените сили на САД, исто така има единици на Воената полиција, но тие, во зависност од потребите, носат различни називи и најчесто нивната употреба и намена е сведена на извршување на работи од безбедносен и криминалистички аспект, односно работи и задачи од полициски карактер. Така, во составот на американската Морнарица, Воената полиција е позната како Крајбрежна патрола или, како „Господари на оружјето", додека, пак, во составот на американското Воено воздухопловство Воената полиција е со назив Безбедносни сили на воздухопловството (во минатото безбедносна полиција). Крајбрежната стража, поради овластувањата кои ги има од американскиот Устав да врши спроведување на законите и во цивилниот сектор, во својот состав има полициски инспектори. Идентичен назив и намена, какви што се среќаваат во армијата, Воената полиција има само во составот на Маринскиот корпус. За спроведување на законите, односно за извршување полициски работи во поширокиот округ на Пентагон (американското Министерство за одбрана), задолжена е полицијата на Одделот (Министерството) за одбрана, а како една од позначајните обврски на оваа полициска институција е обезбедувањето на секретарот за одбрана и на другите повисоки по функција и должност функционери од Одделот за одбрана.

Во рамките на САД, Воената полиција, покрај нејзините основни функции и намена, како што се одржувањето на редот и мирот во рамките на вооружените сили на САД, често се користи и во услови на елементарни непогоди, при што му помага на населението и ја одржува внатрешната безбедност. Ако на сето тоа се додаде и дека во досегашниот период единиците на Воената полиција се едни од најупотребуваните сили во воените операции, може да се донесе заклучок дека во догледна иднина потребата од одржливи воено-полициски сили нема да престане.

Борче Јакимов

ВЛИЈАНИЕТО НА ВОЕНАТА ГЕОГРАФИЈА ВРЗ ОПЕРАЦИИТЕ

ПРЕДУСЛОВ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ПРАВИЛНА ВОЕНА ОДЛУКА

Географијата (земјопис, од старогрчки: *γεω* – земја и *γραφία* – опишува) е дескриптивна наука што своето внимание го насочува кон опишувањето на планетата Земја. Во потесна смисла, географијата е и природна и општествена наука, бидејќи ги проучува и ги опишува сите форми на Земјината површина и сите природни појави што настануваат на Земјата и во атмосферата од една, и населението (како дел од Земјата) и неговата стопанска дејност, од друга страна. Исто така, географијата ја опишува и ја проучува разместеноста на природните богатства, растителниот и животинскиот свет на Земјата.

Во најопшта смисла, географијата се дели на општа и регионална (посебна).

Богатиот опус на класиците на воената мисла и на војсководството има големо значење за образованието на припадниците на воената професија кои се заинтересирани за значајни прашања од поширокиот домен. Современите војни покажаа дека успехот на операцијата не се изразува само преку броевите и квалитетот на ангажираните сили, туку и низ целисходноста во изборот на целите и одредувањето приоритети, со вешто искористување на географските фактори.

Рационалното ангажирање на силите на задачите според време и простор, обученоста на трупите, времето на ангажирањето и грижата за луѓето и за материјалните добра денес несомнено се развива напоредно со развојот на воената вештина и воената технологија. Начелниот метод на дејствување на командатот на единицата и неговиот воен штаб, според

"Кога еден човек брани тесна планинска клисура која личи на овчо црево или врата на кучешка колиба, може да задржи илјада луѓе. Така стои работата со земјиштето."

Сун Цу

стандардните чекори – работа во процесот на донесување воена одлука, подразбира и воена и географска процена на просторот, на земјиштето, на времето и строго почитување на климатските и на метеоролошките услови врз воените операции. Доброто познавање на географскиот простор е првиот предуслов за квалитетни процени, во донесувањето на одлуката за употреба на единиците, што понекогаш може решавачки да влијае на конечниот резултат на операцијата. Со правилна военогеографска процена и собирање на информациите за просторот може значително да се придонесе за успешно изведување на операциите во секое време и обратно, бидејќи и метеоролошките и другите военогеографски услови можат да бидат голем сојузник, но и уште поголем противник во текот на битката. Низ проценатa штабот на воената единица треба да ги расчлени и да ги анализира, критички да ги разгледа и да ги синтетизира собраните географски, воени, топографски и геолошки податоци, климатските и метеоролошки услови за земјиштето и просторот, имајќи го предвид зададениот проблем и целта поставена при изведување на воените операции. Обработените информации штабот ги проследува до оние надредени и потчинети командни структури кои исто така вршат планирање, подготовка и изведување на воената операција.

Доброто познавање на географскиот простор, на квалитетот и на квантитетот на одделни географски појави како прв предуслов за квалитетни процени кои претходат на донесување на одлуката за употребата на единиците, бара и проучување на природата, на настанувањето и еволуцијата на релјефот, имајќи ги предвид физичките, хемиските и геолошките процеси кои го создаваат и го менуваат релјефот што понекогаш може решавачки да влијае на физиономијата на операцијата.

Примената на воени, географско-топографски знаења, познавањето и правилното користење на земјиштето и строго почитување на климатските и на метеоролошките услови во решавањето на различни воени проблеми на оперативното ниво има големо влијание на подготовката и изведувањето на операциите. Познавањето и правилното користење на географско-топографските знаења претставува основа за правилна употреба на единиците, бидејќи со тоа се намалуваат евентуалните предности на непријателот, а истовремено се зголемуваат борбените способности на сопствените единици.

Од историјата на војувањето е познато дека правилна или добра военогеографска процена, односно влијанието на географско-тактичките категории

на земјиштето врз воените операции често е дури и решавачки фактор при изведување на воени операции. Географскиот простор има големо влијание на физиономијата на операцијата како со својата големина така и со квалитетот и квантитетот на одделени географски појави.
Затоа познавањето на физичкогеографските карактеристики на просторот не е само императив за спроведување на неопходните мерки, туку е и основа за успешно водење на операциите, на движењето, на огнето дејство и за маневрирањето на воените единици.

ФИЗИЧКИТЕ АСПЕКТИ НА ГЕОГРАФИЈАТА

Според релјефот, надморската височина и распоредот на топографските елементи, земјиштето може да биде: маневарско, планинско, карстно и мочурливо.
Маневарското земјиште е погодно за движење по патишта и надвор од нив, за маневрирање во сите правци и за употреба на техника. Наклонот на страните и височината на земјиштето на врвовите овде изнесува: на рамни предели од 2-3 степени, при висина од 200 m; на ридски предели од 3-5 степени при висина од 200-300 m и на ридски предели од 5-10 степени при висина од 300-500 m.
Планинското земјиште го сочинуваат: планините, планинските долини и висорамнини над 500 m надморска височина. Според тоа, ова земјиште се дели на: ниско планинско земјиште, со наклон од 10-15 степени и висина од 500-1000 m; средно со наклон од 15-20 степени и висина од 1000-2000 m; и високо над 20 степени и над 2000 m.
Карстно е земјиштето на кои се застапени вртачи, шкрапи, пештери, котлини, со слаба и ниска вегетација и мала застапеност на маркантни релјефни објекти. Ако има мала шума, тогаш земјиштето е чувствително на пожари и дејството на експлозивот се зголемува заради прскањето на парчиња карпи и камења.
Пошумено е она земјиште кое над 50% е обраснато со шума. Шумата може да биде еднослојна или повеќеслојна, зимзелена или листопадна, а според густината на стеблата шумата може да биде: густа (растојание на стеблата до 4 m); средно густа (5-8 m) и ретка (растојание на стебла над 9 m).
Според теоријата и практиката на стекнатото сознание од дејствувањето на одредени фактори во процесот на подготовката и организирањето на операциите, се доаѓа до заклучок на кој начин таквото сознание би требало да се применува и во водењето на операциите.

МАНЕВАРСКОТО ЗЕМЈИШТЕ

Маневарското земјиште според начинот на изведувањето им дава посебно обележје на операциите. Тоа овозможува употреба на поголеми единици со современа борбена техника. Низ релјефот, дејствата се значително олеснети, ја нагласува доминацијата на огнената моќ и создава поволни можности за употреба на современи моторизирани и оклопно-механизирани состави и сили, вклучувајќи ја и другата моторизирана техника на другите родови на војската.
Операциите ќе се одвиваат според правците чии носители ќе бидат оклопните и механизираните единици, поддржани со дејство од воздушниот простор, а голема улога ќе има и добро организираната и изведена ПОБ и ПВО на единиците. Маневарското земјиште овозможува употреба на современи здружени единици, зајакнати со тенкови, артилерија и со други средства, кои поддржани од авијацијата, се способни противникот да го нападнат од разни правци, да го комбинираат огнот и движењето, да вршат заобиколувања и опфати, да содејствуваат со воздушни десанти. И најновите борбени искуства (операцијата „Муштерек" која се изведува во областа Морџах, Авганистан) потврдуваат дека со вака усогласени дејства напаѓачот секогаш постигнува успех за кратко време и со минимални загуби.

ГЕОГРАФСКИ ФАКТОРИ

ФИЗИЧКИ	КУЛТУРНИ
КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРОСТОРОТ	РАСНИ И ЕТНИЧКИ КОРЕНИ
ТОПОГРАФИЈА	ТРЕНД НА РАЗВОЈ НА НАСЕЛЕНИЕТО
ГЕОЛОГИЈА И ЗЕМИШТЕ	СОЦИЈАЛНА СТРУКТУРА
ВЕГЕТАЦИЈА	ИНДУСТРИЈА И ИСКОРИСТЕНОСТ НА ЗЕМЈИШТЕТО
ОКЕАНИ И ВОДЕНИ ПОВРШИНИ	ТРАНСПОРТНА ПОКРИЕНОСТ
ВРЕМЕНСКИ УСЛОВИ И КЛИМА	ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ
ДНЕВНИ И НОЌНИ УСЛОВИ	ВОЕНИ ИНСТАЛАЦИИ
МАГНЕТИЗАМ	

Дејствата во дефанзивните операции ќе се изведуваат со потпирање врз населените места, со речните текови, каналите и утврдените објекти и ќе се насочуваат така, што непријателот ќе треба да се насочи на пречки, заседи и подбочни удари. Уривање и други видови попречувања масовно ќе се применуваат на сите комуникациски правци. Резервата, вторите ешалони и силите на ПОБ, начелно, се појаки – од оклопномеханизирани и противоклопен состав. Хеликоптерските и лесните оклопни сили ќе претставуваат масовен завршеток на веројатниот спектар и на дефанзивните и на офанзивните операции низ релјефот на маневарското земјиште.
Од негативното влијание на географијата, односно просторот на операциите, треба да се нагласи дека потешко се остварува заштита од извидување и набљудување, а условите за борба, за живот и за одмор се мошне различни, додека пак заштитата на единиците кои изведуваат борбени дејства во тој простор од дејството на противничката авијација или НХБ б/с е намалена.
На самото земјиште, водените површини и природните или вештачки текови, како и пречки (реки, канали или езера) или прегради, ја забавуваат и ја отежнуваат употребата на борбени технички средства. Зависно од големината, правецот и текот, брзината, водостојот и премините, секоја водена пречка ќе има и определено влијание врз борбените дејства, како за совладување така и за одржување на премините. Единиците, кога е можно, треба да избегнуваат насилни премини на водени пречки во рамнините и на маневарско и на комуникациско земјиште, а посебно во услови кога непријателот го брани и го контролира спротивниот брег.
Водените пречки влијаат на операциите и на употребата на силите со: широчината, текот, длабочината, составот на дното, природните патишта, вештачки изградените објекти на бреговите за преминување од едниот на другиот брег, населбите и особините на земјиштето на едниот и на другиот брег.
Операциите и зафатите на реките бараат: добра обученост, разновидност, смелост, решителност и упорност; сестрано запречување и совладување на разновидни природни и вештачки пречки; потполни и сестрани подготовки; добро и навремено организирано командување и содејство.

Ѓорѓи Бојаџиев/Кемо Ѓозо

Фото: сопственост на НАТО

НАТО ПОДГОТВУВА НОВ СТРАТЕГИСКИ КОНЦЕПТ

ПОВОД: 61 ГОДИНА ОД ФОРМИРАЊЕТО НА НАТО

Северноатлантската договорна организација (North Atlantic Treaty Organization), или скратено НАТО, е формирана на 4 април 1949 година со потпишување на договорот во Вашингтон. Во текот на 61-годишното постоење, во Алијансата се случија големи промени, како во бројот на земјите-членки така и во приоритетите и начините на дејствување. Ако во периодот на Студената војна и биполарниот свет, од 1949 до 1990 година, НАТО беше фокусиран на заштита на евроатлантската територија од заканите од Исток, по завршувањето на блоковската поделба, НАТО своите активности значително ги прошири, а посебен акцент беше даден на зголемувањето на бројот на земји-членки, формирањето на програмата „Партнерство за мир" и мерки и активности за зачувување на светскиот мир, со тежиште помалку на Ирак, а повеќе на Авганистан. Последниот и сèуште актуелен Стратегиски концепт на НАТО како еден од основните документи на Алијансата, беше усвоен во 1999 година на самитот во Вашингтон. Но, поради глобалните безбедносни промени во светот, се јавува потреба за донесување на нов Стратегиски концепт на НАТО.

На самитот на шефовите на држави или влади на земјите-членки на НАТО одржан на 3 и 4 април 2009 година, во Стразбур и во Кел, генералниот секретар на НАТО, Андерс Расмусен, беше задолжен за изработка на нов Стратегиски концепт на НАТО. Овој многу значаен документ треба да биде готов и даден на усвојување на следниот самит на НАТО кој се очекува да биде одржан до крајот на 2010 година. Исто така, генералниот секретар беше задолжен да формира експертска група од квалификувани и искусни експерти од различни профили кои ќе ги постават основите на новиот Стратегиски концепт на НАТО. Инаку, на чело на оваа експертска група ќе биде поранешниот државен секретар на САД, Медлин Олбрајт. Секако, во целата процедура непосредно ќе биде инволвиран и Северноатлантскиот совет, составено од амбасадорите на земјите-членки, како највисоко тело за донесување одлуки во НАТО.

Стратегискиот концепт на НАТО е основен документ преку кој се воспоставува и се рефлектира трансатлантскиот консензус. Поради промени на безбедносниот контекст и безбедносните предизвици со кои се справува НАТО, се појавува потреба од периодично ажурирање на Стратегискиот концепт на НАТО. Актуелниот Стратегиски концепт е усвоен во 1999 година во времето кога НАТО имаше 19 држави-членки во однос на сегашните 28 членки и кога НАТО повеќе беше фокусиран на безбедносните предизвици во Европа или на нејзината периферија.

Новиот Стратегиски концепт мора да биде елабориран и одобрен од страна на сите 28 земји-членки на НАТО. Со овој документ Алијансата не само што треба да дефинира како да се справи со новите безбедносни пре-

1. ПОТПИШУВАЊЕ НА ВАШИНГТОНСКИОТ ДОГОВОР ВО 1949 ГОДИНА

2. ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА НАТО АНДЕРС РАСМУСЕН

3. КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ ВО МИНХЕН

1

Фото: сопственост на НАТО

дизвици кои го загрозуваат светскиот мир како што се зголемената пролиферација на оружје за масовно уништување, тероризмот, пиратството, снабдувањето со енергија и климатските промени но, исто така, треба да даде одговори и на прашањето како НАТО се има адаптирано на трансформацијата во последните 10 години за да биде организација способна подобро да се бори со претходно споменатите безбедносни предизвици. Поради ова новиот Стратегиски концепт на НАТО нема да биде само аналитички документ, туку треба да даде специфични упатства на Алијансата и на земјите-членки како во иднина треба да ги трансформираат своите вооружени сили, способностите и капацитетите за успешно извршување на претстојните задачи на НАТО дефинирани за 21 век. Новиот Стратегиски концепт, исто така, мора јасно да одговори на јавното мислење во земјите-членки, на прашањето за оправданоста од понатамошното постоење на НАТО и на тоа на кој начин ќе им овозможи на жителите на земјите-членки на НАТО да се чувствуваат многу побезбедно во однос на минатото и сегашноста.

Фото: Harald Dettenborn

ПОЈДОВНИ ОСНОВИ ЗА НОВИОТ СТРАТЕГИСКИ КОНЦЕПТ

Во врска со новиот Стратегиски концепт и идните приоритетите на НАТО, на конференцијата за безбедност одржана неодамна во Минхен, свое обраќање имаше генералниот секретар на НАТО. Меѓу другото, генералниот секретар истакна дека и во иднина, како и од самото формирање, основна цел на НАТО останува заштита на територијалниот интегритет на земјите-членки, но бидејќи постојат нови безбедносни предизвици, неопходна е и трансформација на Алијансата, за да може поуспешно да се справува со новите безбедносни закани и предизвици. Алијансата во иднина треба гаранциите на територијата на земјите-членки да ги брани географски многу подалеку од самите граници на НАТО. Сите безбедносни закани треба да се попречат навремено, а не кога ќе биде директно загрозена територијата на земјите-членки на НАТО.

За подобрување на безбедноста на НАТО треба да се зголеми соработката со сите организации и фактори кои имаат удел во градењето на светскиот мир. НАТО треба да стане место каде што ќе се вршат консултации за сите безбедносни проблеми во светот. НАТО и понатаму останува во Авганистан заедно со меѓународната заедница, а под водство на ООН, да ги заштити жителите на таа држава и да работи на оспособување на вооружените и на полициските сили на Авганистан, како и на зајакнување на капацитетите на авганистанската Влада, за да биде способна сама да владее со својата држава. Исто така, со помош на други меѓународни организации, како што се ЕУ, ММФ и Светската банка и невладините организации, како и со помош на Русија, Индија и на Кина, НАТО ќе се ангажира во подобрување на условите за живот на цивилното население во Авганистан, на подобрување на економската состојба, изградба на инфраструктурата, подобрување на образовниот и на здравствениот систем итн. Но, за ова, секако, е потребно да се подобри соработката и координацијата и градење доверба помеѓу сите инволвирани субјекти.

Борбата против тероризмот останува еден од приоритетите на НАТО но, бидејќи формите и методите на дејство на терористичките организации значително се променети, па така и силите и начинот на дејствување на НАТО, заедно со другите фактори на безбедност, треба да се менува. Исто така, на Авганистан не може да се гледа како на изолирана територија, па од тие причини, во решавањето на безбедносните проблеми мора да се вклучи и регионот и соседните држави, а посебно тоа се однесува на Пакистан. Од тие причини Пакистан мора да биде инволвиран во подобрувањето на регионалната безбедност која ќе има директно влијание и на безбедносната состојба во Авганистан. Покрај тоа, посебно место во решавањето на состојбата во Авганистан имаат и земјите-членки на програмата „Партнерство за мир“ кои даваат голем придонес со учество со свои воени сили за подобрување на состојбата во Авганистан, меѓу кои и Република Македонија, која од неодамна го зголеми бројот на луѓе кои учествуваат во мировната мисија во Авганистан.

ПРОЦЕС НА РАЗВОЈ И ДОНЕСУВАЊЕ НА НОВИОТ СТРАТЕГИСКИ КОНЦЕПТ

Во самиот процес на развој и донесување на новиот Стратегиски концепт ќе бидат активно вклучени и консултирани сите земји-членки на НАТО. Исто така, во самиот процес ќе бидат инволвирани и земјите-партнери од Северноатлантскиот партнерски совет каде што членуваат сите земји на програмата „Партнерство за мир“, земјите од Медитеранскиот дијалог и Истанбулската иницијатива за соработка, како и други партнери од целиот свет. Процесот на донесување на новиот Стратегиски концепт ќе биде транспарентен и ќе вклучи и други клучни меѓународни фактори како што се ЕУ, ООН, како и невладините организации и други поединци и експерти од областа на националната безбедност кои со свои сугестии и предлози можат да дадат свој придонес.

Групата на експерти, формирана од генералниот секретар на НАТО, својата работа ја започна минатиот септември и своите активности ќе ги реализира во две фази. Во првата фаза групата на експерт ќе се сретне со повеќе влијателни политичари, експерти и организации во светот, за да се дефинираат идните предизвици на Алијансата. Во втората, консултативна фаза, групата на експерти ќе ги посети сите главни градови на земјите-членки на НАТО, ќе ги презентира своите заклучоци и ќе бара мислење и предлози поединечно од секоја земја-членка. Групата на експерти повремено ќе се среќава и со генералниот секретар, како и со амбасадорите во НАТО, односно Северноатлантскиот совет, при што ќе ги информира за развојот на процесот за донесување на новиот Стратегиски концепт на НАТО.

По завршувањето на двете фази групата на експерти својот предлог за нов Стратегиски концепт ќе го достави до генералниот секретар на НАТО. Врз основа на предлогот на групата и своето видување, генералниот секретар на НАТО ќе изготви прва верзија на новиот Стратегиски концепт кој ќе биде доставен до сите земји-членки на усогласување. Овој процес треба да заврши некаде до крајот на летото и почетокот на есента 2010 година. Верзијата, прифатена со консензус од сите држави-членки, ќе биде усвоена на Самитот на шефови на држави или влади на земјите-членки на НАТО кој ќе се одржи до крајот на годината и со тој чин и официјално ќе стапи на сила новиот Стратегиски концепт на НАТО.

м-р Стојан Димчов

АЛАРМОТ Е ВКЛУЧЕН

„МНОГУ Е ВЕРОЈАТНО ДЕКА ВО ТЕКОТ НА ОВОЈ ВЕК ЌЕ БИДЕ ИЗВЕДЕН ЛЕТ НА МАРС СО ЧОВЕЧКИ ЕКИПАЖ. МЕЃУТОА ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА Е УБЕДЛИВО НАЈПОВОЛНАТА ЗА ЖИВОТ ВО СОНЧЕВИОТ СИСТЕМ. МАРС Е МАЛ, СТУДЕН И БЕЗ МНОГУ АТМОСФЕРА, КАКО И ДРУГИТЕ ПЛАНЕТИ КОИ СЕ ЦЕЛОСНО НЕСООДВЕТНИ ЗА ЧОВЕЧКИТЕ СУШТЕСТВА. ЌЕ МОРАМЕ ДА НАУЧИМЕ ДА ЖИВЕЕМЕ ВО ВСЕЛЕНСКИТЕ СТАНИЦИ ИЛИ ДА ПАТУВАМЕ ДО СЛЕДНИТЕ ЅВЕЗДИ, А ТОА ТЕШКО ЌЕ МОЖЕМЕ ДА ГО ИЗВЕДЕМЕ ВО ОВОЈ ВЕК.“ ОВА Е ИЗЈАВА НА ВЕРОЈАТНО НАЈПОЗНАТИОТ ТЕОРЕТСКИ ФИЗИЧАР, СТИВЕН ХОКИНГ

ЕКОЛОГИЈАТА – СПАС ЗА ПРИРОДАТА И ОКОЛИНАТА

Човечкиот род отсекогаш ги кревал очите кон небото и се интересирал за Сонцето, Месечината, ѕвездите… за спектаклите кои се гледаат во бескрајната вселена. Но, дури неодамна, ние господарите на Земјата, успеавме да развиеме технологија која ни овозможи да го напуштиме нашиот сино-зелен дом и да можеме, барем со врвовите на прстите, да ги почувствуваме неверојатните нешта во големиот вакуум. *„Кога летав околу Земјата, сфатив колку е прекрасна. Луѓе, да ја сочуваме и да ја зголемиме нејзината убавина. Да не ја уништиме!“*, изјавил по првиот лет со човечки екипаж околу планетата Земја, рускиот космонаут Јуриј Гагарин, првиот човек кој на 12 април 1961 година цели 108 минути престојувал во вселенското пространство.

Финалната **дефиниција за планета** е изгласана на 24 август 2006 година во Прага, Чешка, од страна на Меѓународниот астрономски сојуз (МАС). Со оваа одлука нашиот Сончев систем има 8 планети: Меркур, Венера, Земја, Марс, Јупитер, Сатурн, Уран, и Нептун. Според споменатата дефиниција, Плутон престанува да биде планета и се смета за „планета-џуџе“. Но, само на планетата Земја има живот. Во вселенскиот простор има милијарди ѕвезди и уште повеќе планети, факт што ги тера научниците да даваат претпоставки дека и на други планети во вселената е можен живот. Дали има живот и ако има, на кое ниво е од развојот, сè уште никој не дознал. Со други зборови, за да се создадат услови за живот и тој да се развие во милиони видови живи организми е вистинска реткост во вселената.

ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА Е ЕДИНСТВЕНА

Како што е познато, животот на планетата Земја е можен поради природниот ефект на „стаклена градина“. Природното појавување на гасовите кои го предизвикуваат ефектот на стаклена градина, пред сè водена пареа (H_2O), јаглерод диоксид (CO_2), како и метан (CH_4), азотен оксид (N_2O) и тропосферски озон (O_3), овозможува сончевата енергија да дојде до Земјината површина како видлива светлина, за потоа да биде заробена од атмосферата како инфрацрвена топлина. Земјината површина апсорбира најголем дел од зрачењето и се загрева. Инфрацрвеното зрачење се емитира од Земјината површина. Овој феномен ја одржува топлината на нашата планета, со што се обезбедува нормално одвивање на физиолошките функции на сите живи организми. Отсуството на стаклени гасови би ја намалило температурата на нашата планета

за околу 33 Со, претворајќи ја Земјата во уште една безживотна планета во Сончевиот систем.

ЧОВЕКОТ – ГОСПОДАР НА СÈ ШТО Е СОЗДАДЕНО

Ние сме homo sapiens. Шест милијарди луѓе на планетата Земја – се чувствуваме како да сме единствени во Вселената. Ние сме господари на сè што е создадено и се наоѓаме во зенитот на нашата технолошка моќ.

Планетата Земја во сликата за вселената претставува само една мала сина точка. Сите ние се наоѓаме во оваа сина точка. Сите наши војни, сите наши проблеми…Целата наша големина и целата наша беда… Целата наша технологија, целата наша уметност, сите наши остварувања… Сите цивилизации, целата флора и фауна… Сите раси и религии… Сите држави и влади … Целата наша љубов… сета наша омраза… Милионите видови живи организми преку борбата за опстанок се приспособиле да опстојуваат и да се размножуваат во услови што природно постојат на Земјата. Природната селекција и меѓусебната зависност се основниот услов тие да постојат. Само за пример, ако не постојат растенијата и нивните цветови нема да постојат ниту пчелите. Но, ако ги нема пчелите, дали ќе опстојуваат и растенијата?

Меѓу огромната бројка видови живи организми се развил и човекот кој во еволутивниот развој отишол многу подалеку од сите други живи организми. Развиените способности за говор, пишувани информации и сознанија, логичко размислување и донесување одлуки, го одвојуваат од сè друго на Земјата. Токму затоа и одговорноста на човекот треба да биде најголема.

НЕГАТИВНАТА СТРАНА НА ТЕХНОЛОГИЈАТА

Со развојот на технологијата во последниот век, човекот многу си го олеснил животот. Со користењето на фосилните горива се добива енергија што ги заменува неговите мускулите или мускулите на запрежните или товарените животни. Ерата на автоматизацијата, а посебно ерата на електронската технологија, придонесуваат да се обезбедат податоци и оценки на состојбите во зависност од податоците на мерливите параметри. Со тоа не се заменува само физичката активност – мускулите, туку и интелектуалната – мозокот. Последните децении, електрониката овозможува комуникациска ефикасност, сознанија и информирање за состојбите и за другите достигнувања на која било точка од планетава. Покрај другото, технологијата ни овозможува релативно лесно да се информираме за сите убавини на планетата Земја, како и можност на релативно лесен и едноставен начин да се посетат сите посакувани дестинации. Но, за жал, развојот и енормното користење на енергијата и на другите ресурси од земјата имаат и **негативни последици**. Повеќето од овие негативни последици научниците ги имаат лоцирано. Тие повикуваат на разумно користење и/или на замена со други алтернативни – обновливи енергии, а апелираат и на соодветно однесување кон другите ресурси на Земјата.

„Ако Земјата го губи земјиштето и шумите, на крајот ќе го изгуби и својот производствен капацитет. И покрај нашите технолошки успеси, ние и понатаму зависиме од фотосинтезата, како што секогаш и сме зависеле", истакнал Лестер Браун, директор на Институтот за следење на светскиот развој во Вашингтон (**Worldwatch institute**). Истражувањата на овој Институт покажуваат дека не е можно да се идентификува ниту еден знак кој би говорел за подобрување на квалитетот на животната средина: шуми има сè помалку, пустините се зголемуваат, горниот слој на земјиштето се тенчи, слојот на озон се намалува, а отровните отпадоци се зголемуваат. Овие показатели се добиени врз основа на физичките истражувања на Земјата што ги направи овој институт.

ОКОЛИНАТА БАРА ПОМОШ

Во сегашниот степен на развој на технологијата, обновливите видови енергија се сè поскапи. Во трката за профит деловните луѓе ја избираат поевтината варијанта, не водејќи доволно грижа за општите опасности по животот на Земјата. Први на удар се растенијата и дивите животни (тие се уништуваат немилосрдно и бескомпромисно), додека за луѓето и домашните животни, со помош на медицината и сознанијата од другите области, привремено се наоѓаат одредени компензации.

Научниците пресметале, ако се продолжи со трендот на денешната потрошувачка и расипничко однесување, за неколку децении ќе изумрат илјадници видови организми. Со тоа ќе се наруши системот на одржливост, создаден пред стотици милениуми. Технологиите што сега постојат не можат во сè да ги заменат функциите на илјадниците видови организми што во екосистемот имаат точно определена улога и функција.

Црвеното светло е вклучено. Природата и состојбите во неа веќе не нè опоменуваат, туку нè казнуваат. За тоа сведочат сè поголемиот број природни непогоди и катастрофи кои секојдневно се случуваат насекаде во светот.



Тоа е состојбата. Но, дали може да се стори нешто?

Организацијата на Обединетите нации (ООН) и другите меѓународни организации се обидуваат да создадат некаков ред во потрошувачката и заштитата на: биолошката разновидност на Земјата, озонската обвивка и чистотата на атмосферата, подземните и истечните води, како и водите во океаните и моријата. Научниците се сè погласни, а политичарите тактизираат правејќи некаков компромис меѓу барањата на производителите и трговците, од една и научниците од друга страна.

МЕЃУНАРОДНИ ПРЕГОВОРИ, ДОГОВОРИ И ВОДИЧИ

Конференцијата на ООН за околина и развој (UNCED) е одржана во Рио де Женеиро во јуни 1992 година. Главните согледувања кои резултирале од конференцијата биле: Рамковна конвенција за климатски промени (UNFCCC), Договор за биолошка разновидност, Агенда 21.

Во согласност со **Рамковната конвенција** беа поставени бројни обврски за сите земји, главно во врска со изготвувањето и имплементацијата на политики за намалување на емитувањето на гасовите кои го предизвикуваат ефектот на „стаклена градина". Како проширување на Рамковната конвенција во 1997 година е потпишан **Кјото-протоколот** кој претставува мошне важен чекор бидејќи за првпат се специфицирани правни обврски во ограничувањето на испуштањето на шесте такви гасови (CO_2, CH_4, N_2O, HFCs, PFCs и SF_6). Целта на **Самитот за глобални климатски промени** кој се одржа во Копенхаген, во декември 1997 година, е да се постигне договор, кој ќе овозможи значително намалување на штетните глобални емитувања преку користење на соодветни ресурси со што би се прекинало брзото глобално затоплување. На конференцијата настапи и Република Македонија со агенда за практично поддржување на политиката на Европската унија, која пред себе има зададено лидерска позиција на глобално ниво за преземање на меѓународна акција.

Република Македонија е потписничка на документот „**Агенда 21**", а истиот е создаден да биде разбирлив работен план за националните акции и меѓународната соработка за одржлив развој и глобална заштита на околината. Документот го содржи следното: Властите треба итно да ги присвојат националните стратегии за одржлив развој, треба да бидат сигурни во интеграцијата на економските и на социјалните размислувања во донесување на одлуки направени на сите нивоа и од сите министерства и да бидат сигурни дека воените сектори се согласуваат со националните стандарди кои го раководат третманот и водењето на опасни отпадоци. Декларацијата од Рио вклучува бројни легални принципи неопходни за постигнување на одржлив развој, како принцип кај околните судири, јавни пристапи за информирање на владата за околината, принципи на претпазливост, приоритетно и временско бележење на активности кои имаат забележително смирувачки прекугранични ефекти. Како додаток, Декларацијата нè запознава со значајната одговорност на развиените земји за глобално одржување на околината преку поддржување на финансиските и технолошките можности и притисоците кои преку користењето на изворите и загадувањето би се распространиле во глобалната околина. Неслучајно мото на поголем број екологисти е: „**Мисли глобално, делувај локално**".

Протокол за поморско загадување (MARPOL) е меѓународно согледување за заштита на поморската околина со намалување на загадувањето од бродовите.

Протоколот од Монтреал е поврзан со Виенската конвенција за заштита на озонскиот слој.

Базелската конвенција ги регулира истоварните и транспортните движења на опасните материи. Целта на конвенцијата е намалување на создавањето на опасни материи.

Конвенцијата во Бон, која е позната и како Конвенција на миграциони видови има цел да се конзервираат копнените, поморските и воздушните миграциони видови и истите да се заштитат од исчезнување.

Елизабета Ташковска

ХЈУСТОН, ИМАМЕ ПРОБЛЕМ

40 ГОДИНИ ОД „УСПЕШНИОТ НЕУСПЕХ“ – МИСИЈАТА „АПОЛО 13“

Сепак, човекот е и упорно, инвентивно суштество. Успеавме со помош на нашата основна способност за мислење да ја освоиме нашата планета и да ги концентрираме нашите напори кон „големото непознато пространство“. Повторно успех. „**That's one small step for man, one giant leap for mankind**“, рекол Нил Армстронг, откако за прв пат во историјата, човекот успеа да остави своја трага на планетарно тело надвор од нашата планета. Но, по првиот историски чекор на човекот, секое наредно слетување на Месечината започнало да се сфаќа како нешто сосем вообичаено, барем до фамозната мисија „Аполо 13“. Оваа мисија му покажа на светот дека ниту еден елемент на човековото пристигнување на друго вселенско тело не е едноставен, ниту, пак, дека е сигурен.

ЧОВЕКОТ Е ЉУБОПИТНО СУШТЕСТВО. ПОТРАГАТА ПО НОВИ, ФАСЦИНАНТНИ НЕШТА Е ДЕЛ ОД НАШИОТ ГЕНЕТСКИ КОД, ТОА Е НАШАТА СВЕТЛА ТОЧКА, НАШИОТ ВОДИЧ. ЗАРЕМ НЕ Е ДОВОЛНО ВО ЕДНА ВЕДРА НОЌ ДА ПОГЛЕДНЕМЕ КОН МИЛИЈАРДИТЕ „ТРЕПКАЧИ“ НА НЕБОТО И ДА ПОМИСЛИМЕ – ИМА ЛИ ЖИВОТ КОЈ Е ОСВЕТЛЕН ОД КОЈА БИЛО ОД ТИЕ ЅВЕЗДИ? ИМА ЛИ ПЛАНЕТА КОЈА НАЛИКУВА БАРЕМ МАЛКУ НА НАШАТА? КАКВИ СÈ НЕВЕРОЈАТНИ НЕШТА КРИЕ ПОСЛЕДНАТА ГРАНИЦА – ВСЕЛЕНАТА?

13

Интересен факт. Мисијата која го носела, за многумина баксузниот број 13, започнала точно во 13 h и 13 min, а според планот требала да слета на Месечината на 13 април 1970 година. Можеби сето ова е премногу. Сепак, без разлика на тоа дали причината е самиот број или не, „Аполо 13“ ќе стане една од најпознатите мисии на НАСА и покрај тоа што таа не беше успешна, барем во делот на слетувањето на Месечината.

Можеби баксузната бројка започнала да создава проблеми уште пред официјалниот старт на мисијата. Имено, командирот на мисијата, Џејмс Ловел, неколку дена пред полетувањето се соочил со дилемата: или ќе го замени пилотот на командниот модул (поради тоа што тој бил изложен на сипаници), или целиот тим ќе мора да почека некоја следна мисија. И, одлуката е донесена – Томас Матингли (првичниот избор за пилот на командниот модул), бил заменет со пилотот од дополнителниот екипаж, Џек Свигерт. Лекарскиот тим на НАСА стравувал дека Матингли би можел да биде онеспособен од болеста токму во периодот кога „Аполо 13“ ќе го извршува критичниот елемент – слетувањето на Месечината. Иако среќата не му била наклонета, Матингли играл есенцијална улога во развивањето планови за спасување на екипажот во подоцнежниот период на мисијата.

СТАРТНАТА ЛИНИЈА

На 11 април, командирот на мисијата, Џејмс Ловел, пилотот на командниот модул (Одисеј), Џек Свигерт, и Фред Хеиз, пилотот на лунарниот модул (Аквариус), го почувствувале тресењето предизвикано од моќните мотори на ракетата Saturn V. Иако со полетувањето сè било во ред, малку е познато дека проблемите започнале уште од самиот старт на мисијата. Имено, во втората фаза централниот мотор се исклучил повеќе од две минути пред планираното време што ги принудило контролорите во Хјустон да одлучат дали останатите четири мотори треба да работат дополнителни девет секунди, со цел одржување на планираната брзина. Подоцнежните истраги покажале дека исклучувањето на централниот мотор било предизвикано од опасните „pogo“–осцилации, кои, пак, предизвикале осцилации во притисокот на комората за согорување. Овој проблем бил основа

за креирање на анти родо-модификации во подоцнежните мисии. Сепак, во тој момент никој од екипажот не претчувствувал дека тоа ќе биде најмалиот проблем со кој ќе бидат соочени во текот на нивната седумдневна мисија.

По успешното завршување на втората фаза и по влегувањето во т.н. лунарен коридор кој требало да ги однесе на планираната патека до Месечината, командно-сервисниот модул се одовоил и успешно го извлекол лунарниот модул од обвивката на ракетата Saturn V. По тој маневар летало то се упатило на директен курс кон Земјината месечина.

ОДИСЕЈА ВО ОПАСНОТО

„**Екипажот на Аполо 13 ви посакува пријатно попладне. Ние наскоро ќе ја завршиме инспекцијата на Аквариус (лунарниот модул) и ќе се вратиме назад во Одисеј (командниот модул). Имајте добра вечер**“. Тоа била последната изјава на командирот на мисијата Ловел дадена во текот на завршувањето на директниот телевизиски пренос, 55 часа и 46 минути по почетокот на мисијата, односно само девет минути пред почетокот на низата проблеми што ќе ги стави во опасност животите на тројцата астронаути. Точно 55 часа и 55 минути по започнување на тринаесеттата мисија од вселенската програма „Аполо“, по барање на Земјината контрола упатено кон Свигерт да ги вклучи интерните вентилатори на резервоарите со кислород со цел точно да се измери нивниот моментален капацитет, екстерниот кислороден резервоар број два ненадејно експлодирал, што, пак, предизвикало штета и на првиот резервоар. Командниот модул, освен страотните потреси и вибрации, бил преплавен и од светлечки индикатори кои покажувале критично однесување на голем број компоненти на комплексната машина. Нормалното снабдување со енергија и вода, како и осветлувањето во командниот модул било прекинато, а тоа само по себе навестувало опасна ситуација.

Првото нешто што било направено било затворањето на отворот помеѓу командниот и лунарниот модул со цел да го намалат истекувањето на кислородот. Сепак, тие многу бргу сфатиле дека нема истекување на кислородот од леталото, туку дека се работи за нешто многу посериозно. Имено, тринаесетина минути по експлозијата, Ловел погледнал од прозорецот кон вселената. И, навистина, имал што да види. „**Испуштаме нешто во вселената, некој тип на гас**“, ја информирал Ловел контролата на мисијата во Хјустон. Во меѓувреме податоците на компјутерите во контролата укажувале само на една состојба – резервоарот број два на „Аполо 13“ бил целосно празен, додека резервоарот број еден континуирано го губел притисокот. Кислородот во резервоарите бил многу потребен, не само за дишење, туку и за

1. ЕКИПАЖОТ НА „АПОЛО 13“ ПРЕД ПОЛЕТУВАЊЕ

2. ВАДЕЊЕ НА ЛУНАРНИОТ МОДУЛ

3. ОШТЕТЕНИОТ СЕРВИСЕН МОДУЛ

4. ИЗВЛЕКУВАЊЕ НА ЕКИПАЖОТ ОД МОДУЛОТ

напојување на системите на леталото. Единственото брзо решение кое било изводливо било целосно исклучување на напојувањето во командниот модул и пренесување на екипажот во лунарниот модул. Но, и тоа не било лесна задача. „Аквариус“ бил конструиран како средство за лунарно слетување, а не за навигација низ вселенскиот простор. Со експедитивното поминување преку оваа голема пречка, светот се уверил во креативноста и иновативноста на вработените во американската вселенска администрација. Ловел и неговиот тим по кратко време биле сместени во лунарниот модул од кадешто продолжиле да се борат за своите животи.

АНАЛИЗА НА ПРОБЛЕМИТЕ

Од каде ли да се почне. Условите и елементите со кои се соочувал тричлениот екипаж на несреќната мисија задавале проблеми во функционирањето на сите основни системи. Првиот проблем со кој тие се соочиле е значително брзо опаѓање на **енергијата** за напојување на системите во леталото. До моментот на целосното исклучување на командниот модул, капацитетот на неговите батерии бил доволен за напојување на системите за само 15 дополнителни минути. Но, ниту решението да се напушти „Одисеј“ и да се замине во „Аквариус“ не значело пребродување на постојаните пречки, ниту пак, само по себе не придонесувало во намалувањето на грижите. „Аквариус“ бил наменет да одржи двајца астронаути 45 часа. Моменталната ситуација укажувала на тоа дека тој период морал да биде продолжен на најмалку 90 часа, за сите тројца членови на екипажот. Во однос на енергијата достапна во лунарниот модул, контролорите во Хјустон успеале да создадат процедура со која потрошувачката во модулот била намалена на само една петтина од нормалната, со што и по искористувањето на лунарниот модул, во него имало резерви од околу 20 %. Инвентивноста одела дотаму што тие успеале да најдат начин и дел од енергијата од „Аквариус“ да ја пренесат во „Одисеј“. Олеснителна околност било тоа



што количината на достапен кислород не претставувала проблем. За дишење бил доволен главниот резервоар на лунарниот модул, а покрај него, биле достапни и два дополнителни резервоари, како и двата рачни резервоари кои би требало да бидат искористени за одењето по Месечината.

Водата, односно недостатокот од неа, претставувала најголема грижа. Калкулациите покажале дека астронаутите ќе останат без вода пет часа пред нивното влегување во Земјината атмосфера, но претходните мисии покажале дека, сепак, целата механика може нормално да функционира шест до седум часа без водено ладење. Дека и екипажот сериозно го намалил користењето на вода покажува и податокот дека тие пиеле само околу 170 ml дневно, што повторно е една петтина од потребното количество За јадење, пак, користеле виршли и други пакувани оброци.

ТИВКИОТ УБИЕЦ

И покрај тоа што имало доволно количество на кислород, процесот на дишење го зголемува количеството на штетниот јаглерод диоксид. Иако „Аквариус" во себе имал системи за прочистување на воздухот (LiOH канистри), поради фактот што во него биле сместени тројца астронаути на подолго време од предвиденото, дошло до сериозно зголемување на концентрацијата на CO_2 во лунарниот модул. Иако во командниот модул имало дополнителни канистри, отворот за приклучување во него не бил соодветен со оној кај лунарниот модел. Уште еднаш, тим од контролата во Хјустон стапил на сцена и со материјалите кои им бие достапни успеал да изнајде начин на кој канистрите од лунарниот модул можеле да бидат поврзани со отворите во „Аквариус". Едно е очигледно – била користена поголема должина леплива лента, повеќе пластични ќеси и картон. Направата за приклучување била едноставно наречена „поштенско сандаче".

НАЗАД КОН ЗЕМЈАТА

Како што напоменав, еден од основните проблеми било преместувањето на навигациската контрола од командниот во лунарниот модул. Бидејќи пред експлозијата „Аполо 13" направил корекција на курсот и излегол од патеката на слободно враќање кон Земјата, било потребно повторно корегирање на курсот. Специјалистите во Хјустон пресметале дека е потребно 35-секундно горење на моторите во петтиот час по експлозијата. Два часа по заобиколувањето на Месечината, било наредено уште едно согорување на моторите, со што се зголемила брзината, но и се намалило времетраењето на нивното враќање на Земјата. Интересно е да се спомене дека со тоа што астронаутите биле на патека за слободно враќање кон Земјата, тие Месечината ја заобиколиле на околу 100 km над нискаата орбита, со што го поставиле рекордот на најголемата далечина од Земјата на која дотогаш отишол човекот. Во однос на забрзувањето, мора да се напомене дека станува збор за особено критичен маневар. Имено, иако навигацискиот систем бил префрлен во компјутерот на лунарниот модул, одржувањето на правецот било вистински кошмар. Во нормални услови тоа се правело со помош на секстант, наречен оптички телескоп за порамнување, со кој била пронаоѓана една фиксна точка во просторот според која, пак, се вршело израмнувањето. По-



ради големиот број на остатоци во околината на леталото (предизвикано од експлозијата), било невозможно воопшто да се пронајде ѕвезда. Сепак, Ловел успеал да го ротира леталото така што преку оптичкиот телескоп можел да го види Сонцето. По завршувањето на процесот на согорување, мерењата покажале дека леталото скршнало од патеката за помалку од половина степен, што не влијаело на пресметките за нивното влегување во Земјината атмосфера.

ОТСЈАЈОТ НА СИНАТА ПЛАНЕТА

Четири часа пред достигнувањето на Земјата, на екипажот му било наредено да го исфрли сервисниот модул во вселената. Дури тогаш тие можеле да ја увидат големината на штетата направена од експлозијата на кислородниот резервоар.

Тоа било направено токму тогаш бидејќи се стравувало дека топлотната заштита на командниот модул, која била покриена од сервисниот модул, може да претрпи поголеми оштетувања ако на подолг период е директно изложена на ладниот вселенски простор.

Околу три часа пред пристигнувањето во атмосферата на Земјата, екипажот на „Аполо 13" требал да се врати во командниот модул. Поради ниските температури командниот модул и целосната техника–жиците, прекинувачите и панелите биле покриени со мали капки вода, што, пак, многу лесно можело да предизвика искрење и целосно запалување на модулот. Впрочем, тоа и се случило со „Аполо 1", кога тројцата членови на екипажот ги загубиле своите животи во пожар во командниот модул. Иако биле направени екстензивни промени и подобрувања, можноста за запалување била реална. За среќа, тоа не се случило. Сите потребни системи биле успешно вклучени (со помош на дополнителната енергија од лунарниот модул), а само час и половина пред процесот на слетување во Пацификот, бил отфрлен и лунарниот модул кој играл особено голема улога во преживувањето на екипажот на „Аполо 13".

Конечно, на 17 април во 13:07 според источно стандардно време, 142 h и 54 min по полетувањето, командниот модул успешно се спуштил на Јужниот Пацифик. Тројцата членови на екипажот, Ловел, Хеиз и Свигерт, иако биле целосно истоштени од неспиење, на Земјата пристигнале здрави и живи, а биле спасени од американскиот брод УСС „Иво Џима", за неполни 40 min.

ПРИЧИНА ЗА НЕСРЕЌАТА

Истражувањето на причините за несреќата откриле навистина фрапантни податоци. По реконструирањето на командниот модул во 1965 година, едно од подобрувањата било и тоа што дозволената волтажа во грејачите во резервоарите со кислород била зголемена од 28 на 65 волти. Тоа што не било сменето биле прекинувачите на споменатите грејачи кои останале според старите спецификации и затоа за време на последниот тест, извршен на леталото (во периодот кога тоа било поставено на лансирна рампа), тие останале вклучени подолго време отколку што требало, што, пак, довело до сериозно оштетување на тефлонската изолација. Одредени информации говорат дека за време на тестирањето, резервоарот бил подложен на осумчасовно надминување на дозволениот период на загревање. Резервоарот, практично бил бомба која можела да експлодира во секој момент. А, експлозија имало, но на 320.000 km од Земјата.

Мисијата со баксузниот број 13 не била залудно наречена „успешен неуспех". И покрај тоа што членовите на екипажот не успеале да слетаат на Месечината, што „де факто" била примарната цел на мисијата, тие со помош на високоинвентивните умови во командата на Хјустон, за многу краток рок воспоставиле сосема нови и нетестирани процедури кои вродиле со плод – останале живи и се вратиле на Земјата. Вградената техника била употребена во поинаков контекст и тоа сосема успешно. „Аполо 13" му покажал на светот дека волјата и решителноста на човекот кон една цел – враќањето дома, може да ги победи и најмалите шанси за успех.

Иван Петрушевски

ИЗВРШУВАЊЕ НА ПБО

Фото: Richard Frigge

ПРОТИВБУНТОВНИЧКИ ОПЕРАЦИИ – VIII ДЕЛ

Во изминатите неколку броеви се посветивме на еден од најклучните сегменти во изведувњето на противбунтовничките операции (ПБО) – планирањето. Притоа истакнавме дека планерите на современите ПБО мора да го земат предвид современиот тек на настаните, потребно е да се ослободат од прангите на класичната, или ако може да се каже, од зоната во која тие се чувствуваат најсигурни во текот на планирањето. Со други зборови, тоа би значело дека треба да размислуваат „надвор од кутијата" (нормално без да забораваат на „кутијата", или, совршено добро да ја познаваат поставеноста на работите внатре во „кутијата").

Без да навлегуваме во анализите кои веќе ги елабориравме останува да заклучиме дека при современите ПБО природата на заканите е асиметрична, доаѓа од недржавни актери кои предизвикуваат ефекти, исто како и државните актери и по државите како актери, на тој начин загрозувајќи ја целокупната безбедност и стабилност. Тоа ја наметна потребата од неконвенционален пристап, кој наместо директно да приоѓа кон решавање на проблемот, ја побара премисата на индиректниот пристап преку ставањето на акцентот на т.н. „меки операции" при планирањето на идните ПБО. Овие операции задолжително треба да се изведуваат на регионално и на глобално ниво, па оттаму промената во концептот на планирањето ја исфрли и потребата од театарско кампањско планирање. При разработката на стратегијата која треба да се избере во пристапот за време на планирањето рековме дека главниот акцент треба да се стави на волјата на народот и дека тој е главниот центар на гравитација. Тоа, пак, ја наметна потребата од пристап во кој војската нема да го има главниот збор како во конвенционалните борбени операции. Наместо тоа, рековме дека е потребно изградба на стратегија која ќе ја стави војската во подредена улога на политиката и волјата на народот, што ултимативно ја наметнува потребата од здружена акција на меѓуагенциско (меѓуресорско) ниво. Само на овој начин успешно ќе се обезбеди активирање на сите инструменти на моќ (дипломатија, информации, војска и екомонија).

За таа цел најпрвин ќе се обидеме да ги доловиме значењата на термините кои ги поставивме како мошне важен сегмент на планирањето. Иако многумина зборуваат за тоа дека е потребен индиректен пристап во водењето на современите ПБО, сепак, многу малку е објаснето како тој пристап се применува при самото извршување. Оттука доаѓа и потребата за објаснување на овие термини во практична смисла, а потоа детаљно навлегување во елаборирањето на операциите.

МЕТОДИ, МЕРКИ И АКТИВНОСТИ

Иако идејата за овој пристап бара примена на методи, активности, мерки и постапки кои се разликуваат од директниот пристап, индиректниот пристап за време на извршувањето на современите ПБО може да вклучи директни акции на тактичко ниво, како на пример тактички операции како што е конвенционален напад на камп за обука на терористи. Во овој случај постои буквална-директна апликација на воена сила. Меѓутоа, оваа операција на тактичко ниво најчесто ќе биде дел од поголема здружена акција на стратегиско, евентуално на оперативно ниво (оттаму и идејата за театарско кампањско планирање кое почива на низа од ваквите организирани и координирани здружени операции). На тој начин, при извршувањето на овие операции, мора да биде јасно дека лидерите треба да ги водат ПБО заедно со, или пак, против трета страна (држава или вооружена групација-како резултат на современите размислувања). Целта на ваквите операции во современите ПБО е да се изврши влијание врз непријателот преку неговите поддржувачи, а не да се влијае врз него директно (околу ова, како и околу ризикот да се предизвикаат спротивни ефекти преку непосредно фокусирање само на непријателот, конкретно Талибанците и Ал Каеда, види претходно кога го разгледувавме планирањето на современите ПБО).

Она што исто така стана јасно од дебатата околу планирањето на ПБО е дека, за да биде функционален индиректниот пристап, мора да се заснова на стратегија која ќе почива не само на конвенционалниот класичен начин на војување, туку и врз премисите од неконвенционалното војување. Во тој дух, извршувањето на ПБО мора да вклучи комбинација од конвенционални и неконвенционални методи, активности или постапки. Неконвенционалните методи и постапки (она што исто така не е доволно јасно кога се употребува овој термин), задолжително, покрај останатото, треба да вклучат и притаени и тајни операции во комбинација со иррегулар-

ни сили.
Ваквата практика на САД не излезе онака како што се очекуваше (се однесува на најмување на припадници на „Блек вотер" за лов на Осама бин Ладен). Алтернатива за избегнување на ризикот од употребата на вакви сили е неконвенционалната примена на конвенционалните капацитети. Оттука, како што истакнавме претходно, успехот во извршувањето на ПБО мора да се бара во изнаоѓање, лоцирање и примена на методите, мерките, постапките и активностите, преку кои ќе се намали моќта на влијаење врз населението од страна на непријателот. За таа цел, извршувањето на ПБО мора да се фокусира на физичка изолација (преку конвенционални и неконвенционални операции), но и на психолошка изолација од поддржувачите (третата страна-држава или вооружена група, односно дел од населението), на непосредниот непријател. Она што, исто така, мора да се има на ум кога се спроведуваат ПБО е дека покрај тоа што поддржувачите се надвор од населението, тие често за време на современите ПБО ќе бидат и меѓу населението (особено во оние случаи каде овој пристап во современите ПБО не дал резултат, па неутралниот дел од населението се преобразил или присилно е на страната на непосредниот непријател). Сè на сè, во овие активности мора да се применат два типа на операции.
Прво, **психолошки операции**, јавна дипломатија, операции за цивилни односи (преку нив ќе се влијае на когнитивниот елемент, освојувањето на срцата и мислите, за што стана збор претходно).
Второ, **безбедносни операции,** одржување на јавниот ред и мир и директни акции (што претставува само дел од физичкиот сегмент на идејата околу освојувањето на срцата и мислите на населението). Потребата од втората група на операции доаѓа од фактот што одреден дел од непосредниот непријател за време на ПБО, како што истакнавме претходно, е толку многу индоктриниран што не постојат поинакви методи освен физичка егзекуција или нивно заробување (се милси на теористите или на бунтовниците кои имаат апокалиптична-апстрактна цел).
За да можат да успеат овие операции, уште кога зборувавме за планирањето, рековме дека современите ПБО мораат да траат подолго и со голема упорност и внимателност. Тоа може но и не мора да е карактеристика на класичните борбени операции (на пример во случај кога има нерамноправни противници или, пак, кога класичните борбени операции вклучуваат употреба на неконвенционално оружје – САД врз Јапонија за време на Втората светска војна). Ова значи и дека при извршувањето на современите ПБО, следен клучен елемент кој игра значајна улога во успехот

1. ГЕНЕРАЛОТ СТЕНЛИ МЕК-КРИСТАЛ, НАЈГОЛЕМ ПОБОРНИК ЗА СОВРЕМЕНИТЕ ПБО

2. СОРАБОТКАТА СО ЛОКАЛНИТЕ ЛИДЕРИ МОРА ДА Е НА ВИСОКО НИВО – НОВ ПРИСТАП НА КОАЛИЦИОНИТЕ СИЛИ ВО АВГАНИСТАН

Фото: Juul Platenburg

е ротацијата на силите.
Доколку ротацијата на силите како една од клучните елементи не се изврши правилно, тоа може да има катастрофални последици. Така на пример, ако единицата која изведувала ПБО успеала на некој начин да ги оствари дел од сегментите планирани со стратегијата околу пристапот во изведувањето на современите ПБО, и ако следната единица која ќе ја наследи не ги примени овие мерки, методи, активности и постапки, или пак, ако не успее да го задржи темпото со кое работела претходната единица, во тој случај ќе се јави сериозен проблем. Населението, кое и онака е скептично, многу лесно ќе ја изгуби довербата, па оттука секој следен чекор ќе биде проследен со иронија и со недоверба. На тој начин, наместо да се движиме напред при изведувањето на современите ПБО, би се вратиле два до три чекори назад што, секако, ќе претставува сериозен проблем дури и за вистински избрана стратегија и пристап во современите ПБО. Тоа доаѓа од фактот што крајниот потрошувач – во случајот народот, е тој кој одлучува дали нашите мерки, методи, активности и постапки за време на извршувањето на современите ПБО ќе бидат успешни или не. Сето ова, пак, нè води до следниот и многу важен сегмент, а тоа е разбирањето на волјата на народот – крајниот потрошувач на нашата стратегија и извршување.
Фокусирањето на волјата на народот за време на извршувањето на современите ПБО е заради две причини. Прво, заради потребата од воспоставување и задржување на легитимноста на локалната власт која ја поддржуваат вооружените сили (најчесто коалициски сили како што е случајот со Авганистан и сè уште делумно со Ирак). Второ, поврзано со претходното, поддршката од населението за здружените операции кои треба да се преземаат заедно со локалните власти како главен играч во операциите. За таа цел за време на извршувањето на современите ПБО лидерите мора да имаат на ум дека вооружените сили се клучниот сегмент кој треба да ги воспостави рамките за идните долгорочни дипломатски информациски и економски услови за стекнување на поддршката на јавното мислење кај населението на пријателските сили, вклучително и новоформираните сили), односно за нихилизирање на поддршката која ја добиваат непосредните непријатели од населението. Тоа, пак, ја налага потребата од нешто што за време на извршувањето на современите ПБО ја потврдува тезата која ја загатнавме претходно, а се однесува на тоа дека идните лидери на вооружените сили задолжително мора да бидат на повисок стадиум на едукација која во никој случај не смее да остане на нивото на воената вештина сама по себе.
Тоа значи дека само со ваков стадиум овие лидери ќе успеат за време на извршувањето на ПБО да ја задржат контролата врз воената моќ и успешно да се движат по тенката линија на обезбедување поголема сигурност–безбедност на населението (во спротивно, многу лесно мерките на безбедност можат да преминат во мерки против безбедноста доколку населението тоа го сфаќа како закана–окупација во негативна конотација).
Освен во поглед на безбедноста, високото ниво на едукација треба да обезбеди лидерите преку посебните форми на обука, да ја наметнат потребата од разбирње на уште еден клучен сегмент во

3

Фото: Richard Frigge

извршувањето на современите ПБО, а тоа е разбирањето од страна на своите потчинети. Овој дел е, исто така, мошне чувствителен и есенцијален. Имено, секоја активност која се презема во индиректниот пристап за време на извршувањето на современите ПБО лесно може да стане контрапродуктивна доколку луѓето на кои им се помага не се почувствуваат како важни и дека тие се тие кои самите придонесуваат за безбедноста и за реконструкцијата која е во тек. Тоа значи дека треба да се има на ум дека на населението, покрај останатото, ќе му биде потребна и егзистенција, но не доделена како награда или како помош, туку преку создавање услови каде населението ќе може да остварува приход– значи обезбедување на работа и работни места (поддршка на економијата). Во таа насока мора да се земе предвид дека социјализирањето во новите воспоставени–поствоени–постконфликтни услови, треба да биде во согласност со културните наследства и традициите на населението, не во согласност со перцепциите на извршителите. Ова е особено важно бидејќи, како што истакнавме претходно, кога зборуваме за планирањето, за активностите и за поставувањето на рамката на успехот во современите ПБО, започнуваат далеку (во временска смисла), пред она на што се навикнати воените планери и лидерите на теренот. Она што како заклучок би го рекле за овој сегмент од извршувањето на современите ПБО (се мисли на сегментот како дел од индиректниот пристап), е дека неуспехот да се разбере и да се следи волјата на народот може да нè турне во бездната во која секоја активност, независно колку добро е испланирана и во согласност со современите пристапи во справувањето со модерните бунтовници, може да премине во брутално посрамување на вооружните сили, до максимално дерогирање на нивниот легитимитет, што ќе донесе до погрешни интерпретации меѓу вооружените сили, јавното мислење (дома кај вооружените сили), и до туркање на населението во раце на бунтовниците (оние против кои се наменти тие мерки).

3. ОБУКА ЗА БОРБЕНИ ВЕШТИНИ

4. ОПЕРАЦИИ ОД ДОМЕНОТ НА ЦИВИЛНО-ВОЕНИТЕ ОДНОСИ



4

Фото: Richard Frigge

Како последна мерка на која треба да се фокусира индиректниот пристап во извршувањето на современите ПБО е здружената и усогласена акција која треба да го има предзнакот и бојата на меѓуресорската кооперативност. Тоа значи дека современите ПБО задолжително мора за лидер да ги имаат другите министерства и тела на владата, меѓу кои и Министерството за одбрана (МО), но не да го стави МО како водечки елемент. Делот од МО т.е. воената компонента, мора да го сподели своето искуство, особено во делот на планирањето и во создавањето безбедни услови за имплементација на оваа заедничка акција.

Оттука останува да заклучиме дека извршувањето на современите ПБО мора да почива на индиректниот пристап кој ќе ги има сите погоре споменати сегменти. За да можат да се остварат овие сегменти и да се стават во функција без да се дозволи тие да станат контрапродуктивни, лидерите и учесниците во овие операции задолжително мора да поседуваат длабоко ниво на едуцираност и познавање на состојбите. Тоа ќе им овозможи кредит преку кој успешно ќе може да го согледаат карактерот на конфликтот во чие разрешување и стабилизирање се вклучени, да ја разберат културната рамка на населението, а со тоа да ги сфатат перцепциите, пристапите и причините за диверзитетот кои влијаат на создавањето на конфликтот. Здруженото и обединето дејствување на меѓуресорско ниво има капацитет да го обезбеди потребниот минимум за формирање на оваа рамка на успехот во извршувањето на современите ПБО на сите нивоа, не само на стратегиско, туку и на оперативно, а посебно на тактичко ниво (најдобар пример за тоа се ПРТ–тимовите во Авганистан и во Ирак).

Д-р Методи Хаџи–Јанев

СВЕТОТ НА ТОЛКИН ВО ОДА
THE LORD OF THE RINGS: THE

СТРАТЕГИЈА СО TURN-БАЗИРАНИ ЕЛЕМЕНТИ

ВНИМАНИЕ ТРОЛОВИТЕ НАПАЃААТ!

ШТО ВЕ ОЧЕКУВА?
ИСПОЛНЕТИ ОЧИ И НЕНАСПАНОСТ. МАЕСТРАЛНИТЕ БИТКИ ПОМЕЃУ ГОБЛИНИТЕ, ОРКИТЕ, ЛУЃЕТО, ЏУЏИЊАТА И САМОВИЛИТЕ ЌЕ ГИ ЗАДОВОЛАТ И ОНИЕ ГЕЈМЕРИ КОИ ИМААТ ТЕНДЕНЦИЈА ДА НАЈДАТ НЕКОЈА „БОЛНА И НЕПОТРЕБНА“ ИГЛА ВО СЕНО. А, НЌ ИМА ВО ГОЛЕМ БРОЈ! ИАКО, ЗАЖАЛ, ГОЛЕМИНАТА НА БИТКИТЕ НЕ Е НА ИСТО НИВО СО ОНАА ВО ФИЛМУВАНАТА LORD OF THE RINGS – ФРАНЧИЗА, ОСТАНАТИТЕ ОСОБЕНО ПОЗИТИВНИ ЕЛЕМЕНТИ ИНКОРПОРИРАНИ ВО СИТЕ АСПЕКТИ НА ОВАА RTS-СИМУЛАЦИЈА ГО ВОЗДИГНУВААТ ЧУВСТВОТО НА ИГРАЊЕ НА НАЈВИСОКО МОЖНО НИВО. УШТЕ ЕДЕН ИНТЕРЕСЕН ФАКТ Е ДЕКА И ОВАА, КАКО И СТРАТЕГИСКИТЕ СИМУЛАЦИИ ВО МИНАТИТЕ НЕКОЛКУ БРОЕВИ, Е СВОЕВИДНА МЕШАВИНА НА ТРАДИЦИОНАЛНИ ЕЛЕМЕНТИ (ВИСТИНСКИ BASIC-ЕЛЕМЕНТИ) НА RTS-СИМУЛАЦИЈА СО TURN-БАЗИРАНИ ЕЛЕМЕНТИ, СЛИЧНИ КАКО КАЈ ДОБРО ПОЗНАТАТА ДРУШТВЕНА ИГРА „РИЗИК“ (RISK).

ИЧНАТА RTS СИМУЛАЦИЈА – BATTLE FOR MIDDLE-EARTH II

ЕДНА ЦЕЛ: ЕЛИМИНИРАЈ!

Решив да почнам со добро познатиот skirmish. Не знам зошто, но градењето на добро утврдена база отсекогаш ми било на врвот на приоритетите на почетокот од секоја нова игра. И, за разлика од претходникот познат како BfME I (Battle for Middle-Earth I), каде постоеше лимитирање на бројот на градби кои можат да бидат изградени, во BfME II, тоа е надминато. Слободата е дадена, што, пак, нè води до креативноста и способноста на секој гејмер. EA ни овозможи голем дијапазон на градби – од оние кои ни собираат ресурси, преку градби за продуцирање единици и истражување на надградувања, сè до дефанзивните структури. И, конечно, внесени се и ѕидовите кои, според мене, на секој гејмер му даваат едно чувство на сигурност во своето „упориште". Сепак, новините во однос на ограничувањата на градбите за собирање ресурси (главно неможноста да се изградат блиску една до друга) ќе ве присили голем дел од одбраната да се базира врз споменатите ѕидови, земено предвид дека борбените сили ќе мора да ги распределите на поголема територија.

Листата на фракции кои се целосно достапни за играње е прилично голема. Додадени се три нови страни: Гоблини, Џуџиња и Виленици, а дел од веќе познатите се изменети – достапни се Мордор, Ајзенгард, Рохан и Гондор, но последните две се комбинирани во една фракција, наречена „Луѓето од Западот" (Men of the West). Новата армија од луѓе е составена од пешадија и стрелци на Гондор, а Rohirrim на Рохан ја имаат улогата на елитна коњаница. Оваа комбинација е многу солидна и за напад, но и за одбрана. И во секоја од останатите фракции се издвојуваат неколку единици кои се „де факто" столбот на силите со кои ќе управувате – ефективните стрелци и Енти на Виленицитe, пешадијата (луѓето со копја и фрлачите на секири) на џуџињата, троловите, пајаците, змејовите и Гоблините од истоимената фракција (Гоблини) и високотренираните Uruk-hai кај Ајзенгард (контролирани од Saruman). Играјќи со мрачниот Мордор на располагање ќе ги имате орките, луѓето, троловите, но и озлогласените поручници на Sauron. Мора да се напомене дека постојат и хероите (како Aragorn или Witch king), кои со своите специјални способности се далеку помоќни од основните единици. И, стигнавме до основната карактеристика за која би рекол дека е есенцијална за доброто гејминг-искуство во skirmish-модот– развиената вештачка интелигенција (AI). Тоа што може да се забележи во оваа игра е дека способностите на AI се многу добри, па затоа немојте да бидете изненадени ако компјутерски-водениот играч ве удри таму каде што сте најслаби.

ОЦЕНКИ

METACRITIC: 84%

EUROGAMER: 8 ОД 10

PC GAMER US: 90%

PC GAMER UK: 80%

Нешто што за првпат се додава во текот на играта е и војувањето на „вода", што му дава една интересна димензија на целото искуство, иако тоа се случува во помал процент имајќи предвид дека голем дел од 40-те достапни мапи се целосно копнени.

СЈАЈОТ НА КАМПАЊИТЕ

Што се случува со single player кампањата? Одговорот е – напредок! Преклопувањето на познатиот turn-базиран начин на игра и класичниот RTS-начин на адреналинско инјектирање и во BfME II, дава одлични резултати. Има поголем број сценарија кои можат да се бираат, но во основа движењата се одвиваат на една голема мапа, поделена на провинции. Тој начин на разместување на единици и водење на битки не е крајно комплексен, туку е прилагоден на можностите на просечните „стратези". Основните одлуки се однесуваат на поставувањето градби за ресурси (кои би требало да се постават во провинциите кои се во позадина) и градби за тренирање на единици (секако со замоците кои се одлични за дефанзивно делување), кои би биле поставени на маргините, т.е. на граничните провинции.

Елементите на стратегиско симулирање во реално време можат да се видат според начинот на кој може да се одвива секоја битка. Едноставно, при судирот на две спротивставени армии, гејмерот може да избере, компјутерот сам да го одлучи резултатот од битката или тој да ја преземе целосната контрола врз единиците на бојното поле.

Кампањите се поделени на два основни дела: кампања на доброто и кампања на злото.

ХРАБРО ПРОТИВ ТЕМНИНАТА

Кампањата на доброто е фокусирана на одбрана на слободата на северот, која е загрозена од надојдените армии на Sauron и Гоблините. По откривањето на плановите на Гоблините за напад на северната земја, херојот на Вилениците, Глорфиндел, со помош на Елронд успева да собере доволно голема армија и да ги одбие нивните напади. Следната битка ве води во главното упориште на Гоблините, Етенморс, каде здружените сили ја уништуваат тврдината и го убиваат кралот на Гоблините. Но, тензијата не запира тука – следната секвенца повторно ве води среде боиштето, но овој пат во Сините Планини каде живеат џуџињата. Последната и одлучувачка битка со силите на Мордор се одигрува во Дол Голдур, упориште на Sauron во Мирквуд, каде силите на темнината се целосно уништени, а со тоа и заканата за слободата на северот е целосно елиминирана.

GAME INFORMER: „Уште една победа за EA!"

GAME ZONE: „Кој обожавател на Толкен може да преживее без оваа игра!?"

PC GAMER: „Една од најдобрите процукции на игри досега"

ПОТРЕБНИ ПЕРФОРМАНСИ

СИСТЕМСКИ ПОБАРУВАЊА : 1,6 GHz CPU
RAM МЕМОРИЈА: 256 MB
СЛОБОДНО МЕСТО НА HDD: 6,0 GB
ГРАФИЧКА КАРТИЧКА: 64 MB GPU (GeForce 3/ ATI Radeon 5800+)

МАРШ НА ЗЛОТО

И покрај нашата искрена желба секогаш да сме на страната на доброто, EA ни овозможи да го пробаме „забранетото јаболко"– добредојдовте во силите на злото, чија единствена цел е преземање на северната земја. Без компромиси! Морам да признаам, не е многу тешко човек да падне во искушение. Од што, во кратки црти, се состои кампањата на злото? Во алтернативната војна, Sauron ја испраќа неговата Уста на Sauron и Назгул кај Гоблините, кои водени од сауроновите поручници ги напаѓаат двете упоришта на самовилите – шумата Лориен и пристаништето Грај Хејвенс. По уништувањето на пристаништето, Гоблините се назипирливи! Следната цел се Хобитите, чија земја е брзо и лесно сравнета со земја. Но, како и секогаш, злото својот непријател може да го најде во сопствените редови. Еден од главните командири на Saruman, Wormtongue, одненадеж се појавува и поддржан од силата на Уруките од Ајзенгард влегува во битка со Гоблините за превласт над територијата на Хобитите. И повторно, Гоблините се на победничката страна – тие целосно ги уништуваат Уруките и го убиваат Wormtongue. Во понатамошните мисии, пред Гоблините паѓаат и џуџињата, по што целиот Ериадор паѓа под нивна контрола. Финалната битка, пак, се одигрува кај Ривендел, последото упориште против моќта на мрачните сили. Комбинираната армија на Гоблините и Sauron (кој веќе го поседува ПРСТЕНОТ) целосно ги прегазува силите на доброто.

КРИТИКИ ЗА КАМПАЊИТЕ

И покрај одлично балансираната игра и големиот број предности, кампањата War of the Ring, има свои недостатоци. Најголемиот проблем што може да се увиди во текот на играњето е фактот што по секоја успешно завршена мисија во одредена провинција, масивната армија која е изградена во текот на водењето на битката едноставно исчезнува. Фрустрирачки, нели? Истото се случува и со базите. Доколку непријателот повторно изврши инвазија на веќе освоена провинција на која имате изградено огромна база, ќе се најдете во ситуација одново да ја градите, бидејќи од неа нема да има ниту трага, ниту глас.

ПОВОЛЕН ВЕТАР – MULTIPLAYER

Непореклив факт е дека multiplayer-от претставува една од појаките страни на BfME II. Како и во другите стратегиски симулации, гејмерите можат да ги стават на тест своите способности „one-to-one" или во тимови. Поради начинот на собирање ресурси, главни цели на сите гејмери во текот на играњето мора да бидат начините за позиционирање на што поголем број центри за собирање ресурси. Аналогно на тоа, победници се оние кои ќе оневозможат конструирање на голем број такви центри кај противникот. Кампањскиот мод, иако е даден како можност за играње не е многу препорачлив само поради една причина – должината на играњето. Верувајте, станува збор за денови!

Би сакал да споменам дека серверот во целина е солидно организиран и претставува уште еден плус за multiplayer-модот на BfME II.

ПРАЗНИЦИ, ПРАЗНИЦИ...

Гледано од аспект на графиката, The Battle for Middle-Earth II е воодушевувачка. И покрај тоа што визуелните ефекти никого нема да остават рамнодушен (енџин: SAGE), не можам да кажам дека е направен голем чекор напред во однос на претходната игра, што, признавам, се должи на фактот дека и BfME I, има особено добро графичко рендерирање. Тоа што веднаш го привлекува нашето внимание е подобрувањето на графичките елементи кај водите (земено предвид дека постојат морски битки), но и кај мразот, кој во BfME II има реалистичен сјај. Развојот на графиката може да се увиди и во големиот број детали кај поголемите единици (како кај змејовите).

Звукот е приказна која оди паралелно со одличните графички елементи. Голем број од звуците се препознатливи од спектакуларната трилогија, а на тоа се додава и секогаш интересниот OST.

ANY FINAL WORDS?

Интересно, интересно, интересно... Иако сум tech-junkie, фасцинантната трилогија „Господарот на прстените", ми послужи како повод да решам да ја разгледам оваа стратегиска симулација. И воопшто не жалам! Графиката е перфектна (што, впрочем, е нешто сосем вообичаено за игрите од новата генерација), звуците даваат посебна динамика, а приказната... таа е едноставно епска. Единствениот заклучок што можам да го извлечам е дека доколку имате неколку слободни часови и имате намера да се опуштите од молскавично брзото и напорно секојдневие, The Lord of the Rings: The Battle for Middle-Earth II, треба да биде вашиот вистински избор за релаксација.

Иван Петрушевски

ВОЕНОТО ЛИДЕРСТВО И СЕДМАТА УМЕТНОСТ

ФИЛМОТ – ЛЕКЦИЈА ЗА КОНТИНУИРАНО УНАПРЕДУВАЊЕ

Деновиве беше промовирана нова книга со содржини за военото лидерство чиј автор е командантот на Втората механизирана пешадиска бригада, бригадниот генерал Димче Петровски. Иако книгата сè уште не е дојдена до поширокатa читателска публика, со сигурност може да се каже дека таа ќе најде широка примена кај командниот кадар на АРМ, без оглед дали се работи за офицерскиот или за подофицерскиот кор, а веруваме дека ќе побуди интерес и кај професионалните војници и на цивилните лица. Ваквата констатација се должи на фактот што за лидерството во армиската средина има многу што да се напише, а повторно да не е сè кажано, без оглед на тоа со која стручна литература располагаме. Но, за секое поздравување и почит е напорот на авторот на книгата кој вложил огромен труд со цел на припадниците на МО и АРМ да им подари едно стручно согледување за најважната процесна функција на командувањето и контролата во Армијата која отсекогаш има примат, а тоа е лидерството. Она што на оваа нова военостручна едиција ѝ дава посебна тежина, е тоа што во неа за прв пат е направен успешен обид за научно дефинирање и диференцијација на военото лидерство, при што авторот се чини вешто ги обединил искуството и науката.

Како што веќе спомнавме, военото лидерство низ вековите се наметна како водечка компонента без која не може да се развива ниедна воена организација, колектив, поединец. Веруваме дека ќе се сложите дека без оглед на тоа колку книги ќе прочитате за лидерството, или пак стручно ќе се усовршувате, тоа не може да се третира како „лекција" која еднаш се учи, а потоа се применува. Лидерството, особено военото, е нешто повеќе од научна студија. За него треба да се има чувство, дарба, желба, енергија и што уште не. Јасно е дека успешните воени лидери низ историјата не ги воодушевувале генерациите само со брилјантните победи на бојното поле, туку и со силните говори, беседи и, секако, со начинот на кој им се обраќале на своите војници и старешини и со односот кој го граделе кон нив. Сепак, овојпат ќе се обидеме да се приближиме кон военото лидерство од една друга страна, а тоа е како можат современите воени лидери да станат поуспешни, како можат да бидат подобро мотивирани и подготвени за да го водат стројот, а за тоа да добијат одговор на многу предизвици поврзани со лидерството, токму од филмската уметност.

ФИЛМОТ И РЕАЛНОСТА

Неодамна, за време на одржувањето на еден аеромитинг, еден пилот на АРМ со висок офицерски чин (се претпоставува дека поседува и огромно искуство), од еден новинар беше запрашан дали го гледал филмот „Топ ган", на што тој одговори без двоумење: „Се разбира, тој филм претставува задолжително четиво за секој наш пилот, и верувајте не само во АРМ, туку и во сите армии во светот".

Поттикнати од оваа изјава, долго размислувавме што навистина ги натерало воените пилоти да го гледаат овој филм по неколку пати, а после секое гледање да го доживуваат на посебен начин. Без намера да навлегуваме во филмска критика (бидејќи не сме стручни за тоа), ќе се обидеме низ мала анализа на некои филмски остварувања од светската кинематографија кои ни ги нуди воениот филм кој одамна се развил како посебен филмски жанр, да објасниме зошто тие можат да бидат од голема корист за развојот на лидерските способности на еден модерен офицер или подофицер. Колку и да сме лаици кога е во прашање креирањето на сценаријата и воопшто создавањето на еден воен филм, режисерот најверојатно мора да биде поттикнат од некој настан, случка или, пак, од значаен момент од историјата, за кои има доволно записи.

Иако во филмовите честопати се вели дека поистоветувањето на одредени личности и настани со нив во филмот се случајни, повеќе од сигурно е дека успешното снимање на еден воен филм, е речиси невозможно без консултација и без соработка со стручни лица (офицери, подофицери, војници) од армиската средина. За успешно режирање на историски спектакли со кои на филмското платно се прикажани големи битки, се знае дека е неопходно ангажирање на експерти по воена историја. Така, за автентичното прикажување на настаните при снимањето на филмовите „Неретва" и „Сутјеска" за кои и денес се смета дека се спектакли, во поранешната СФРЈ бил ангажиран Воениот историски институт и речиси целата Катедра по воена историја на тогашната Воена академија на копнената војска. Речиси идентични податоци има и за можеби најдолгиот воен филм кој е прикажан досега, а тоа е филмот „Битка за Москва" кој во чест на бранителите на Москва, во тогашниот Советски сојуз, беше снимен кон средината на осумдесеттите години од минатиот век. Кога зборуваме за филмската екранизација на големите битки од Втората светска војна, од страна на холивудската филмска машинерија, како водечка во светот, би ги издвоиле филмовите: „Битката за Нормандија" (познат и како „D Day") и „Битката за Ардените", кои претставуваат дел од воените филмски класици.

ВИЕТНАМ – НЕПРЕСУШЕН ИЗВОР

Јас сметам дека големите филмски спектакли, по теркот на споменатите, сепак, не се она што како приоритет би го понудиле како тема за разговор и „откривање" на лидерските способности на современите старешини. Затоа, вниманието ќе го насочиме на некои посовремени филмски остварувања кои со темата и со дејството кое во нив се случува, ќе наметнат многу прашања, но, пред сè, ќе претставуваат и мотив за поистоветување со позитивниот лик претставен како совршен лидер. Смелоста да пишуваме на оваа тема, ни дава право да кажеме дека, ако за секој воен пилот задолжително „четиво" е „Топ ган", тогаш за секој воен лидер (веќе рековме дека тука не правиме разлика помеѓу офицери и подофицери), тоа е филмот „Ние бевме војници" со Мел Гибсон во главната улога. Филмот верно ги прикажува сите настани поврзани со подготовките, со упатувањето и со употребата на првата борбена единица на армијата на САД во Виетнам. Како старешини кои поседуваат значително искуство, сметаме дека во овој филм гледачот ќе се запознае со беспрекорен офицер во улога на командант на баталјон, кој на вистински начин се грижи за своите луѓе, ги

Оваа рубрика ја посветуваме на ВОЈНИКОТ – ЧОВЕКОТ кој е прв на удар на виорот наречен војна, – ЧОВЕКОТ кој е високо мотивиран да ја брани својната, татковината и идеите – ЧОВЕКОТ кој е физички и психички подготвен на највисоко ниво – ЧОВЕКОТ кој оставил дел од својата душа дома кај своето семејство – ЧОВЕКОТ кој, на крај, сепак, е само ЧОВЕК.
И затоа тој е инспирација за многу уметнички филмски дела кои оставиле силен впечаток на неутралната широка публика, ја разбранувале нашата закоравена емотивност и ни покажале колку сурова е всушност војната и како таа делува на луѓето.
Во следните броеви на ШТИТ ќе се осврнеме на некои од тие филмови без некоја посебна амбиција да бидеме филмски критичари. Сакаме само да ви пренесеме дел од нашите чувства, да ви покажеме дека една војничка, човечка судбина може да ги промени нашите ставови за вредностите во животот, а посебно да истакнеме колку тој тежок, исполнет со труд, кал и пот војнички живот е достоен за ПОЧИТ.

мотивира, сочувствува со нив, ги смета како свое семејство, и во исто време е подготвен на бојното поле да го жртвува својот живот за нив. Она што посебно плени е говорот и обраќањето на командантот кон своите потчинети, при што Мел Гибсон како актер се потрудил да внесе и посебна доза на емоции. Сметам дека ова е доволна провокација за сите оние кои немале прилика да го проследат овој извонреден филм, тоа да го направат и да се уверат во мојата препорака.
Режисерите во Холивуд биле посебно мотивирани со темата за „Виетнам" заради што се снимени и повеќе филмски остварувања главно кон крајот на седумдесеттите и на почетокот на осумдесеттите години од минатиот век, од кои би ги издвоиле: „Вод" (со Том Беринџер), „Страотиите на Виетнам", „Ридот Хамбургер" и други. Во овие филмови, покрај стравотиите и страдањата што ги носи војната, на многу реален начин се прикажани исклучително тешки состојби во услови на вооружен конфликт, а во кои се бара крајна умешност на командниот кадар и, пред сè, психофизичка подготвеност, со една единствена цел да се издржи до крај, да се зачува нечиј живот и да се изврши задачата без оглед на околностите.

РИМ–БЕРЛИН–КАБУЛ

Кога зборуваме за беспрекорното и доследно извршување на задачите, мора да се вратиме на филмските остварувања со теми од Втората светска војна и неповторливиот филм „Спасувањето на војникот Рајан" кој е носител на неколку престижни титули на Оскар и е едно од низата филмски ремек-дела на режисерот Стивен Спилберг. Покрај верно прикажаните ефекти од бојното поле и суровоста на војната, во филмот гледачот се соочува со класичен пример на лидерство и посветеност кон извршувањето на задача за спасување на еден човечки живот чие значење командирот (кого одличниот актер Том Хенкс го претставува со сите негови човечки особини), успева на посебен начин да



му го пренесе на секој војник. Борбата со непријателот и соочувањето со него како човечко суштество, кое подеднакво го поседува инстинктот за преживување, се издвојува како посебен психолошки момент кој на ова уметничко филмско дело му дава уште една нова димензија во прикажувањето на човечките судбини од Втората светска војна.
Ако се потсетиме на корените на военото лидерство, тогаш сè она што може да се посака од витешки профилираниот лидер: човечност, бескомпромисна храброст, одлучност и честност, ќе го најдете во филмот „Гладијатор". Верувам дека ретко кој пропуштил да не ужива во настапот на актерот Расел Кроу кој во овој филм ја толкува главната улога во приказната за интригите и за немилосрдната борба за превласт во Римската Империја во која генералот на Римската Империја неправедно станува гладијатор, главниот јунак го издига на тронот на најхрабрите, благодарение на неговата упорност во борбата против злото и неправдата.
Иако филмската индустрија на САД е најголемата во светот, не би сакал да бидам сфатен дека не преферирам и филмови од другите кинематографии во светот. Кога зборувам за филмската обработка на теми од поново време, тогаш не смее да се заборави дека во поранешниот Советски Сојуз, интервенцијата во Авганистан долго важеше за табу–тема во јавноста. Токму на оваа тема, мора да го погледате одличниот руски филм „Деветта рота" во кој периодот пред повлекувањето на советските сили од Авганистан е прикажан на многу едноставен и реален начин. За разлика од холивудските филмски остварувања, главните јунаци во овој интересен филм, режисерот на посебен начин ги приближува до гледачот, при што младите советски војници се претставени многу веродостојно во ужасниот амбиент на Авганистан во кој се одвива дејството на филмот. Ова е еден од поновите филмови од руската кинематографија, па затоа топло им го препорачувам да го погледаат сите оние коишто сакаат да навлезат во психата на младиот човек кој облечен во униформа, нема друг избор, освен да ја изврши задачата која му е доделена.

ФИЛМОТ КАКО ЛЕКЦИЈА

За крај ќе кажам и тоа дека темата за надградување на военото лидерство низ филмовите, не ја одбрав случајно, затоа што веќе од поодамна во многу модерни армии низ светот, филмовите се користат и во наставниот процес. Како пример ќе спомнам дека анализата на филмот „Падот на црниот сокол" најчесто се користи како материјал во делот на научени лекции, во одредени фази од обуката на командниот кадар во армијата на САД. Ќе ја искористам приликата да ги информирам читателите на „Штит" дека во холивудската кинематографија веќе можат да се најдат нови филмски остварувања со актуелни теми од интервенцијата во Ирак и во Авганистан, кои со сигурност може да тврдиме дека се користат не само во надградба на лидерските способности, туку и во другите наставни содржини.
Веруваме дека не постои никаква пречка во процесот на едукација и обука на офицерскиот и подофицерскиот кор на АРМ да се користат посебно одбрани филмови кои ќе го поттикнат младиот старешина на размислување за решавање на одредени состојби кои, пред сè, ќе му помогнат во изборот на одредени решенија во улога на лидер. Да се надеваме дека по угледот на современите армии, тоа нема да биде сфатено само како филмска фикција, туку како нешто што навистина може да се случи и во реалниот живот. Затоа може да заклучиме дека колку повеќе воениот филм ќе наоѓа интересни теми од армискиот живот и тежината на извршувањето на борбените задачи, толку повеќе военото лидерство ќе биде инспирирано за сопствена надградба, токму од филмската уметност, кон која ќе се согласите дека отсекогаш владее нескриена пасија.

Мирче Ѓоргоски

Наслов на оригиналот:

Richard Sorabji and David Rodin
THE ETHICS OF WAR
SHARED PROBLEMS IN DIFFERENT TRADITIONS

Ричард Сорабџи и Дејвид Родин
ЕТИКАТА НА ВОЈНАТА
ИСТИ ПРОБЛЕМИ ВО РАЗЛИЧНИ ТРАДИЦИИ

Печат: **Академски печат** – Скопје 2009

Оваа книга, почитуван читателу, е дел од програмата на Владата на Република Македонија за преведување на 500 стручни, научни книги и учебници од кои се учи на врвните, најдобрите и најреномираните универзитети во САД и во Европската унија.

Во неа се вклучени авторитетни коментари што се однесуваат на принципиелните основи на војната. Уредниците на книгата вешто ги одбрале темите и соработниците со искуство, кои се вистински свесни за временското и за безвременското во оваа значајна тема. Како таква таа многу ќе придонесе за националната дебата во САД за етиката на војната.

Нападите од 11 септември 2001 година и случувањата во Авганистан и во Ирак кои следуваа потоа, предизвикаа забуна и загриженост кај многу луѓе. Оваа интердисциплинарна студија на етиката на војната овозможува одлична ориентација не само за тековните-актуелни, туку и за идните конфликти. Книгата дава осврт на историските традиции на етичката мисла па сè до современите и новопројавени проблеми.

„**Етиката на војната**" открива како различните култури, кои се вклучени во тековните конфликти, ги решавале конфликтите низ вековите. Ценетите автори разработуваат како грчко-римскиот свет, Византија, христијанската праведна војна, исламот, јудеизмот, хиндуизмот и Женевските конвенции се справуваат со постојаните етички проблеми на војната. Врвни есеи од проминентни современи теоретичари зборуваат за суштинските современи прашања со што ја опфаќаат асиметричната војна, превентивната војна, човековите права и хуманитарната интервенција.

Во создавањето на ова дело, видни академици, етички лидери, како и јавни политички личности соработуваа и придонесоа оваа книга да стане иновативен и пристапен водич низ етичките прашања во војната.

За авторите:

Д-р Дејвид Родин е директор на воената програма на Оксфордскиот центар за практична етика на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Оксфорд, Обединетото Кралство и постар/виш истражувач на Центарот за применета филозофија и јавна етика на Националниот универзитет во Австралија. Тој, исто така, е член во Управниот одбор на Програмата за изменетиот карактер на војната на Универзитетот во Оксфорд.

Давид Родин е водечки авторитет на етиката на војната и конфликтите. Тој е виш соработник во Карнеги Советот за етика во меѓународни прашања во Њујорк и виш научен соработник на Универзитетот во Оксфорд. Неговото творештво, вклучувајќи ја и книгата *„Војна и самоодбрана"* (од 2002 год.), за која му беше доделена награда на Американската филозофска асоцијација („Френк Чепман Шарп"), статии во водечки филозофски и правни списанија и голем број други издадени книги.

Тековно ја истражува етиката на превентивната војна, тероризмот и неколку прашања во меѓународното право со поддршка од Ливерхулмската програма на доверители за променливиот карактер на војната.

Дејвид Родин е ангажиран за настава и консултации на Британската здружена команда и на Штабниот колеџ каде ја спроведува обуката за етика на високи старешини до чин генерал со две ѕвезди. Тој, исто така, работел во приватниот сектор како виш соработник со „Бостон консалтинг груп".

Професорот Ричард Сорабџи е почесен професор по античка филозофија на Кралскиот колеџ во Лондон. Професор е по класични студии на Универзитетот во Њујорк и е соработник на Вулфсон колеџот. Тој претходно бил директор на Институтот за класични студии на Универзитетот во Лондон и професор по реторика. Член е на американската Академија на уметностите и науките и надворешен член на Белгиската академија.

Истражувачки области на коишто им се посветува се: војната и меѓународниот конфликт, тероризмот и асиметричната војна; тортурата; бизнис-етика и меѓународно право.

Ричард Сорабџи е ангажиран како советник за НАТО, за УНЕСКО, за Меѓународниот црвен крст, Европската научна фондација, Британското Министерство за одбрана и вооружени сили итн. Предава како редовен предавач на Здружената команда и на Штабниот колеџ на Обединетото Кралство каде се обучуваат високи офицери.

Ова е интердисциплинарна книга. Секоја од културите вмешани во тековните конфликти има традиција во мислата за етиката на војната. Во христијанската традиција, најлиберална е идејата за праведна војна. Но, она што е значајно за секоја страна во расправата, како и за оние што интервенираат, е да ги разберат традициите на другите страни, а не само сопствената. Авторите ги разгледуваат исламската, еврејската и индиската традиција, како и грчко-римските предци на христијанските идеи. Традициите се покажаа како многу значајни за некои од најкритичните етички проблеми со кои денес се соочуваме.

Во **првиот дел од книгата**, во првите седум поглавја, се разгледуваат историските и религиозните традиции за етиката на војната. Во првото од нив, ***Ричард Сорабџи*** се осврнува на праведната војна од античките корени до дебатата за конквистадорите и нејзиното модерно значење. Во второто поглавје ***Ангелики Леу*** го разработува прашањето на праведната војна на источните христијани и светата војна на крстоносците. Во третото поглавје ***Карма Набулси*** се фокусира на идеите за правдата во војната: од Гроцијус до модерното време. ***Џон Келси*** пишува за тврдењата во однос на отпорот во современиот ислам, а ***Ноа Фелдман*** за војната и причината кај Мајмонидес и Авероес. Во следните две поглавја ***Норман Соломон*** го третира прашањето за етиката на војната кај јудаизмот, а ***Ник Ален*** пишува за праведната војна во Махабхарата.

Во **вториот дел од книгата, во следните шест поглавја**, се разработени исто толку значајни теми. Дејвид Родин пишува за етиката на асиметричната војна; Џеф Мекмехан се задржува на превентивната војна и убивањето на невините, а Ричард Норман на прашањето на војната, хуманитарната интервенција и човековите права. За културата, непријателот и забраната за војна пишуваат Ентони Коутс и Ричард Харис кои го обработуваат прашањето на примената на критериумите на праведната војна во периодот од 1959-1989 година. Во последното поглавје Мајкл Квинлан пишува за војните на Британија од 1945 година.

„**Оваа книга ќе биде голем придонес кон меѓународната дебата за етиката на војната**" – *Дејвид Бленкенхорн* – раководител на Институтот за американски вредности во Њујорк.

Препорачувам да ја прочитате оваа интересна книга. Кога тоа ќе го направите, ќе стекнете вредни сознанија за клучните етички прашања за војната и насилството и за конфликтите некогаш и сега, како дел од меѓународното милје. Книгата е добро организирана, има корисен индекс и е напишана на достапен начин. Таа дава оригинален придонес за тековните дебати за сите значајни прашања за општеството во кое живееме.

М-р Јулијана Стојанова

СТРОГО ДОВЕРЛИВО

ПРИЗНАНИЕ ЗА КВАЛИТЕТОТ

Почитувана редакцијо,

Би сакал да ја изразам мојата благодарност до вашиот тим за одличното издание „Штит" во февруари. Бројните написи се интересни, а информациите – корисни. Се надевам дека списанието е достапно и за цивилната заедница и дека Македонците преку него ќе ја согледаат извонредната работа на Министерството за одбрана и на Армијата на Република Македонија.

Честитам и благодарам,
Стивен Т. Џонсон, „Буз Ален Хамилтон"

ОДГОВОР:

Господине Џонсон,

Ви благодариме за убавите зборови и се надеваме дека и понатаму со сите сили и со целосна посветеност ќе ги оправдаме Вашите зборови, а воедно и ќе ја задоволиме потребата на публиката за информации од областа на одбраната.

Со почит, Редакција „Штит"

ПРЕПОЗНАТЛИВ ИМИЏ

Здраво,

Навистина ми се допаѓа концептот на вашето списание. Можам да забележам дека постојано има интересни информации кои во целост го задржуваат моето внимание, особено темите кои ги обработувате во рубриките 180° и Шаржер и софтвер.

Голем поздрав,
Тодорче Стојменов

ОДГОВОР:

Ти благодариме за убавите зборови и се надеваме дека ќе ја оправдаме твојата доверба и во понатамошните изданија.

Поздрав, редакција „Штит"

ПИТОМЦИТЕ ВО ФОКУСОТ

Ви честитам за одличното списание.
Навистина би сакал да прочитам нешто во врска со питомците на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски", како и за питомците кои студираат надвор од Република Македонија. Можев да забележам дека освен во третиот број на „Штит", каде прочитав некои информации во врска со нивната заклетва, во ниеден нареден број нема информации во врска со нашите питомци.

Енис Ути

ОДГОВОР:

Ти благодариме за интересот и се надеваме дека ги задоволуваме твоите стандарди за тоа како треба да изгледа еден магазин кој се занимава со оваа тематика. Како магазин на Министерството за одбрана се обидуваме да ги покриеме сите настани и да информираме за активностите на целата Армија, вклучувајќи ги тука и питомците на Воената академија. Токму затоа, очекувај интересни и информативни страници во следните броеви.

Редакција „Штит"

Почитувани читатели,

Во новото списание воведуваме и новина - директен контакт со вас, верната публика. Земајќи предвид дека вашето мислење е најдоброто мерило за нашиот успех, оваа страница ви ја посветуваме токму вам. Со нетрпение ги очекуваме вашите мислења, предлози и критики кои можете да ги испраќате на e-mail: stit@morm.gov.mk